# ОНЛАЈН БЕЗБЕДНОСТ
## НА НОВИНАРКИ

#SOFJO Водич за ресурси

OSCE
The Representative on
Freedom of the Media

**ОНЛАЈН БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАРКИ —**
**#SOFJO Водич за ресурси**


| | |
|---|---|
| **Авторки:** | Др. Силвиа Чокаро |
| | Сара Кларк |
| | Паулина Гутиерез |
| | Џуди Таинг |
| **Уредничка:** | Кристин Олсон |
| **Проектна службеничка:** | Јулија Хаас |
| **Рецензија:** | Барбора Буковска |
| **Редактура:** | Елизабет Вичел |
| | Тон ван ден Брандт |
| | Лаура Видал |
| | Себастиан Дентон |
| **Дизајнер и уметник:** | Пено Мишојан |



Подготовката на оваа публикација издание беше нарачана од страна на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите во 2020 година. Истата е составен дел од проектот „Онлајн безбедност на новинарки" или #SOFJO.


Ставовите, наодите, толкувањата, препораките и заклучоците изразени во овој документ им припаѓаат на авторите и не секогаш го одразуваат официјалниот став на ОБСЕ и/или нејзините земји членки.

©2020 Канцеларија на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Претставник за слобода на медиумите


Валнерштрасе 6
А-1010 Виена, Австрија, тел.: +43-1 514 36 68 00
Е-пошта: pm-fom@osce.org
https://www.osce.org/rfom/safety-female-journalists-online

ISBN: 978-3-903128-99-6

# **ОНЛАЈН БЕЗБЕДНОСТ**
# НА НОВИНАРКИ

## #SOFJO Водич за ресурси

OSCE
The Representative on
Freedom of the Media

# Содржина

**Предговор:** Согледување на ситуацијата и поглед кон иднината 5

**Резиме:** Еден заеднички пристап и 40 предложени дејствија 13

**Вовед:** За закана за сите е потребно дејство од сите 27

**Преглед:** Меѓународни стандарди за човекови права во чии рамки е опфатена онлајн безбедноста на новинарките 37

**Од зборови на дела:** Што можат да направат клучните чинители 53

1. **Извршна гранка на власта:** Спроведување на политики и практики за зголемена безбедност на новинарките 59
2. **Законодавна гранка на власта:** Усвојување или прилагодување на рамки за побезбедно офлајн и онлајн опкружување 85
3. **Правосудство:** Обезбедување на пристап до правдата и ставање крај на неказнувањето 99
4. **Агенции за спроведување на законот:** Подобрување на методите за заштита и ефикасни истраги 117
5. **Меѓувладини организации:** Од поставување на стандарди до обезбедување помош на државите 135
6. **Интернет посредници:** Почитување на правата на новинарките и промовирање на онлајн безбедност 153
7. **Медиуми:** Заштитата на новинарите започнува на работното место 175
8. **Новинарски организации и саморегулаторни тела:** Организирање на колективно делување и кодекси на однесување 195
9. **Граѓански организации и образовни институции:** Мобилизирање, истражување и споделување на добри практики 213
10. **Новинари и медиумски работници:** Утврдување на приоритети за само-заштита и колегијална поддршка 233

**За авторите**

**Прилог:** Одлука на Министерскиот Совет на ОБСЕ бр.3/18 за безбедност на новинари 245

# Предговор

## Согледување на ситуацијата и поглед кон иднината

# Предговор
## Согледување на ситуацијата и поглед кон иднината

Во 2015 година, поради загриженоста од сѐ поголемиот број на извештаи за новинарки и медиумски работници кои биле нападнати онлајн, Канцеларијата на Претставникот за слобода на медиуми (RFoM) на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) иницираше расправа за справување со родово-засновано онлајн малтретирање на новинари. Овие разговори го поттикнаа започнувањето на проектот Онлајн безбедност на новинарки, или #SOFJO.[1]

Во текот на првите пет години од проектот #SOFJO, Претставникот за слобода на медиуми на многу начини ја заштити родовата различност во рамките на новинарството. Во рамките на нивната овластена функција за рано предупредување, последователните Претставници им посветија посебно внимание на новинарките. Тие ги промовираа перспективите на новинарките со цел да ги поддржат државите за да ги спроведат своите меѓународни обврски. Овој Водич за ресурси го презема следниот чекор, помагајќи им на државите да ги трансформираат своите обврски во пракса.

### › Мрачно место кое мора да се избегне

Во текот на проектот #SOFJO, Канцеларијата на Претставникот за слобода на медиуми започна, заедно со најразлични засегнати страни, иновативни и одржливи иницијативи, вклучувајќи и документи со политики со конкретни препораки за сите релевантни чинители, вклучувајќи влади, медиуми и граѓански организации. Проектот стана една призната платформа за подигање на свеста, развој на колективни

стратегии, и споделување на алатки и ресурси за новинарки кои се мета на напад. Конференциите, затворените групни состаноци, и комуникациската кампања #SOFJO на социјалните медиуми, помогнаа да се создаде една мрежа на поддршка од страна на владите, медиумските организации, академските кругови и чинителите од граѓанското општество од сите земји учеснички на ОБСЕ кои учествуваат во проектот.



Различни публикации, вклучувајќи ги и истражувањата и препораките претставени во публикацијата „Справување со онлајн малтретирање на новинарки“[2] од 2016 година; Извештајот за медиумски плурализам, безбедност на новинарки и заштита на маргинализираните гласови од 2019 година;[3] и публикацијата Правни одговори на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинари[4] од 2019 година, подготвени во соработка со Меѓународниот институт за печат (IPI) од 2019 година, го подобрија сфаќањето на општеството за многуте предизвици и можните понатамошни чекори.

Канцеларијата на Претставникот за слобода на медиуми, во соработка со Меѓународниот иститут за печат, подготви документарен филм на крајот од 2018 година со наслов “A dark place” („Темно место“).[5] Новинарките кои се цел на онлајн малтретирање и злоупотреба можат навистина да се најдат во “едно многу темно место”, како што е изразено во филмот од страна на признатиот новинар Арзу Гејбула од Азербејџан. Документарниот филм споделува искуства на новинарки

кои биле подложени на големо онлајн малтретирање и злоупотреба. Дополнително, адвокатите, медиумските раководители, технолошките специјалисти и родовите експерти ги опишуваат негативните импликации врз медиумската различност и ризикот од само-цензура. Документарниот филм отсекогаш бил, и сè уште е, јавно прикажуван во регионот на ОБСЕ и пошироко. Проекциите често се проследени од моќни панел дискусии во обид да се подигне свеста и да се инспирира промена.

Сега е време да го направиме следниот чекор. Канцеларијата на Претставникот за слобода на медиуми го разви овој сеопфатен #SOFJO Водич за ресурси за да им помогне на државните и недржавните чинители со упатства за подобрување на онлајн безбедноста на новинарките. Овој Водич има за цел да ја пополни празнината помеѓу теоријата и реализацијата на онлајн безбедноста на новинарките.

Добрите практики презентирани во овој водич се примери за начини на кои може да се остварат меѓународните стандарди и обврски за безбедност на новинарите. #SOFJO Водичот за ресурси прикажува системски пристап за чинителите кои се од централно значење за создавање на средина која овозможува медиумска слобода и безбедност на новинарите.

Времето што следи нека биде одбележано од колективна акција, така што новинарките ќе можат да работат без страв, малтретирање и насилство. Време е делата да зборуваат.

Канцеларијата на Претставникот за слобода на медиуми, искрено се заблагодарува на сите соработници за создавањето на овој документ, особено Силвија Чокаро која е автор на текстот, заедно со Сара Кларк,

Паулина Гутиерез и Џуди Таинг. На крајот, би сакал да им се заблагодарам на вработените во Канцеларијата кои придонесоа за уредување и објавување, особено на Кристин Олсон, Јулија Хас, Тон ван ден Брант и Себастијан Дентон.

29 октомври 2020 година



**Јирген Хајсел,**
*Директор на Канцеларијата на Претставникот*
*на ОБСЕ за слобода на медиумите*

Фусноти на крај на поглавјето

**1** Safety of Female Journalists Online (#SOFJO) project of the Office of the OSCE RFoM, https://www.osce.org/fom/sofjo.
**2** "New Challenges to Freedom of Expression: Countering Online Abuse of Female Journalists", OSCE RFoM, 17 September 2015, https://www.osce.org/files/f/documents/4/1/193556.pdf.
**3** OSCE RFoM, Communiqué No. 1/2019, "Media Pluralism, Safety of Female Journalists and Safeguarding Marginalized Voices Online", 29 February 2019, https://www.osce.org/files/2019-02-21%20SOFJO%20Communique.pdf.
**4** Scott Griffen (ed.), "Legal Responses to Online Harassment and Abuse of Journalists: Perspectives from Finland, France and Ireland", OSCE RFoM and IPI, 7 March 2019, https://www.osce.org/files/f/documents/8/9/413549.pdf.
**5** OSCE RFoM, 'A Dark Place: A SOFJO Documentary' Trailer, 2019, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/410423.

# Резиме

## Еден заеднички пристап и 40 предложени дејствија

# Резиме
## Еден заеднички пристап и 40 предложени дејствија

Онлајн безбедноста на новинарките директно влијае на квалитетот на нашите демократии и правото на општеството за пристап до мноштво информации. Овој #SOFJO водич за ресурси дава одговор на празнините кои постојат во решавањето на онлајн безбедноста на новинарките.

Следејќи ја работата на проектот #SOFJO, од страна на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите, овој водич за ресурси има за цел да им помогне на државите и да им даде насоки на сите релевантни засегнати страни, вклучително и недржавни чинители, низ регионот на ОБСЕ, во решавањето на онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарките.

По краток вовед во проблемот и мапирање на меѓународните стандарди за човекови права кои ја поддржуваат онлајн безбедноста на новинарките, предложено е да се спроведат 40 дејствија со еден заеднички пристап. Релевантни примери и ресурси се додадени на овие предложени дејствија.

### › Еден заеднички родово-одговорен пристап

Сите дејствија предложени во #SOFJO Водичот за ресурси треба да се спроведат со родово-одговорен пристап. Ова вклучува: почнувајќи од разбирање на различните услови кои влијаат на работата и животот на мажите и жените од различни групи во општеството; активно групирање на разложени податоци и информации; обезбедување на партиципаторни процеси со повеќе-засегнати страни; правилно опремување на ресурси, планирање и оценување на потребната работа; и осигурување дека мерките насочени кон заштита на новинарките не ги потиснуваат нивните основни права.



**Извршна власт**
Спроведување на политики и практики за зголемена безбедност на новинарките

## Предложени дејствија

1. Воспоставување на национален план за акција за безбедноста на новинарите, во кој се разгледуваат специфичните услови за новинарките;

2. Воспоставување родово-одговорни заштитни мерки;

3. Прибирање податоци за напади врз новинарки за потребите на политиките и истражувањата и за поддршка на кампањи за подигање на свеста со цел да се поттикне ангажманот помеѓу носителите на одлуки и јавноста;

4. Извештај за безбедноста на новинарките до клучните меѓународни механизми за човекови права, како и интегрирање на проблемот во надворешната политика.



**Законодавна власт**
Усвојување или прилагодување на рамки за побезбедно офлајн и онлајн опкружување

# Предложени дејствија

1. Прегледи, кога е потребно, измена или усвојување на закони за промовирање родово-одговорен пристап за безбедноста на новинарите;

2. Осигурување дека законодавството што се однесува на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки не го потиснува правото на слобода на изразување.



**Правосудство**
Обезбедување на пристап до правдата и ставање крај на неказнивоста

# Предложени дејствија

1. Подигање на свеста за родовите прашања преку судскиот систем, бидејќи тоа е од суштинско значење за заштита на новинарките;

2. Зголемување на експертизата кај судскиот персонал за прашања кои се однесуваат на слободата на изразување, безбедноста на новинарите и вознемирување и злоупотреба, офлајн и онлајн;

3. Применување и промовирање на најдобри практики во пристапот до правда, казни и правни средства;

4. Националните институции за човекови права треба да се вклучат во прашањето кое се однесува на безбедноста на новинарите.




**Агенции за спроведување на законот**
Подобрување на методите за
заштита и ефикасни истраги

# Предложени дејствија

1. Унапредување на обуката на агенциите за спроведување на законот за прашањето за онлајн безбедноста на новинарите со родово-одговорен пристап;

2. Преглед и подобрување на родовите согледувања при проценките на ризик од закани и вознемирување;

3. Зајакнување на протоколи, методи и постапки за истрага на кривични дела против новинари и слобода на изразување;

4. Зголемување на дијалогот и координацијата за безбедноста на новинарите помеѓу агенциите за спроведување на законот, медиумите и граѓанското општество.



## Меѓувладини организации

Од поставување на стандарди до обезбедување помош на државите

# Предложени дејствија

1. Примена на родово-одговорни пристапи во стандардите и механизмите за човекови права за безбедност на новинарите;

2. Поддршка на државите во справување со јазот во спроведувањето на меѓународните стандарди за безбедност на новинарите;

3. Помош да се зголемат податоците и истражувањата на кои би можеле да се потпрат иницијативите за онлајн безбедност на новинарките;

4. Утврдување на приоритети за соработка и координација на чинителите за максимално искористување на влијанието.



**Интернет-посредници**
Почитување на правата на новинарките и промовирање на онлајн безбедност

# Предложени дејствија

1. Почитување на меѓународните стандарди за човекови права за слобода на изразување, приватност, учество и недискриминација во политиките и практиката;

2. Осигурување дека политиките за модерирање на содржини се јасни, транспарентни и достапни за корисниците, и дека корисниците се свесни за начинот на кој се модерира содржината, што претставува онлајн малтретирање и злоупотреба, и како да се пријави;

3. Усвојување пристапи ориентирани кон корисникот и пристапи засновани на недискриминација, во целосното работење;

4. Транспарентно и конзистентно постапување со отстранување на содржина и барања за податоци на корисници;

5. Промовирање на улогата на жените во новинарството.




## Медиуми

Заштитата на новинарите започнува
на работното место

# Предложени дејствија

1. Подобрување на културата на работното место со сеопфатни политики за безбедност и за род;

2. Обезбедување поддршка и обука за новинари кои се соочуваат со онлајн малтретирање и злоупотреба;

3. Развој на родово-одговорни упатства за заедницата за интерактивни онлајн платформи;

4. Следење и документирање на онлајн злоупотреба и малтретирање на новинарки, вклучително и хонорарци.



## Новинарски организации и саморегулаторни тела

Организирање на колективна акција
и кодекс на однесување

# Предложени дејствија

1. Зголемување на колективната акција и застапување за подобрување на безбедноста и другите услови за работа на новинарките;

2. Зајакнување на капацитетите преку колегијални мрежи, обука и друга практична поддршка;

3. Документирање напади и користење информации за да се зголеми свеста кај клучните чинители;

4. Промовирање на вклучување на прашања за безбедност и родова еднаквост во работата на саморегулаторните тела.



## Граѓански организации и образовни институции

Мобилизирање, истражување и споделување на добри практики

# Предложени дејствија

1. Зголемување на податоците, знаењето и свесноста за родово-заснованото малтретирање и злоупотреба меѓу клучните чинители и општеството во целина;

2. Здружување на силите за унапредување на спроведувањето на стандардите за безбедност, и другите работни услови за новинарки на национално ниво;

3. Подготовка на холистички обуки за заштита и едукативни материјали;

4. Интегрирање на безбедноста на новинарите и родовата еднаквост во активностите на институциите за образование и обука во областа на новинарството




## Новинари и медиумски работници

Утврдување на приоритети за самозаштита и колегијална поддршка

# Предложени дејствија

1. Следење и проценка на ризикот за новинарките;

2. Практикување холистички пристап кон безбедноста и сигурноста, вклучувајќи и физичка, правна, психосоцијална и дигитална безбедност;

3. Документирање и пријавување закани и напади;

4. Поддршка на колегите кои се соочуваат со онлајн злоупотреба и малтретирање, како и оние кои се изложени на поголем ризик да доживеат такви напади;

5. Информирање за достапните форми на поддршка, вклучувајќи ги и правните механизми.


ИЗВРШНА ВЛАСТ
ПРАВОСУДСТВО
МЕДИУМИ
NEWS MEDIA
НОВИНАРИ И МЕДИУМСКИ РАБОТНИЦИ
NEWS
НОВИНАРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И САМОРЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА
МЕЃУВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ
ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ
ИНТЕРНЕТ-ПОСРЕДНИЦИ
АГЕНЦИИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ
POLICE
P
ЗАКОНОДАВНА ВЛАСТ
@
#SOFJO

# Вовед

# **Вовед**
## При закана за сите е потребно дејство од сите

„Вечерва ќе те силуваат“.

„Зарем нема храбар колега што би можел да го издува огнот од оваа огнена кучка?

„Дали некој знае каде живее или кои места редовно ги посетува?“

“Размислувам да те ебам како предупредување или заплашување на другите.”[1]

Ова се само неколку примери на објави на социјалните мрежи кои ги добиле новинарки[2], кои, за жал и алармантно, не се исклучоци. Шеесет и три проценти од новинарките во одреден момент добиле закани или биле онлајн малтретирани само затоа што си ја вршеле својата работа.[3] Според истражувањето на Гардијан, кај новинарките четири пати е поголема веројатноста да доживеат вакви напади отколку нивните машки колеги.[4]

За повеќето новинарки ширум светот, онлајн малтретирањето и злоупотребата стана голема опасност за оваа професија и закана за нивната способност да ја извршуваат својата работа, со што се нарушува нивното право на слобода на изразување и се попречува слободниот и отворен пристап до информации за сите членови на општеството. „Размислував повеќе да не бидам присутна на социјалните медиуми“, вели уредничката за политика на Би-Би-Си, Лора Куенсберг, во документарниот филм „Темно место (A Dark Place)“ на Претставникот за слобода на медиумите (RFoM) во соработка со Меѓународниот институт за печат, „но, тогаш луѓето што се таму на социјалните медиуми, кои сакаат информации, а тоа е најважно за мене, тогаш тие губат, а потоа јас губам“.

Сите новинари од целиот свет се соочуваат со зголемени закани и насилство како резултат на нивната работа.[5] Многу често, цената за објавување на вистината е во форма на закани, надзор, напади, произволно апсење и притвор, и - во најтешките случаи - присилно исчезнување или убиства. Владите и другите моќни чинители продолжуваат да ги замолчуваат оние кои бараат одговорност од нив, во обид да ги избегнат критиките и осудата и да ги потиснат несогласувањата.[6]

Новинарките се соочуваат со дополнителен ризик, особено поради нивниот пол. Ова никаде не е толку очигледно колку што е во родово-заснованото онлајн малтретирање и злоупотреба. Појавите на онлајн малтретирање и злоупотреба може да бидат во форма на директни или индиректни закани за физичко или сексуално насилство, навредливи пораки и насочено вознемирување (често во форма на „натрупување", т.е. со повеќе сторители координирани против поединец), па сè до прекршувања на приватноста (како што се следење, споделување интимни слики без согласност и „доксирање", односно, објавување приватни информации, домашна адреса на метата на малтретирање).[7] Секоја од овие форми на малтретирање или злоупотреба може различно да се дефинира во домашното законодавство или во препораките на регионалните и меѓународните тела за човекови права. Другите чинители во областа, како што се компаниите за социјални медиуми и академиците, исто така, изработија свој лексикон за конципирање на оваа појава.[8] Иако не постои универзално прифатена терминологија, овој Водич за ресурси го користи терминот "онлајн малтретирање и злоупотреба" како генерички термин за да се опише видот на однесувањето споменато погоре.

Иако и мажите и жените новинари се цел на онлајн малтретирање и злоупотреба, формата и зачестеноста на нападите со кои се соочуваат жените се особено вознемирувачки,[9] присилувајќи многу новинарки да прекинат со работа или да размислат за напуштање на

професијата. Според една глобална студија, приближно 40 проценти од новинарките рекле дека избегнале да известуваат за одредени приказни како резултат на онлајн вознемирување.[10] Насилството врз новинарките не се случува во вакуум. Тоа е суштински поврзано со тоа како жените се покоруваат во патријархалните општества и со поврзаните фактори кои ја потиснуваат родовата еднаквост, како што се разликите во платите, исклучувањето од процесите на одлучување и поголемиот товар на неплатена семејна грижа. Новинарките честопати се цел кога се многу забележливи и кога го кажуваат тоа што го мислат во својата работа, особено кога ги оспоруваат долгогодишните родови норми и стереотипи.[11] Новинарките се соочуваат со напади не само од оние кои се обидуваат да го замолчат нивното известување, туку и од извори и колеги, па дури и од членови на семејството. Во многу случаи, тие не се безбедни дури и во простории каде што треба да бидат заштитени, како што се нивните редакции.[12]

Јасно е дека видот на заканите и нападите со кои се соочуваат новинарите, како и влијанието што овие закани и напади го имаат, се често условени и варираат во зависност од полот и други фактори, како што се расата и етничката припадност, религијата или верата, сексуалната ориентација, возраста и социјалната група.[13] Отежнувачки фактори се работата како хонорарец,[14] или известување за теми кои се покажале како поризични, како што се корупцијата,[15] организираниот криминал,[16] прашања поврзани со животната средина,[17] човековите права, а особено правата на жените, а да не ги споменуваме и ризиците од известување за конфликтни ситуации.[18] Разбирањето на овие разлики и како новинарите кои припаѓаат на различни групи можат поинаку да доживеат одредени закани во споредба со нивните колеги, е од суштинско значење за развој на сеопфатни, прилагодени мерки за спречување, заштита и преземање средства во однос на напади врз новинари. За жал, многу законски акти, јавни политики и други мерки воведени од Државите ја немаат оваа родова и интерсекционална димензија.

## › Родово-одговорен пристап со повеќе чинители кон онлајн безбедноста на новинарките

Целта на овој Водич за ресурси е директно да одговори на јазовите кои постојат во обезбедувањето соодветен одговор за онлајн безбедноста на новинарките. Во текот на последната деценија имаше ветувачки напредок меѓу учесниците во однос на нивните разбирања и интегрирања на родовите пристапи во напорите за унапредување на безбедноста на новинарите. Меѓународните стандарди за човекови права сè повеќе повикуваат на родово-одговорен пристап кон безбедноста на новинарите, а има и има сè поголем број истражувања за проблемот со нападите врз новинарки, вклучувајќи и онлајн малтретирање и злоупотреба со кои тие сè повеќе се соочуваат. На национално ниво, може да се забележи дека медиумите и групите на граѓанското општество вложуваат повеќе труд во развој на алатки и програми за новинарите за решавање и спречување на родово-засновано малтретирање и злоупотреба.

Сепак, потребни се уште посилни напори. Справувањето со родово-заснованото онлајн малтретирање и злоупотреба, како и прашањето за насилството врз новинарките во целина, мора да вклучува кампањи за подигање на јавната свест за подобрување на социјалните норми и еднаквоста на работното место, истовремено уверувајќи се дека женските гласови се слушаат сè повеќе во сите медиуми, особено во врска со прашања што во голема мера им беа доделени на мажите, како што е политиката. Потребен е пристап на повеќе засегнати страни кој вклучува различни гранки на власта, меѓународни и регионални тела, медиумски чинители, интернет-посредници и разни чинители од граѓанското општество. Важно е дека новинарките, вклучувајќи ги и оние кои имаат искусено онлајн напади, се вклучени во развојот

на пристапи и решенија за решавање на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки. Се разбира, секоја поддршка што им се дава на новинарките мора да биде со нивна изречна согласност.

Овој Водич за ресурси има за цел да идентификува конкретни понатамошни чекори за различните засегнати страни во зајакнувањето на онлајн безбедноста на новинарките, со примена на холистичка перспектива. Овој Водич вклучува десет поглавја, секое посветено на поинаков клучен чинител. Во секое поглавје е опишана серија на предложени дејствија за мерки за решавање на родово-заснованото онлајн малтретирање и злоупотреба, по што следуваат примери на постоечките мерки и листа на корисни ресурси.

Намената на овој Водич за ресурси не е да биде едно сеопфатно истражување на целата работа поврзана со ова прашање, ниту пак ги наведува сите конкретни чекори кои треба да се преземат. Водичот има за цел да ја поттикне способноста на засегнатите страни да ги идентификуваат сопствените јазови, како и да ги надополни информациите кои што можат да поддржат создавање или подобрување на алатки или иницијативи за справување со онлајн вознемирување и злоупотреба на новинарки.

За државните чинители, овој Водич за ресурси содржи чекори и согледувања кои можат да ги преземат извршната власт, законодавната власт, судството и агенциите за спроведување на законот. Овие предложени дејствија вклучуваат законски прегледи и реформи, изработка на национални планови за акција, и градење на дијалог. Водичот за ресурси, исто така, предлага мерки за интегрирање на родово-одговорен пристап преку државните институции, истражувања, и механизми за безбедност на новинари, како и воспоставување на

програми за изградба на капацитети за државни службеници. Меѓу првите пет поглавја што ги опфаќаат државните чинители, едно укажува на улогата на меѓувладините тела, со нагласување на пристапи за подобрување на меѓународните стандарди за човекови права и нивна делотворна имплементација на национално ниво.

Овој Водич за ресурси продолжува со уште пет поглавја кои ги опфаќаат препорачаните дејствија за не-државните чинители: интернет-посредници; медиуми; новинарски организации и чинители со клучна улога во независна саморегулација; граѓански организации и образовни институции; како и индивидуални новинари и медиумски работници. Препорачаните мерки вклучуваат: подобрување на капацитетите преку обука за дигитални алатки и правни знаења; развој на мрежи за колегијална поддршка и други психосоцијални ресурси; зајакнување на проценките на ризик и протоколите за известување и одговор на онлајн вознемирување; водење кампањи за подигање на свеста; и залагање за еднаквост на работното место. Во делот за недржавни чинители, исто така, се утврдуваат начини на кои различните засегнати страни можат да го подобрат родово-одговореното документирање на онлајн нападите. Поттикнување на соработка и координација помеѓу засегнатите страни е една сеопфатна препорака.

Овој Водич за ресурси вклучува и дел за меѓународните стандарди за човекови права кои важат за безбедноста на новинарките. Важно е дека се почитуваат основните човекови права на слобода на изразување и приватност при решавање на родово-засновано онлајн малтретирање и злоупотреба.

За жал, не постои ништо виртуелно во врска со онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарките. Тоа е вистински проблем за кој се потребни вистински решенија.

## Фусноти на крај на поглавјето

**1** Quotes from the documentary "A Dark Place", produced by the OSCE RFoM, in co-operation with the IPI. For the trailer, see: https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/410423.
**2** Inclusive of all journalists who identify as women. "Female journalists" and "women journal- ists" are used interchangeably.
**3** Michelle Ferrier, Attacks and Harassment The Impact on Female Journalists and Their Reporting, International Women's Media Foundation, TrollBusters, Washington, 2018 https://www.iwmf.org/wp-content/uploads/2018/09/Attacks-and-Harassment.pdf.
**4** Becky Gardiner et al., "The dark side of Guardian comments", The Guardian, 12 April 2016, https://www.theguardian.com/technology/2016/apr/12/the-dark-side-of-guardian-comments.
**5** ARTICLE 19, Global Expression Report 2018/19, London, 2019, https://www.article19.org/ xpa-2019/.
**6** Ibid.
**7** ARTICLE 19 and ILGA Europe, "Third Party intervention submission in the European Court for Human Rights, Andrea Giuliano and Hungary, App. No. 45305/16", 2 March 2020, https://www.article19.org/wp-content/uploads/2020/03/Guiliano-v-Hungary-Submission-2-March-2.pdf.
**8** Ibid.
**9** APC, "Online gender-based violence: A submission from the APC to the UN Special Rap- porteur on violence against women, its causes and consequences", 2017, https://www.apc.org/sites/default/files/APCSubmission_UNSR_VAW_GBV_0_0.pdf.
**10** Op. cit. endnote 3.
**11** UN General Assembly, Human Rights Council, Report by the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences, "Combating violence against women journalists", A/HRC/44/52, 2020, https://undocs.org/en/A/HRC/44/52.
**12** Barbara Trionfi and Javier Luque Martinez, "Newsroom Best Practices for Addressing Online Violence against Journalists: Perspectives from Finland, Germany, Poland, Spain and the Unit- ed Kingdom", IPI, in co-operation with the OSCE RFoM, June 2019, https://newsrooms-on-theline.ipi.media/wp-content/uploads/2019/06/IPI-report-online-harassment-06032019.pdf. Silvia Chocarro, The safety of women journalists: Breaking the cycle of silence and violence. IMS Defending Journalism book series, International Media Support, 2019, https://www.mediasupport.org/publication/the-safety-of-women-journalists/.
**13** Amnesty International, "Toxic Twitter - A toxic place for women", 2018, https://www.amnes- ty.org/en/latest/research/2018/03/online-violence-against-women-chapter-1/#topanchor.
**14** Committee to Protect Journalists, "The Best Defense: Threats to journalists' safety demand fresh approach", 2017, https://cpj.org/reports/2017/02/best-defense-threats-safety-journalists-free-lance-emergencies-attack-digital/.
**15** Transparency International, "The High Costs Journalists Pay When Reporting on Corrup- tion", 2020, https://www.transparency.org/en/news/the-high-costs-journalists-pay-when-reporting-on-corruption#.
**16** Reporters Without Borders, "Journalists: the bête noire of organized crime", 2018, https://rsf.org/sites/default/files/en_rapport_mafia_web_0.pdf.
**17** Reporters Without Borders, "Hostile climate for environmental journalists", 2015, https://rsf.org/sites/default/files/rapport_environnement_en.pdf.
**18** eporters Without Borders, "Women's rights: forbidden subject", 2018, https://rsf.org/sites/default/files/womens_rights-forbidden_subject.pdf.

# Преглед

## Меѓународни стандарди за човекови права во чии рамки е опфатена онлајн безбедноста на новинарките

# Преглед
## Меѓународни стандарди за човекови права во чии рамки е опфатена онлајн безбедноста на новинарките

Демократијата зависи од способноста на новинарите слободно, еднакво и безбедно да ја зборуваат вистината пред моќниците, да истражуваат злоупотреби и корупција, да придонесат и да ја зајакнат јавната дебата и дијалог, како и да им обезбедат информации на луѓето. Меѓутоа, опкружувањето кое е потребно за новинарите да ја остварат оваа клучна улога во општеството, постојано се деградира низ целиот свет, вклучително и во регионот на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ). Се зголемуваат директните и индиректните форми на замолчување, вклучувајќи физичко, правно, психолошко и онлајн вознемирување, закани и насилство.[1] Овој тренд не може да се промени ако рамката на меѓународните стандарди за човекови права не се преточи во делотворни јавни политики. Бидејќи машките и женските новинари се цел на насилство и се изложени на влијание од насилство на различен начин и бидејќи начинот на кој тој проблем треба да се реши зависи од полот и други форми на испреплетени фактори, родовата перспектива е исто така потребна.

Во овој дел накратко се истакнуваат најрелевантните меѓународни стандарди за слобода на изразување, еднаквост и недискриминација на жените, како и за безбедност на новинарите, што треба да ги поткрепат политиките и практиките за справување со родово-заснованото онлајн малтретирање и злоупотреба.[2]

## › Правото на слобода на изразување не треба да биде уште една жртва на онлајн малтретирање и злоупотреба

Онлајн малтретирањето и злоупотребата го потиснуваат правото на слобода на изразување на новинарот кој е мета на напад - кој може да биде изложен на притисок за само-цензурирање поради безбедносни проблеми, или психичко страдање - како и слободата на изразување на други новинари - кои би можеле да бидат заплашени и загрижени за онлајн одмазда заради нивното известување. Бидејќи ова негативно влијае на правото на целото општество за пристап до разновидни мислења и информации, потребни се делотворни мерки за да се спречи онлајн малтретирањето и злоупотребата. Сепак, истовремено таквите мерки мора да бидат преземени со целосно разбирање на меѓународните стандарди за човекови права за изразување и слобода на медиумите, со цел да се избегне понатамошното кршење на овие права.

Меѓународните стандарди за човекови права го гарантираат правото на слобода на изразување, како што е член 19 од Универзалната декларација за човекови права,[3] и член 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (ICCPR),[4] Регионалните договори за човекови права, како што е Европската конвенција за човекови права,[5] исто така, го изразуваат ова право.

Опсегот на правото на слобода на изразување е опсежен и се однесува на општеството во целина. Потребно е државите на сите луѓе да им гарантираат слобода да бараат, примаат и споделуваат информации или идеи од секаков вид, без оглед на границите, и преку кој било медиум по избор на личноста.

Значајно е што Советот за човекови права на Обединетите нации (Совет за ЧП на ОН), договорно тело од независни експерти формирано за следење на спроведувањето на Меѓународниот договор за граѓански и политички права (ICCPR) од страна на неговите договорни држави, признава дека заштитата на слободата на изразување во ICCPR ги вклучува сите форми на електронски и интернет-засновани начини на изразување.[6] Секое ограничување на форми на комуникација или изразување на Интернет мора да се оправда во согласност со истите критериуми, како и не-електронските или офлајн комуникации, како што е наведено подолу.[7]

## › Законитост, легитимитет и неопходност и пропорционалност: Трипартитен тест за ограничување на слободата на изразување

Според меѓународните стандарди за човекови права, ограничувањата на слободата на изразување се дозволени само доколку го поминат она што е познато како трипартитен тест за законитост, легитимитет и неопходност и пропорционалност наведени во член 19.3 од ICCPR.[8]

Првиот дел од тестот, законитоста, се однесува на фактот дека **ограничувањата на слободата на изразување мора да бидат пропишани со закон.** Овие закони или прописи мора да бидат достапни за јавноста и да бидат формулирани доволно прецизно и јасно за да се обезбедат доволно насоки за оние лица кои се задолжени за нивното извршување, со цел да им се овозможи да утврдат кои изрази се соодветно забранети, а кои не, за да спречат нивна злоупотреба или погрешно користење од страна на надлежните органи.

Вториот критериуми кој мора да бидат исполнет од страна на Државите подразбира дека **ограничувањата на слободата на изразување мора да служат за легитимна цел,** која, според член 19.3 од ICCPR, вклучува почитување на правата или угледот на другите, или заштита на националната безбедност, јавниот ред, јавното здравје, или моралните вредности.

Конечно, кое било **ограничување на слободата на изразување мора да биде неопходно и пропорционално со целта кон која се тежнее во демократското општество,** особено преку воспоставување директна и непосредна врска помеѓу изразот и заканата.

Во член 20.2, ICCPR пропишува дека секое застапување на национална, расна или верска омраза што претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство мора да биде забрането со закон. Во својот преглед на член 19 од 2011 година, Советот за човекови права на Обединетите нации (Совет за ЧП на ОН) наведе дека ограничувањата според член 20 од ICCPR, исто така, мораат да бидат во согласност со тестот од три дела утврден во член 19.3 од ICCPR.[9]

Соодветно на тоа, сите напори за решавање на онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарки што подразбира директни или индиректни ограничувања на правото на слобода на изразување, мора да бидат во согласност со строгите барања на тестот од три дела.

## › Право на еднаквост и недискриминација

Родово-заснованото малтретирање и злоупотреба на новинарите може да ги прекрши другите права на поединците, надвор од слободата на изразување. Тоа ја загрозува можноста за учество во новинарските активности под еднакви услови. Тоа, исто така, ги продлабочува постоечките дискриминаторски општествени норми и родовите стереотипи кои ја преиспитуваат способноста на новинарките да ја извршуваат својата новинарска активност. Медиумскиот плурализам не може да надвладее без жените да можат слободно и безбедно да известуваат.

Правото на еднаквост и недискриминација и правото на слобода на изразување се меѓусебно поддржувачки и зајакнувачки права. Двете права можат да бидат ефективно остварени кога се преземаат координирани и фокусирани дејствија за унапредување на овие права.

Меѓународното право за човекови права предвидува еднаквост и недискриминација за сите. Постојат јасни обврски за државите да гарантираат еднаквост во уживањето на човековите права и да понудат еднаква заштита од законот. Принципот на недискриминација забранува какво било истакнување на разлики, исклучување, ограничување или давање предност на некое лице врз основа на заштитена карактеристика, призната со меѓународното право за човекови права.[10]

Неколку меѓународни документи потврдуваат, појаснуваат и елаборираат за тоа како правото на еднаквост и недискриминација треба да се применува кај жените. Конвенцијата за елиминација на дискриминацијата против жените (CEDAW), усвоена во 1979 година од страна на Генералното собрание на Обединетите нации (ГС на ОН) како еден вид на меѓународен закон за правата на жените, ја дефинира дискриминацијата на жените како "какво било истакнување на разлики, исклучување или ограничување врз основа на полот што има ефект или цел да го наруши или поништи признавањето, уживањето или користењето на правото од страна на жените, без оглед на нивниот брачен статус, врз основа на еднаквост на мажите и жените, на човековите права и основните слободи во политичката, економската, социјалната, културната, граѓанската или која било друга област".[11]

Специфична референца за новинарките може да се најде во CEDAW Општа препорака бр. 35 за родово-засновано насилство, каде што се тврди дека штетните практики и кривични дела против бранителите на човековите права на жените, активистите или новинарите, исто така претставуваат форми на родово насилство врз жените погодени од културни, идеолошки и политички фактори.[12] Воедно, препораката предвидува дека "Договорните држави треба да усвојат и спроведат различни мерки за да се справат со родовото насилство врз жените".[13]

Во Пекиншката декларација и платформа за акција, усвоена од земјите членки на ОН во 1995 година, жените и медиумите беа препознаени како едни од нејзините 12 критични области на загриженост, особено во врска со потребата да се зголеми учеството и пристапот на жените до изразување и носење одлуки во, и преку медиумите, и нови технологии на комуникација; исто така, обрнувајќи внимание на вредноста на урамнотежен и нестереотипен приказ на жените во медиумите.[14]

Во Одлуката на Министерскиот Совет на ОБСЕ за спречување и борба против насилството врз жените бр.4/18, земјите учеснички се обврзаа да го спречат и да се борат против насилството врз жените кое, исто така, се однесува на новинарките. Со Одлуката беше препознаено дека "жените вклучени во професионални активности со јавно изложување и/или во интерес на општеството, имаат поголема веројатност да бидат изложени на специфични форми на насилство или злоупотреба, закани и малтретирање, во врска со нивната работа." Овие обврски договорени од страна на сите држави, помеѓу другото, обезбедуваат пристап до правдата, како и ефикасна истрага и гонење на сторителите, истовремено почитувајќи ги нивните права на приватност; придонес за спречување и борба со сите форми на насилство со кои се соочуваат жените; и преземање акција за решавање на злоупотреба, закани и вознемирување, вклучително и преку дигитални технологии.[15]

Специјалниот известувач на ОН за насилство врз жените, неговите причини и последици и Специјалниот известувач на ОН за промоција и заштита на правото на слобода на мислење и изразување се здружија на Меѓународниот ден на жената во 2017 година за да ги повикаат државите и компаниите да го решат проблемот со онлајн родово-заснованото насилство, во исто време предупредувајќи против цензура. Известувачите повикаа на решенија засновани на човекови права за справување со средините кои што овозможуваат злоупотреба, со кои често пати се соочуваат жените онлајн.[16]

## › Офлајн човековите права мора да бидат заштитени онлајн

Од суштинско значење е да се разбере како меѓународните стандарди за човекови права се прошируваат во дигиталната сфера, при

решавање на родово-заснованото онлајн малтретирање и злоупотреба на начин со кој се промовира, а не се компромитира, безбедноста на новинарите.

Во 2013 година, ОН објавија дека сите човекови права се подеднакво применливи онлајн. Во Резолуција 32/13 на Советот за човекови права на ОН (Комитет за ЧП на ОН) за промоција, заштита и уживање на човековите права на Интернет беше наведено дека „истите права што луѓето ги имаат офлајн, исто така, мора да бидат заштитени онлајн, особено слободата на изразување, која е применлива без оглед на границите и преку кој било медиум по сопствен избор, во согласност со член 19 од Универзалната декларација за човекови права".[17] Исто така, ги повика Државите да го подобрат пристапот на жените до Интернет, и да ја премостат дигиталната родова поделба.[18]

Комуникациските технологии ги проширија алатките за секој да може да го изрази своето мислење. Во исто време, овие алатки се подложни на набљудување и следење, што би можело да ги загрози човековите права на луѓето, особено правото на приватна комуникација. Ова право е пропишано во член 17 од ICCPR, кое гласи дека "никој не може да биде подложен на произволно или незаконско вмешување во неговата приватност, семејство, дом или кореспонденција, ниту на незаконски напади на неговата чест и угледот".[19]

Иако стандардите за човековите права нудат заштита против надзор, тоа сè уште претставува еден вистински ризик, особено за новинарите кои, заради нивната работа, се повеќе склони да подлежат на незаконски вмешувања кои можат да доведат до нивно замолчување. Поради оваа причина, алатките за шифрирање (енкрипција) и анонимноста се од клучно значење за да се овозможи безбедно остварување на правото

на слобода на изразување во дигиталната ера.[20] Ограничувањата на енкрипцијата и анонимноста мора да бидат строго ограничени според тестот од три дела за: 1) законитост, 2) легитимитет, и 3) неопходност и пропорционалност.[21] Одлуката на Министерскиот Совет на ОБСЕ бр.3/18 за безбедност на новинари (како анекс) го призна ова, повикувајќи ги Државите "да се воздржат од произволно или незаконско вмешување во употребата на технологии за енкрипција и анонимност од страна на новинарите, и да се воздржат од користење незаконски или произволни техники за надзор".[22]

## › Растечкото тело од стандарди за човекови права ја промовира безбедноста на новинарите

Отворени, инклузивни и демократски општества не можат да постојат без информирани луѓе. Кога новинарството е нападнато, се напаѓа правото на информации на секое лице. Според меѓународното право за човекови права, државите имаат обврска да ја заштитат новинарската фела. Бројот на меѓународни документи кои го отсликуваат начинот на кој треба да се направи истото се зголеми во текот на последната деценија. Овие документи во различна мера ги препознаваат родово-заснованите закани и потребата од родово-одговорен пристап.

Меѓународните тела изготвија дефиниција во функционална смисла за тоа кој е новинар во дигиталната ера. Во Општ коментар 34 од 2013 година на Советот за човекови права на ОН се дефинира функцијата на новинарството како "функција на голем број чинители, вклучувајќи професионални репортери со полно работно време и аналитичари, како и блогери и други лица кои се ангажираат во форми на само-објавување во печатена форма, на Интернет или на друго место".[23]

Според Советот на Европа, за „новинар" се смета она лице „кое врши новинарски активности или спроведува функции на јавен надзор".[24]

ОН постојано ја препознава важноста за зајакнување на безбедноста на новинарите во последниве години. Во 2012 година, Советот за човекови права на ОН ја донесе својата прва одлука за безбедност на новинарите, повикувајќи ги Државите "да промовираат безбедна и поволна средина за новинарите да можат да ја вршат својата работа независно и без непотребно вмешување",[25] вклучувајќи подигање на свеста, следење и известување, јавно осудување на нападите, и посветување неопходни ресурси за истражување и гонење на таквите напади, преку законодавни мерки. Пред оваа одлука, УНЕСКО и Советот за безбедност на ОН (UNSC) усвоија два текста за прашањето за безбедност на новинарите. [26]

Од усвојувањето на Резолуцијата 32/13 од 2012 година, Комитетот за ЧП на ОН, Генералното собрание на ОН (UNGA), UNSC и Генералната конференција на УНЕСКО донесоа повеќе од десет резолуции за безбедност на новинарите; некои од овие резолуции се конкретно фокусирани на безбедноста на новинарките,[27] како што е Резолуцијата 74/157 на UNGA од 2019 година.[28] Резолуцијата 45/17 (2020 година) на Советот за ЧП на ОН конкретно ги повика државите да "преземат мерки за спречување на сексуалното вознемирување и други форми на сексуално и родово-засновано насилство" врз новинарки, офлајн и онлајн.[29] Покрај тоа, објавени се и различни извештаи за спроведување на овие резолуции.[30] Имено, извештајот за спроведување на Генералниот секретар на ОН од 2017 година се фокусираше на безбедноста на новинарките.[31] Во 2020 година, Специјалниот известувач на ОН за насилство врз жените, причините и последиците за истото, објави извештај фокусиран на борбата против насилството врз новинарки.[32]

Во 2012 година, беше дизајнирана и усвоена првата повеќеагенциска стратегија на ОН. Планот за акција на ОН за безбедност на новинари и прашањето за неказнувањето повикува на „родово-чувствителен пристап" за безбедноста на новинарите и борбата против неказнувањето, и ја водеше работата на ОН за ова прашање, во координација со други чинители.[33]

Вклучувањето на безбедноста на новинарите во Целите за одржлив развој (SDGs) е уште еден показател за нејзиното значење за глобалните човекови права и развој. Целите за одржлив развој 16 имаат за цел „да промовираат мирни и инклузивни општества за одржлив развој, да обезбедат пристап до правда за сите и да изградат делотворни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа".[34] Индикатор 16.10.1. го оценува „бројот на убиства, киднапирања, присилно исчезнување, произволен притвор и тортура на новинари".[35]

Во 2018 година, земјите учеснички на ОБСЕ ја усвоија својата прва Одлука фокусирана на безбедноста на новинарите, Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр.18/03 за безбедност на новинари. Оваа Одлука, донесена со консензус на сите 57 земји учеснички на ОБСЕ, ги повикува овие земји учеснички да ги спречат, заштитат и кривично да ги гонат нападите против новинарите. Покрај тоа, истата изразува загриженост во врска со "посебните ризици со кои се соочуваат новинарките во врска со нивната работа, вклучувајќи и преку дигитални технологии", и ја нагласува "важноста да се обезбеди нивна најголема можна безбедност и дека искуствата и проблемите на новинарките се делотворно решени".[36] Одлуката, исто така, ги повикува државите "јавно и категорично да ги осудат нападите врз новинарките во врска со нивната работа, како што се сексуално вознемирување, малтретирање, заплашување, закани и насилство,

вклучувајќи преку дигитални технологии.[37] Иако ова е првата одлука на ОБСЕ која се фокусира на безбедност на новинарите, постојат многу стандарди од ОБСЕ за слобода на изразување, слобода на медиуми и пристап до информации,[38] како и неколку водечки публикации за безбедност на новинарите.[39]

## › Бизнисите мора да ги почитуваат меѓународните стандарди за човекови права

Иако првично се осврнува на државите, меѓународната рамка за човекови права, исто така, се применува и за деловните субјекти, како што се компаниите за социјални медиуми, што значи дека овие компании треба да ги почитуваат човековите права. Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права образложуваат дека компаниите имаат обврска да "избегнат предизвикување или придонес во насока на негативни влијанија врз човековите права преку своите активности и да ги решаваат ваквите влијанија како што се случуваат", како и да спречат или ублажат негативни влијанија врз човековите права кои се директно поврзани со нивното работење, производи или услуги, од страна на нивните деловни односи, дури и ако тие самите не придонеле директно за тие влијанија.[40]

Во 2019 година, Меѓународната организација на трудот ја усвои Конвенцијата 190 за насилство и вознемирување во светот на бизнисот, со која се признава правото на секое лице да работи без насилство и вознемирување, вклучително и родово насилство и малтретирање, бидејќи истото претставува закана за еднакви можности. Ги повикува државите да ги обврзат бизнисите да не толерираат никакво насилство и малтретирање.[41]

## Фусноти на крај на поглавјето

**1** ARTICLE 19, Global Expression Report 2018/19, London, 2019, https://www.article19.org/ xpa-2019/.
**2** For more information on international standards that apply to freedom of expression and women's equality, see ARTICLE 19, Freedom of Expression and Women's Equality: Ensuring Comprehensive Rights Protection. London, 2020.
**3** UN Universal Declaration of Human Rights, 10 December 1948, https://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/.
**4** UN General Assembly, Resolution 2200A (XXI), International Covenant on Civil and Political Rights, 16 December 1966, entry into force: 23 March 1976, Article 49, https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/ccpr.aspx.
**5** Council of Europe, European Convention on Human Rights, entry into force: 21 September 1970, https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_ENG.pdf.
**6** UN Human Rights Committee, General Comment No. 34, Article 19: Freedoms of opinion and expression, CCPR/C/GC/34, 12 September 2011, paragraph 11, https://www2.ohchr.org/english/bodies/hrc/docs/gc34.pdf.
**7** Ibid.
**8** Op. cit. endnote 4.
**9** Op. cit. endnote 6, paragraph 50ff.
**10** UN Human Rights Committee, CCPR General Comment No. 18: Non-discrimination, 10 November 1989, paragraph 6, https://www.refworld.org/docid/453883fa8.html.
**11** UN General Assembly, Resolution 34/180, Convention on the Elimination of Discrimination against Women, 18 December 1979, entry into force: 3 September 1981, https://www.ohchr.org/documents/professionalinterest/cedaw.pdf. See also "Convention on the Elimination of All Forms of Discriminations against Women", UN Women, https://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/.
**12** Committee on the Elimination of Discrimination against Women, "General recommenda- tion No. 35 on gender-based violence against women, updating general recommendation No. 19", CEDAW/C/GC/35, 14 July 2017 https://tbinternet.ohchr.org/Treaties/CEDAW/Shared%20Documents/1_Global/CEDAW_C_GC_35_8267_E.pdf.
**13** Ibid.
**14** UN, Beijing Declaration and Platform for Action, 15 September 1995, https://www.un.org/en/events/pastevents/pdfs/Beijing_Declaration_and_Platform_for_Action.pdf.
**15** OSCE, Ministerial Council, Decision No. 4/18, "Preventing and Combating Violence Against Women", 7 December 2018, https://www.osce.org/chairmanship/406019?download=true.
**16** "UN experts urge States and companies to address online gender-based abuse but warn against censorship", UN Office of the High Commissioner for Human Rights, news item, 8 March 2017, https://www.ohchr.org/EN/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=21317.
**17** UN Human Rights Council, Resolution 32/13, The promotion, protection and enjoyment of hu- man rights on the Internet, A/HRC/RES/32/13, 18 July 2016, https://undocs.org/A/HRC/RES/32/13.
**18** Ibid.
**19** Op. cit. endnote 4.
**20** UN General Assembly, Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression, A/HRC/29/32, 22 May 2015, https://undocs.org/A/HRC/29/32.
**21** Ibid.
**22** OSCE, Ministerial Council, Decision No. 3/18, "Safety of Journalists", 7 December 2018, https://www.osce.org/files/f/documents/a/c/462187.pdf
**23** Op. cit. endnote 6, paragraph 44.

**24** Council of Europe, Committee of Ministers "Recommendation of the Committee of Ministers to member States on the protection of journalism and safety of journalists and other media actors", CM/Rec(2016)4, 13 April 2016 https://search.coe.int/cm/Pages/result_details. aspx?ObjectId=09000016806415d9#_ftn1.
**25** UN Human Rights Council, Resolution 21/12, "Safety of Journalists", A/HRC/RES/21/12, 9 October 2012, https://undocs.org/A/HRC/RES/21/12.
**26** UNESCO, Resolution 29, "Condemnation of violence against journalists", November 1997, https://en.unesco.org/sites/default/files/resolution29-en.pdf. UN Security Council, Resolution 1738 (2006), 23 December 2006, http://unscr.com/en/resolutions/doc/1738.
**27** "Resolutions on journalists' safety: How does the UN monitor their implementation?", IFEX news item, 22 December 2017, https://ifex.org/resolutions-on-journalists-safety-how-does-the-un-monitor-their-implementation/.
**28** UN Human Rights Council, Resolution 45/17, "The safety of journalists", A/HRC/45/17, 6 October 2020. https://undocs.org/en/A/HRC/RES/45/18
**29** United Nations General Assembly Resolution 74/157, "The safety of journalists and the issue of impunity", adopted on 18 December 2019, https://undocs.org/A/RES/74/157.
**30** Op. cit. endnote 28.
**31** UN General Assembly, Report of the UN Secretary-General on "The safety of journalists and the issue of impunity", A/72/290, 4 August 2017 https://undocs.org/A/72/290.
**32** UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences on Combating violence against women journalists, A/HRC/44/52, 6 May 2020 https://undocs.org/en/A/HRC/44/52.
**33** UN Plan of Action on the Safety of Journalists and the Issue of Impunity, UNESCO, CI-12/CONF.202/6, 2012, https://en.unesco.org/un-plan-action-safety-journalists.
**34** UN Sustainable Development Goals (SDGs), SDG 16: Promote peaceful and inclusive societ- ies for sustainable development, provide access to justice for all and build effective, accountable and inclusive institutions at all levels, 2015, https://sustainabledevelopment.un.org/sdg16
**35** "SDG Indicators Metadata repository", UN Sustainable Development Goals Statistics Divi- sion, https://unstats.un.org/sdgs/metadata/?Text=&Goal=16&Target=16.10.
**36** Op. cit. endnote 15.
**37** Ibid.
**38** OSCE RFoM, "Commitments: Freedom of the Media, Freedom of Expression, Free Flow of Information, 1975-2017", 4th edition, 2017, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/99565.
**39** OSCE RFoM, Publications, collected: https://www.osce.org/resources/publications?fil- ters=im_taxonomy_vid_1:(27).
**40** UN Office of the High Commissioner for Human Rights, Guiding Principles on Business and Human Rights, 2011, https://www.ohchr.org/Documents/Publications/GuidingPrinciplesBusinessHR_EN.pdf.
**41** International Labour Organization, C190-Violence and Harassment Convention, 2019, https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_ILO_CODE:C190.




# Од зборови на дела

# Од зборови на дела
## Што можат да направат клучните чинители

Соодветниот одговор на онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарките изискува повеќеслоен пристап кој вклучува многу чинители. Во овој дел од Водичот за ресурси се прикажани непосредни чекори за државните и недржавните чинители да ја зајакнат онлајн безбедноста на новинарките. Целта е да се подобрат постоечките напори, како и да се поттикнат клучните чинители да воведат нови иницијативи. Земени заедно, овие чекори сочинуваат меѓусебно поврзана структура во која новинарките можат да продолжат со нивната професија онлајн, на еден побезбеден начин.

Следните десет поглавја се поделени во два блока, еден за државните и еден за недржавните чинители. Овој Водич за ресурси не претендира да предложи исцрпна листа на дејствија кои треба да се преземат за решавање на големиот опсег на појавата на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарките. Наместо тоа, тој на секој клучен чинител му нуди краток избор на најрелевантни и остварливи чекори. Конкретните примери, воспоставени од страна на различни чинители во различни земји, го илустрираат секое предложено дејство. Оваа листа е надополнета со избор на корисни ресурси.

Онлајн безбедноста на новинарките не може да се реши независно без да се работи на безбедноста на сите новинари, ниту пак може да се реши без поширока потрага по родова еднаквост во општеството. Едноставно кажано, безбедноста на жените во медиумите може да биде значително подобрена со осигурување дека жените ќе имаат еднакви права и исти можности и безбедност како мажите. Во согласност со ова, некои од предложените дејства наложуваат интеграција на родов пристап во постоечките иницијативи за промовирање на безбедноста на новинарите. Други дејствија се однесуваат на зголемување или прилагодување на постоечките дејствија за родова еднаквост.

## › Родово-одговорен пристап

Секоја иницијатива која има за цел да се справи со онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарките треба да биде дизајнирана со родово-одговорен пристап. Додека родово-чувствителниот пристап се однесува на свесноста за родовите улоги, норми и односи, родово-одговорен пристап значи да се земат предвид, и да се постапува според родовите норми, улоги, односи, и како политиките или мерките различно влијаат врз мажите и жените. Станува збор за преземање акција кон родова еднаквост.

Треба да се применат следните десет начини на работа:

1. **Родовата неутралност не разликува род.** Секоја одлука и мерка, независно дали таа е дел од законодавство, програма за обука или буџет, или друга таква мерка, има различно влијание на различни луѓе, вклучително и во зависност од нивниот род.

2. **Родот е меѓусебно поврзан со други идентитети.** Родот, заедно со возраста, класата, приходот, етничката припадност, сексуалната ориентација, религијата, попреченоста, расата и други фактори, како што е да се биде дел од една урбана култура наспроти рурална средина, претставуваат социјално дефинирани категории кои се испреплетени и создаваат нееднаквости кои се преклопуваат и се меѓусебно зависни. Ова се нарекува интерсекционален пристап, и е потребен, бидејќи не секој искусува нееднаквост на ист начин.

3. **Справување со нееднаквостите на секој чекор.** Нееднаквостите помеѓу жените и мажите, вклучително и асиметричниот пристап до моќ и права, треба да се земат предвид во текот на целиот процес,

од дизајнирање, планирање, спроведување, следење и оценување на законодавството, политиките и сите други дејствија.

4. **Не се работи само за „што, туку и за „како".** Родово-одговорниот пристап не само што го зема предвид степенот до кој односите меѓу родовите и моќта влијаат врз контекстот, истиот, исто така, вклучува и инклузивен, партиципативен и пристоен процес кој ја зајакнува и промовира родовата еднаквост.

5. **Информациите се клучни за градење решенија.** Потребни се точни и сеопфатни податоци за напади врз новинари, разложени по род и други интерсекционални фактори, за да се развијат силни одговори прилагодени на различни политички, економски, културни и социјални контексти..

6. **Продолжете да слушате многу гласови.** За да се осигури дека новинарките се меѓу активните носители на одлуки во врска со работата што потенцијално влијае на нивните животи, потребни се опсежни и транспарентни консултации, вклучително и со владини и невладини чинители низ сите релевантни специјалности и области на дисциплина.

7. **Создадете капацитет за промени.** Приспособена обука за родово-одговорни пристапи треба да им биде достапна на сите чинители кои се вклучени во заштитата на новинарите. Првично фокусот треба да биде на поединци кои имаат поголем потенцијал да влијаат и кои имаат моќ да донесат промени на опсежен и одржлив начин.

8. **Одвојте доволно ресурси.** Посветеноста на родово-одговорен пристап треба да биде повеќе од зборови, со доволно човечки и финансиски ресурси доделени за спроведување на овие дејствија.

9. **Бидете S.M.A.R.T.** Иницијативите кои решаваат онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарките мора да содржат цели кои се Специфични, Мерливи, Достижни, Релевантни и Временски ограничени (SMART - Specific, Measurable, Attainable, Relevant and Time-bound). Ова ќе промовира отчетност кон родова еднаквост и ќе придонесе за систематизирање на наученото и со тоа ќе го поддржи напредокот кон подобри идни дејствија.

10. **Мерките за заштита на жените мора да се унапредуваат, а не да ги потиснуваат нивните основни права.** Сите мерки кои што можат да го ограничат правото на слобода на изразување мора да бидат пропишани со закон, да служат за легитимна цел, и да бидат неопходни и пропорционални во демократско општество. Обесхрабрувањето или ограничувањето на професионалните активности на жените не е решение.



# Извршна власт

# Предложени дејствија

1. Воспоставување национален план за акција за безбедноста на новинарите, во кој се разгледуваат специфичните услови за новинарките;

2. Воспоставување родово-одговорни заштитни мерки;

3. Прибирање податоци за напади врз новинарки за потребите на политиките и истражувањата, поддршка на кампањи за подигање на свеста со цел да се поттикне ангажман помеѓу носителите на одлуки и јавноста;

4. Извештај за безбедноста на новинарките до клучните меѓународни механизми за човекови права, и интегрирање на прашањето  во надворешната политика.

# 1. Извршна власт
## Спроведување на политики и практики за зголемена безбедност на новинарките

Извршната власт е одговорна за управувањето на Државите, воспоставување политики и процеси за делотворно извршување и спроведување на законите. Ова поглавје предлага избор на дејствија што претседателот или кабинетот на премиерот и министерствата можат да ги преземат за да ја заштитат, но и да ја промовираат онлајн безбедноста на новинарките. Иако овој дел не се фокусира на локалните самоуправи, чии форми и функции се многу различни, предложените активности можат да бидат подеднакво релевантни за локалните власти. Улогата на агенциите за спроведување на законот, иако спаѓа под одговорност на извршната власт, засебно се разгледува во поглавјето четири.

**Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 3/18 ги повикува државите „целосно да ги спроведат сите обврски на ОБСЕ и нивните меѓународни обврски во врска со слободата на изразување и слободата на медиумите, вклучително и со почитување, промовирање и заштита на слободата за барање, добивање и пренесување информации, без оглед на граници.“**

## › Воспоставување национален план за акција за безбедност на новинарите, во кој се разгледуваат специфичните услови за новинарките

Националната посветеност на безбедноста на новинарките треба да се демонстрира на највисоки нивоа, преку зборови, како и преку дела. Припадниците на власта мора јавно и категорично да ги осудат нападите врз новинарките во врска со нивната работа, не само во случаи на физичко насилство, но и кога станува збор за сексуално вознемирување, заплашување, закани и други злоупотреби, вклучително и преку дигитални технологии.[1] Јавните службеници треба да бидат пример и да се воздржат од оцрнување, заплашување или заканување на медиумите, вклучително и употреба на мизогинистички говор против новинарки.

Насилството врз новинарките и онлајн малтретирањето и злоупотребата се суштински поврзани со пошироката социјална нееднаквост и ставови кон жените. Политиките за решавање на основните причини за родово-засновано насилство и родови стереотипи треба да го придружуваат, и да го надополнат акциониот план насочен кон подобрување на безбедноста на новинарките. Мора да се промовира зајакнување на жените низ општеството, а не само да се спроведуваат дејствија специфични за медиумскиот сектор.

Се разбира, онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарките е поврзано со медиумските средини во кои тие работат. Разбирањето на специфичниот контекст во секоја земја е основа за решавање на безбедноста на новинарите. Инкорпорирање на национална проценка на тоа како жените и мажите новинарите се изложени и

под влијание на различни видови на закани (физички, психолошки, дигитални, правни и економски), е важен прв чекор во развојот на национален план за акција за безбедност на новинари.

Крајната цел на еден национален план за акција треба да биде дизајнирање на најефикасните мерки за спроведување на меѓународните стандарди за човекови права за безбедност на новинарите, и истото да се стори имајќи ја на ум родовата одговорност. Ова значи дизајнирање на активности за решавање на специфичните потреби на новинарките, во исто време придонесувајќи кон промена на динамиките на родот и моќта кои ја потиснуваат родовата еднаквост. Еден конкретен чекор е да се изврши родово-одговорна ревизија за спроведување на одредени стандарди и обврски, како што се

Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр.3/18 за безбедност на новинарите, како дел од националниот план за акција за безбедност на новинарите. Доколку веќе постои активен национален план за акција за безбедност на новинарите во земјата, тој би можел да се прегледа за да се вклучи во пристапот што одговара на родовите и да вклучува мерки за решавање на онлајн малтретирање и злоупотреба. Ова може да вклучува развој на програми за обука за безбедност за идентификување и справување со онлајн малтретирањето и злоупотребата, како и развој и или зајакнување на здруженијата за поддршка, мрежи и форуми за новинарки, особено оние што работат за да се спротивстават на онлајн злоупотребата.[2]

Се препорачуваат и вкрстени активности со други релевантни работни области, како на пример, национални акциони планови за

родова еднаквост, човекови права или други категории со теми што се преклопуваат.

Според Планот за акција за безбедност на новинарите на ОН и Прашањето за неказнување, значајно е да се развијат стратешки партнерства со разни меѓународни, регионални и локални чинители.[3] Имајќи го ова предвид, активностите за решавање на онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарките ќе треба да се развиваат и спроведуваат со висок степен на застапеност на новинарките. Во овој случај, практиките ќе се засноваат на многу обезбедени информации од страна на оние кои се ранливи на проблемот и за возврат истите ќе добијат моќ преку нивното учество. Ова може да ги вклучува сите гранки на државата; независни институции за човекови права; регулаторни и саморегулаторни тела за медиуми; компании за Интернет посредништво; јавни, приватни и општински медиуми; новинарски здруженија и синдикати; граѓански групи; новинарски образовни институции и академски истражувачи; експерти за медиумска писменост и организации за права на жените.

## Примери

**Интегрирање на национални планови за акција:** Шведскиот национален план за акција Заштита на слободниот говор: Мерки за заштита на новинарите, избраните претставници и уметници од изложеност на закани и омраза ја препознава потребата од интегрирање на планот за безбедност на новинари во националната родова стратегија и потребата да се обезбеди родов пристап од страна на клучните чинители, како што е судството.[4] Клучен аспект на фокусот на овој план е проширување, развој и финансирање на

постоечките институции, како што се локалните центри за поддршка на жртви, и телефонски линии за помош за поддршка на оние кои се подложени на закани предизвикани од учество во јавна дискусија.

**Спроведување на ревизии:** Во 2018 година, Универзитетот во Амстердам спроведе Ревизија на слободата на изразување во Холандија,[5] за да се обезбеди конкретна слика за спроведувањето на Препораката на Советот на Европа за заштита на новинарството и безбедност на новинари од 2016 година, и други медиумски чинители во Холандија.[6] Иако оваа ревизија конкретно не го вклучува прашањето за онлајн насилство врз новинарките, истата е добар пример за тоа како да се спроведе делотворна проценка.

**Вклучување заштита на новинарите во политиките:** За да се зголеми влијанието, заштитата на новинарите би можела да биде вклучена во националната политика за родова еднаквост и политиките за човекови права, или други поврзани политики. Националната програма за заштита и унапредување на човековите права во периодот 2013 - 2016 во Хрватска, на пример, ја вклучува и препораката за зајакнување на гонењето на сторителите на закани и насилство врз новинари.[7]

## Извори

- Индикаторите за безбедност на новинари на УНЕСКО (JSI)[8] овозможуваат сет индикатори за да се процени состојбата на безбедноста на новинарите на национално ниво. Исто така вклучуваат и водич за тоа како истите да се применат, иако нивната примена би требало да се надополни со родово-одговорна алатка за проценка.[9] JSI се применети во Авганистан, Гватемала, Ирак, Кенија, Непал и Пакистан.

- Прирачникот за национални акциони планови за насилство врз жените на организацијата на Жените на ОН може да послужи како референтна точка за интегрирање на родовиот пристап во рамките на акциониот план за безбедност на новинарите.[10] Исто така, Како да се управува со родово-одговорна евалуација од организацијата на Жените на ОН, може да обезбеди совети за проценка на безбедноста на новинарите со родово-одговорен пристап.[11]

### › Воспоставување родово-одговорни заштитни мерки;

Новинарите на кои им се упатени закани треба да имаат итен пристап до конкретни мерки за заштита. Брзиот одговор на заканите кон новинарите може да биде делотворен при заштита на (потенцијалната) цел и сведување на минимум на можната ескалација на насилство. Овој тип на механизам може да потпадне под надзор на едно владино тело, на пример, агенција за спроведување на законот или група на повеќе засегнати страни со надлежност според национален механизам за заштита. Додека овие механизми традиционално се користат во случаи на физички напади, тие исто така можат да се

мобилизираат за правна и психо-социјална поддршка, вклучувајќи и во случаи на онлајн малтретирање и злоупотреба.

Со оглед на посебната и често чувствителна природа на заканите кои се упатени кон новинарките, кои можат да вклучуваат сексуализирано насилство, закани за насилство и сексуални напади, вклучително и кон членовите на семејството, задолжително е сите мерки да бидат родово-одговорни, вклучувајќи ги и оние во рамките на механизмите за брз одговор. Првиот чекор е да се осигура дека секоја анализа на напади ги зема предвид сите родови аспекти и дека жените имаат на располагање безбедносни ресурси, како што се женски полициски службеници кои би можеле да ја одбранат нападнатата личност, вклучително и да ја придружуваат како телохранители, или жени кои ќе одговараат на телефонските линии за итна помош. Протоколите за проценка на ризик и одговор треба да ги земат предвид безбедносните мерки или поддршката, на пример, ако е потребна релокација која е прилагодена на специфичните потреби на нападнатата жена.

Важно е дека кој било механизам за брза реакција или заштита вклучува превентивни мерки и проактивни решенија, а не само реактивни компоненти. Ова може да вклучува и систем за следење на ризиците и заканите кон новинарите, онлајн и офлајн, во комбинација со родова анализа. Ваквите превентивни мерки се клучни за идентификување на трендовите и подготвеноста за поделотворно справување со заканите. Превентивните иницијативи би можеле, исто така, да вклучуваат програми за обука за сите вклучени чинители, вклучително и за тоа како да се одговори кога новинарите се цели на онлајн малтретирање и злоупотреба, како и развој на лесно достапни ресурси кои ги информираат новинарите како да ги користат механизмите и мерките на самото место. Овие напори треба да бидат придружени со кампањи за подигање на свеста.

Мерките за заштита се подостапни и поделотворни кога истите се прилагодени на случајот и контекстот на секој поединец новинар. Ова значи, на пример, дека заштитната опрема треба да биде прилагодена за женските тела и облека, дека финансиската поддршка треба да вклучува зависни лица, и дека одредена психолошка поддршка треба да биде загарантирана за новинари кои се малтретирани или злоупотребувани онлајн. Сите чинители вклучени во заштитата на новинарите треба да добијат обука за родово-одговорни пристапи.

Структурирањето на механизмите и мерките за заштита, за застапеност на повеќе засегнати страни во управувањето и надзорот, носи со себе разновидна експертиза, заедно со поголема отчетност. Овие засегнати групи треба да ги вклучуваат и организациите за правата на жените и новинарските организации.

Напорите за подобрување на безбедноста на новинарите секогаш треба да бидат придружени со кривично гонење на оние кои што вршат насилство врз новинарите, и со решавање на неказнувањето за кривични дела против новинарите. Како конкретни мерки за поддршка на кажаното, извршната власт може да назначи еден независен национален обвинител кој е специјализиран за кривични дела против изразување и новинари. Овој конкретен јавен обвинител може да ги надгледува и координира случаите; да обезбедува поддршка за жртвите; и да промовира култура на нулта толеранција за неказнување на кривични дела против слободата на изразување и против новинарите.[12] Ова лице треба да биде обучено за родово-одговорни пристапи.

Во некои земји, можеби веќе постои многу функционална национална заштита или механизми за брза реакција. Со оглед на тоа дека родово-засновани напади, вклучително и онлајн малтретирањето и

злоупотребата, релативно неодамна се претворија во голема закана, може да биде потребно да се прегледаат и реформираат постоечките механизми за да се осигури дека е вклучен родово-одговорен пристап и истиот е соодветно интегриран. Овој процес треба да се направи во консултација со други засегнати страни, вклучително и експерти за родови перспективи, во јавните политики и при пружање помош за безбедноста.

## Примери

**Развој на национални механизми за брз одговор:** Централната канцеларија за здружени сили за лична безбедност (Ufficio Centrale Interforze per la Sicurezza Personale), орган во состав на Министерството за внатрешни работи на Италија, води механизам за брз одговор со обезбедување на телохранители, оклопни возила и друга опрема за заштита на новинарите кои се под закана од организиран криминал.[13]

**Креирање на групи со повеќе чинители:** Холандија создаде повеќе чинители Управна група за агресија и насилство врз новинарите, со повеќе чинители и со мандат да го координира одговорот на нападите врз новинари меѓу полицијата, јавното обвинителство и медиумскиот сектор и новинарите.[14]

**Поттикнување комисии за истрага:** Министерството за внатрешни работи на Србија, заедно со органот за национална безбедност, и новинарските здруженија, раководи со Комисијата за истрага за воени убиства на новинари во периодот на поранешна Југославија, создадена во 2013 година. Како резултат на тоа, во 2019 година некој беше осуден за убиство на српски новинар во 1999 година. Иако фокусот на комисијата не е решавање на онлајн малтретирање и

злоупотреба на новинарки, истата е добар пример за здружување на експертизите на повеќе чинители, и надзор.[15]

**Поддршка на регионалните механизми за брз одговор:** Во 2020 година, Европската унија (ЕУ) го поддржа создавањето на механизмот Слободата на медиумите - брзо реагирање за заштита на новинари, управуван од страна на граѓански друштва на дневна основа.[16]Механизам за брз одговор веќе постоел за бранителите на човекови права, ProtectDefenders.eu, кој, исто така, вклучува новинари. Со овој механизам управува конзорциум од невладини организации за човекови права.[17]

**Развој на национални механизми за заштита:** Колумбија беше првата земја во светот која разви национален механизам за заштита на новинари. Истиот вклучува посветен комитет за заштита на жените, со претставници од организации за правата на жените, владата и меѓународни организации, како што е Жените на ОН (UN Women). Тие го анализираат секој случај што го добиваат од родова перспектива, што овозможи прилагодени одговори.[18] Дванаесет години по воспоставувањето на програмата за заштита во 2000 година, владата воведе протокол за справување со заканите кон новинарките во 2012 година: добар пример за повторно оценување и реформирање на постоечкиот механизам за интегрирање на родово-одговорен пристап.

**Поставување на специјални обвинители:** Во 2006 година, Мексико го постави првиот специјален обвинител за злосторства против слободата на изразување, со фокус на напади врз новинари.[19]

## Извори

- Извештајот на Советот за човекови права на ОН (HRC) 24/2 содржи добри практики на државни и недржавни чинители за безбедноста на новинарите.[20]

- Советот на Европа (CoE) објави серија препораки и добри практики за безбедност на новинарите, наречена Преземање акција за, заштита на новинарите и другите медиумски чинители, која вклучува конкретни примери за тоа како стандардите на CoE за безбедност на новинарите се спроведувани во некои земји.[21]

- Збирка од механизми за заштита на новинарите може да се разгледа во циклусот публикации на Меѓународната поддршка на медиуми Одбрана на новинарството;[22] една публикација во серијата се фокусира конкретно на безбедноста на новинарките.[23]

  - Иницијативата за Слобода на медиумите – Брз одговор објави збирка мерки за заштита преземени од страна на земјите членки на ЕУ и земјите кандидати.[24]

  - Универзитетот во Палермо ја анализираше делотворноста и институционалната поставеност за заштитни механизми во извештајот за случаите во Колумбија, Мексико и Гватемала.[25]

## › Прибирање податоци за напади врз новинарки за потребите на политиките и истражувањата и за да се поддржат кампањи за подигање на свеста со цел да се поттикне ангажманот помеѓу носителите на одлуки и јавноста

Силен одговор на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарките можат да се обезбеди само кога креаторите на политиките, медиумските професионалци, граѓанските групи и пошироката јавност ќе имаат сеопфатно разбирање на опсегот на проблемот и на неговото влијание на новинарската професија, слободното изразување и слободниот тек на информации. За да се овозможи такво разбирање, потребно е квантитативно и квалитативно прибирање податоци, анализа и истражување.[26]

За почеток, треба да се приберат податоци кои се распределени по род, но и според други интерсекционални идентитети. Таквите податоци се потребни за да се осигура дека во решенијата се зема предвид сложеноста и разновидноста на начинот на кој насилството влијае врз жените, и како структурното насилство се спроведува врз одредени групи во општеството.

Некои клучни области на истражување вклучуваат прибирање на податоци кои разликуваат различни форми на онлајн злоупотреба, тежината на онлајн нападите, како и влијанието на ова насилство врз правата на новинарките и нивната работа. Идентификацијата на родово-специфични пречки и ризици и увидот во тоа како тие се разликуваат од оние со кои се соочуваат нивните машки колеги, ќе обезбедат информации за политиките засновани на докази и други можни одговори.

Во идеални околности, прибирањето податоци ќе се изврши во соработка со националната статистика/статистички тела, универзитети, национални институции за човекови права и граѓански групи, за да се обезбедат најточни и независни информации и да се обезбеди право на приватност.[27] Покрај обезбедување на информации за националните активности, прибирањето на податоци исто така би било корисно за обезбедување на информации за меѓународните механизми. Според Индикаторот 16.10.1. од Цели за одржлив развој (SDG) - Доброволни Национални Прегледи (VNR), на пример, надлежните органи треба да го наведат бројот на напади врз новинари во нивните земји.[28]

Прибирањето на податоци може да помогне и да придонесе за силни кампањи за подигање на јавната свест, покажувајќи дека онлајн малтретирањето и злоупотребата не се само напад врз новинарките, туку и напад врз слободата на изразување и слободата на медиумите и закана за правото на секое лице да пристапи до информации во општеството како една целина.[29]

Едукацијата на јавноста е уште еден важен чекор за подобрување на јавното разбирање на ова прашање. Употребата и трендовите на социјалните медиуми би можеле да бидат интегрирани во образовните наставни од страна на образовните власти или да бидат вклучени во програмите за медиумска писменост. Можат да се развијат и спроведат образовни програми за возрасни, и неформални образовни програми кои промовираат медиумско и дигитално писмено општество. Овој пристап може да придонесе за побезбедна средина за сите, вклучувајќи ги и новинарките..

Како дел од стратегијата за јавна свест, владините службеници треба да даваат јавни изјави, вклучително и објави на социјалните медиуми, кога се применливи, за да изразат поддршка за новинарите кои се

мета на напад, и да организираат настани за да ги воведат граѓаните во улогата на новинарството и негативното влијание кое нападите врз новинарките го имаат на општеството. Меѓународни комеморативни датуми, како што се Светскиот ден на слободата на печатот (3-ти мај), Меѓународниот ден за ставање крај на неказнувањето за злосторствата против новинарите (2-ри ноември), Меѓународниот ден на жената (8-ми март), и Меѓународниот ден за елиминирање на насилството врз жените (25-ти Ноември), се добри можности за такви дејствија.

## Примери

**Основање на панели на правни експерти:** Велика Британија има создадено независен Панел од правни експерти на високо ниво, со цел спроведување на истражување за информирање за развојот на законодавството и политиките за безбедност на новинарите.[30] Нивниот прв извештај, објавен во февруари 2020 година, се фокусира на употреба на насочени санкции за заштита на новинарите.[31]

**Развој на програми за медиумска писменост:** Извештајот подготвен од страна на национални експерти за Европската аудиовизуелна опсерваторија за Европската комисија се однесува на 547 проекти за медиумска писменост спроведени во земјите членки на ЕУ од 2010 година. Вештините за медиумска писменост поврзани со критичко размислување беа земени предвид во 403 од овие проекти, додека оние кои се поврзани со капацитетите на користење на медиумите беа земени предвид во 385 од 547 проекти.[32]

Финска има национална политика насочена кон формални и неформални образовни институции, медиуми и други чинители релевантни за промовирање на разбирање на офлајн и онлајн медиуми, и средината на социјалните медиуми.[33]

## › Извештај за безбедноста на новинарките до клучните меѓународни механизми за човекови права и интегрирање на прашањето во надворешната политика

Преку нивното учество во меѓувладините организации, државите можат да конструктивно да придонесат за развој на меѓународните стандарди за безбедност на новинарите. Државите треба да предложат вклучување на прашањето за безбедноста на новинарките и посилен родово-одговорен пристап во многуте резолуции, препораки и одлуки донесени од страна на меѓувладините организации.

Воедно, државите можат активно да придонесат и да се вклучат со релевантни меѓународни договорни тела фокусирани на родова еднаквост, како што е Комитетот на ОН за елиминација на дискриминацијата против жените, или Комисијата на ОН за Статусот на жените (CSW). Меѓу другото, Комисијата на ОН за Статусот на жените го набљудува напредокот на имплементацијата на Пекиншката декларација и Платформата за акција, која ја признава важноста на промовирање на жените во медиумската индустрија и интегрирање на родова перспектива во медиумските содржини.[34]

Важна обврска за отчетност што ја имаат Државите, во однос на меѓународните стандарди, е нивната обврска да известуваат за нивната имплементација. Добро воспоставеното известување обезбедува мерење на напредокот кон целите или обврските, но исто така служи како средство за документирање на трендовите, вклучувајќи нивоа на неказнување и добри практики. Државите би можеле дополнително да го подобрат квантитетот и квалитетот на нивните информации што се однесуваат на насилството врз новинарките (во соработка со невладини чинители кои прибираат податоци и спроведуваат истражување) кога учествуваат во следните механизми.

## Примери за механизми

- Универзален периодичен преглед на ОН (UPR).[35] Во рамките на процесот на UPR, државите треба да известуваат за нивната национална состојба со човековите права, по што членовите на Комитетот за човекови права на ОН даваат препораки за подобрување. Овој процес дава одлична можност безбедноста на новинарките да биде офлајн и онлајн приоритет за сите држави.

- Државите, исто така, можат да ги истакнат предизвиците со кои се соочуваат новинарките кога придонесуваат за редовните извештаи на Комитетот за човекови права на ОН и Генералниот секретар на ОН за имплементација на резолуциите на Комитетот за човекови права на ОН и Генералното собрание на ОН (UNGA) за безбедност на новинарите.[36]

- Истото важи и за тематски извештаи, комуникации и итни жалби издадени од Специјалните процедури на Комитетот за човекови права на ОН, а особено за Специјалниот известувач за унапредување и

заштита на правото на слобода на мислење и изразување, како и за други институции чии надлежности можат да покриваат насилство врз новинарки.[37]

- Во Волонтерските национални прегледи за спроведување на Целите за одржлив развој, а особено за SDG 5 (родова еднаквост и зајакнување на жените) и SDG 16 (промоција на праведни, мирни и инклузивни општества), државите треба да вклучат и податоци за безбедност на новинарите, расчленети по род.[38]

- Како одговор на барањата на УНЕСКО за информации за судскиот статус на убиствата на новинари, Извештајот на Генералниот Директор на УНЕСКО за безбедност на новинарите и опасноста од неказнувањето овозможува на организацијата на ОН, со мандат за заштита на слободата на изразување, да ги следи трендовите кои влијаат врз безбедноста на новинарите.[39]

- Покрај тоа, УНЕСКО прибира поширок спектар на влезни информации за својот Извештај за Светски Трендови за слобода на изразување и развој на медиуми, кој вклучува информации за онлајн малтретирање на новинарки.[40] Покрај обезбедувањето податоци, Државите можат да помогнат во промовирање на наодите од овие извештаи.

- Земјите членки на Советот на Европа треба да одговорат на предупредувањата на Советот на Европската Платформа за унапредување на заштитата на новинарството и безбедноста на новинарите. Платформата конкретно ги следи инцидентите врз новинарите и бара одговори од државите.[41]

Мултилатералните иницијативи, како што се тие на Партнерства за отворена влада, Коалиција за слобода на Интернет, Заедница на

демократии, и Коалицијата за медиумска слобода, можат да обезбедат добри форуми за промовирање на политичките дискусии за решавање на онлајн безбедноста на новинарките.

Во прилог на овие меѓународни механизми, дипломатските претставништва во други земји можат да се мобилизираат за промовирање на јавни настани, да даваат јавни изјави и да ги поддржат локалните и регионалните иницијативи за промоција на безбедноста на новинарките. Олеснувањето на барањата за виза и азил на новинарки под закана е уште еден важен начин на кој може да се обезбеди одговор.

## Примери

**Вклучување на SOFJO во Универзални периодични прегледи (UPR):** До септември 2019 година, откако 84 Држави поминаа низ UPR, 43 држави го вклучија прашањето за безбедноста на новинарите во нивните препораки. Киргистан, Црна Гора, Руската Федерација и Туркменистан беа меѓу земјите-учеснички во ОБСЕ кои добија препораки за безбедност на новинарите. Меѓу земјите-учеснички кои јасно се изразија по ова прашање, Чешка беше најактивна, потоа Австрија, Канада, Франција, Литванија и Норвешка.[42] Словенија, на пример, му препорача на Мексико да ја интегрира родовата перспектива при решавањето на безбедноста на новинарите.

**Меѓувладини неформални групи:** Неколку Држави, во нивното својство како членки на, или како учесници во, меѓувладини иницијативи, создадоа неформални групи за безбедност на новинарите. Нивната цел е да работат заедно за поголемо внимание на ова прашање. Вакви неформални групи за соработка по ова прашање постојат во ОН во Женева, Њујорк, УНЕСКО и ОБСЕ.[43]

Покрај координирањето на нивните напори околу резолуциите и другите дејствија поврзани со политиката, овие групи организираат настани за да привлечат внимание кон ова прашање. Во 2019 година, на пример, Групата на пријатели на УНЕСКО (GoF) за безбедност на новинарите организираше конференција за онлајн малтретирање на новинарки.[44] Истата година, ОН Њујорк GoF беше домаќин на настан за безбедност на новинарите и на Целите за одржлив развој.

**Реализација на изјави за политика:** Во 2018 и 2019 година, неформалната Група на пријатели на ОБСЕ за безбедноста на новинарите даде изјави со кои ја изрази својата загриженост за насилството врз новинарките.[45]

## Извори

- Канцеларијата на Високиот комесар на ОН за човекови права има база на податоци со препораки за човекови права издадени од системот на ОН за заштита на човековите права, што е вредно за развојот на јавните политики.[46]

- Извештајот на организацијата ARTICLE 19 Ставање крај на неказнивоста: Постапувајќи според Стандардите на ОН за безбедност на новинари ги сумира најновите стандарди за безбедност на новинарите, вклучително и препораките за решавање на онлајн и офлајн насилството врз новинарките.[47] Истиот вклучува поглавје за родово-одговорни пристапи кон безбедноста на новинарите.

- Коалиција на држави, кои учествуваат во Партнерството за отворена влада, подготви глобален извештај на Граѓански простор: за одбрана на активисти и новинари, кој вклучува серија на добри практики за безбедност на новинарите воспоставени од страна на државите.[48]

- Преку иницијативата на Media4Democracy, ЕУ ги поддржува делегациите на ЕУ во светот за подобро разбирање на предизвиците на слободата на медиумите и за зајакнување на слободата на изразување. Ова го вклучува Прирачникот за делегациите на ЕУ: Заштита на новинарите, и заштита на слободата на изразување, кој обезбедува технички упатства за преземање акција за безбедност на новинарите.[49]

- Заедницата на Демократии објави Збир на алатки за безбедност на новинари за персоналот на дипломатските мисии, кој вклучува конкретни активности за промовирање на безбедноста на новинарите, како што се одржување на редовен дијалог со надлежните органи и новинарите; обезбедување итна поддршка кога е потребно; следење на судењата на новинари или нивни напаѓачи; и олеснување на патните документи и визите.[50]

- Комитетот за граѓански слободи, правда и внатрешни работи на Европскиот Парламент објави Водич за безбедност на новинари и борбата против корупцијата во ЕУ со цел да се истражуваат различни регулаторни и други мерки за сузбивање на нападите врз новинари во Европската унија.[51]

## Фусноти на крај на поглавјето

**1** OSCE, Ministerial Council Decision No. 3/18, "Safety of Journalists", 7 December 2018, https://www.osce.org/files/f/documents/a/c/462187.pdf
**2** Elisabeth Witchel, "Shared responsibility: Safeguarding press freedom in perilous times", In- ternational Media Support (IMS), 2020, https://www.mediasupport.org/publication/shared-responsibility-safeguarding-press-freedom-in-perilous-times/
**3** UNESCO, UN Plan of Action on the Safety of Journalists and the Issue of Impunity, CI-12/CONF.202/6, 2012, https://en.unesco.org/un-plan-action-safety-journalists.
**4** "Defending Free Speech - measures to protect journalists, elected representatives and artists from exposure to threats and hatred", Swedish Ministry of Culture, 2018, https://www.government.se/4990f9/contentassets/bd181f7b0f4640e7920807d110b3c001/action-plan-defending-free-speech.pdf. Fojo Media Institute, help-desk for journalists, https://fojo.se/verktyg-for-journalister/demokratijouren/help-desk/.
**5** "Audit of freedom of expression in the Netherlands", University of Amsterdam, Institute for Information Law, 2018, https://www.ivir.nl/projects/auditoffreedomofexpression/.
**6** Council of Europe, Committee of Ministers, "Recommendation No. 4 on the protection of journalism and safety of journalists and other media actors", CM/Rec(2016)413, April 2016, https://www.coe.int/en/web/freedom-expression/committee-of-ministers-adopted-texts/-/ asset_publisher/aDXmrol0vvsU/content/recommendation-cm-rec-2016-4-of-the-committee- of-ministers-to-member-states-on-the-protection-of-journalism-and-safety-of-journalists- and-other-media-.
**7** "Violence, threats and pressures against journalists and other media actors in the EU", Con- tribution to the second Annual Colloquium on Fundamental Rights, European Union Agency for Fundamental Rights, November 2016, https://ec.europa.eu/information_society/news- room/image/document/2016-47/fra_threats_and_pressures_paper_19751.pdf.
**8** "Journalists' Safety Indicators: National Level; based on the UNESCO's Media Development Indicators", UNESCO, 2015, https://en.unesco.org/themes/safety-of-journalists/journalists-safety-indicators.
**9** UNESCO, Applying UNESCO's Journalists' Safety Indicators (JSIs): A practical guidebook to assist researchers, 2015, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000260894.
**10** UN Women, Handbook for National Action Plans on Violence against Women, 2012, https://www.unwomen.org/-/media/headquarters/attachments/sections/library/publica- tions/2012/7/handbooknationalactionplansonvaw-en%20pdf.pdf?la=en&vs=1502.
**11** UN Women, How to Manage Gender-Responsive Evaluation, UN Women Indepen- dent Evaluation Office, 2015, https://genderevaluation.unwomen.org/-/media/files/un%20women/gender%20evaluation/handbook/evaluationhandbook-web-final-30apr2015.pdf?la=en&vs=4246.
**12** UN Special Rapporteur on Freedom of Opinion and Expression, OSCE Representative on Freedom of the Media, the Organization of American States (OAS) Special Rapporteur on Freedom of Expression and the African Commission on Human and Peoples' Rights (ACHPR) Special Rapporteur on Freedom of Expression and Access to Information, "Joint Declaration on Crimes against Freedom of Expression", 25 June 2012, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/91595.
**13** Alberto Spampinato, Italy: So Much Mafia, So Little News, European Center for Media and Freedom and Osservatorio Balconi e Caucaso, 2018, https://adobeindd.com/view/publications/4fd5ff1c-0f8c-4186-9565-dd3217e63b28/bndf/publication-web-resources/pdf/ECPMF-FFM-Italy.pdf.
**14** Presveilig, Steering Group on Aggression and Violence against Journalists, https://www.persveilig.nl/.
**15** "Serbia: Commission to solve wartime journalists' murders expanded", European Fed- eration of Journalists, https://europeanjournalists.org/blog/2018/08/09/serbia-commission-to-solve-wartime-journalists-murders-expanded/.
**16** Media Freedom Rapid Response, https://www.mfrr.eu/.

**17** ProtectDefenders.eu, https://www.protectdefenders.eu.
**18** Unidad Nacional de Protección, https://www.unp.gov.co/.
**19** "Conoce a la Fiscalía Especial para la Atención de Delitos cometidos contra la Libertad de Expresión", Fiscalía General de la República, 2019, https://www.gob.mx/fgr/documentos/conoce-a-la-fiscalia-especial-para-la-atencion-de-delitos-cometidos-contra-la-libertad-de-expresion.
**20** Human Rights Council, Report on its 24th session, A/HRC/24/2, 24 January 2014, https://www.ohchr.org/EN/HRBodies/HRC/RegularSessions/Session24/Pages/ListReports.aspx.
**21** Peter Noorlander, "Taking Action to Protect Journalists and Other Media Actors: Artificial Intelligence – Intelligent Politics Challenges and opportunities for media and democracy", Background Paper for the Council of Europe Ministerial Conference 2020, https://rm.coe.int/ cyprus-2020-safety-of-journalists/ 168097fa83.
**22** "New global study documents best practices on the safety of journalists", IMS news item, 30 October 2019, https://www.mediasupport.org/new-global-study-documents-best-practices-on-the-safety-of-journalists/.
**23** Silvia Chocarro, "The safety of women journalists: Breaking the cycle of silence and vio- lence", IMS Defending Journalism book series, International Media Support, October 2019, https://www.mediasupport.org/publication/the-safety-of-women-journalists/.
**24** Media Freedom Rapid Response, "Protecting Journalists and Media Workers: Good Practice", 2020, https://www.mfrr.eu/wp-content/uploads/2020/06/MFRR-UK-Recommendations-Good-Practice.pdf.
**25** Natalia Torres and Eduardo Bertoni, Institutional Design and Effectiveness of the Agen- cies Charged with Protecting Journalists and Investigating Crimes against the Press: Mexico, Colombia and Guatemala: Universidad de Palermo, 2012, https://www.palermo.edu/cele/cele/pdf/english/Internet-Free-of-Censorship/Institutional-Design.pdf.
**26** Op. cit. endnote 1.
**27** OSCE RFoM, "Recommendations following the Expert Meeting New Challenges to Freedom of Expression: Countering Online Abuse of Female Journalists", 17 September 2015, https://www.osce.org/fom/193556?download=true.
**28** UN Sustainable Development Goals (SDGs), SDG 16: Promote peaceful and inclusive societ- ies for sustainable development, provide access to justice for all and build effective, accountable and inclusive institutions at all levels, 2015, https://sustainabledevelopment.un.org/sdg16.
**29** "New Challenges to Freedom of Expression: Countering Online Abuse of Female Journal- ists", OSCE RFoM, 2016, https://www.osce.org/fom/220411?download=true.
**30** "IBAHRI Secretariat to the High Level Panel of Legal Experts on Media Freedom", International Bar Association, https://www.ibanet.org/IBAHRISecretariat.aspx.
**31** International Bar Association, IBAHRI Secretariat to the High Level Panel of Legal Experts on Media Freedom, Report on the Use of Targeted Sanctions to Protect Journalists, https://www. ibanet.org/Document/Default.aspx?DocumentUid=1734a793-fd31-452d-84ca-b85efc4af744.
**32** Martina Chapman, "Mapping of media literacy practices and actions in EU-28", Council of Europe, European Audiovisual Observatory, 2016, p. 28 and 39, https://rm.coe.int/1680783500.
**33** Robert Tomljenovic, "Regulatory Authorities for Electronic Media and Media Literacy - Comparative analysis of the best European practices", Council of Europe, 2018, https://rm.coe.int/regulatory-authorities-for-electronic-media/1680903a2a.
**34** UN, Beijing Declaration and Platform for Action, 15 September 1995, https://www.un.org/en/events/pastevents/pdfs/Beijing_Declaration_and_Platform_for_Action.pdf.
**35** "Universal Periodic Review", United Nations Human Rights Council, https://www.ohchr.org/en/hrbodies/upr/pages/uprmain.aspx.
**36** "Resolutions on Journalists' Safety: How Does the UN Monitor their Implementation?", IFEX news item, 22 December 2017, https://ifex.org/resolutions-on-journalists-safety-how-does-the-un-monitor-their-implementation/.

**37** "Special Procedures of the Human Rights Council", UN Human Rights, https://www.ohchr.org/en/hrbodies/sp/pages/welcomepage.aspx.
**38** "Voluntary National Reviews Database", UN Sustainable Development Knowledge Platform, https://sustainabledevelopment.un.org/vnrs/.
**39** UNESCO, Director-General's Report on the Safety of Journalists and the Danger of Impuni- ty, 2018, https://en.unesco.org/themes/safety-journalists/dgreport.
**40** "World Trends in Freedom of Expression and Media Development", UNESCO, https://en.unesco.org/world-media-trends.
**41** "Platform to promote the protection of journalism and safety of journalists", Council of Europe, https://www.coe.int/en/web/media-freedom. Austria, Canada, Denmark, Estonia, France, Germany, Greece, Latvia, Lithuania, Montenegro, the Netherlands, Norway, Sweden, the United Kingdom, and the United States of America.
**42** UNESCO, Intensified attacks, new defences: developments in the fight to protect journalists and end impunity, In Focus edition of the World Trends in Freedom of Expression and Media Development, Paris, 2019, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000371487.
**43** "OSCE delegations establish a Group of Friends on Safety of Journalists", US Mission to the OSCE news item, 23 April 2018, https://osce.usmission.gov/osce-delegations-establish-a-group-of-friends-on-safety-of-journalists/. "Groups of Friends on the Safety/Protection of Journalists publish joint statement on safety of journalists and access to information during the COVID-19 pandemic", UNESCO news, 14 April 2020, https://en.unesco.org/news/groups-friends-safe- typrotection-journalists-publish-joint-state-ment-safety-journalists-and.
**44** "UNESCO Conference tackles online harassment of female journalists", UNESCO news item, 12 June 2019, https://en.unesco.org/news/unesco-conference-tackles-online-harass- ment-female-journalists.
**45** In 2020, the following OSCE participating States are part of the OSCE Group of Friends on the Safety of Journalists: Austria, Canada, Denmark, Estonia, France, Germany, Greece, Latvia, Lithuania, Montenegro, the Netherlands, Norway, Sweden, the United Kingdom, and the United States of America.
**46** Universal Human Rights Index, https://uhri.ohchr.org/.
**47** ARTICLE 19, "Ending Impunity: Acting on UN Standards on the Safety of Journalists," 2019, https://www.article19.org/wp-content/uploads/2019/11/SOJ-Web.pdf.
**48** "Defending Journalists and Activists", Open Government Partnership, https://www.opengovpartnership.org/policy-area/defending-journalists-and-activists-expression/.
**49** Media4Democracy, Handbook for EU delegations: "Protecting the safety of journalists, protecting freedom of expression", 2020, https://media4democracy.eu/wp-content/uploads/2020/07/Final-M4D-Safety-of-Journalists-Handbook.pdf.
**50** Community of Democracies, "Toolkit: On the Safety of Journalists for the Personnel of the Diplomatic Missions", March 2017, https://community-democracies.org/app/uploads/2018/06/Toolkit-Safety-of-Journalists-1-1.pdf.
**51** Tarlach McGonagle, Safety of Journalists and the Fighting of Corruption in the EU, European Parliament, Brussels, 2020, https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2020/655187/IPOL_STU(2020)655187_EN.pdf.



# Законодавна власт

## Предложени дејствија

1. Преглед и кога е потребно, измена или усвојување на закони за промовирање на родово-одговорен пристап за безбедност на новинарите;

2. Осигурување дека законодавството што се однесува на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки не го потиснува правото на слобода на изразување.

# 2. Законодавна власт
## Усвојување или прилагодување на рамки за побезбедно офлајн и онлајн опкружување

Законодавната власт е собрание со овластување за донесување закони. Овој дел се фокусира на тоа како законодавците можат да донесат закони што овозможуваат безбедна средина на национално ниво за новинарките онлајн и офлајн, во согласност со меѓународните стандарди за слобода на изразување и слобода на медиумите, вклучувајќи ја и Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр.3/18 за безбедност на новинарите.[1]

**Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 3/18 ги повикува државите „да ги донесуваат своите закони, политики и практики, кои се однесуваат на слободата на медиумите, целосно во согласност со нивните меѓународни обврски и задолженија и да ги прегледаат, а каде што е потребно и да ги укинат или изменат истите, така што тие не ја ограничуваат способноста на новинарите да ја извршуваат својата работа самостојно и без непотребно вмешување“.**

## › Прегледи, кога е потребно, измена или усвојување на закони за промовирање на родово-одговорен пристап за безбедност на новинарите

Постоењето на соодветна законска регулатива за заштита на новинарките започнува со една законска рамка која соодветно го препознава и го штити правото за еднаквост и недискриминација, во согласност со меѓународните закони за човекови права, како и правото на слобода на изразување.[2] Начинот на кој новинарките се нападнати, независно дали тоа е онлајн или офлајн, е фундаментално поврзан со структурна, длабоко вкоренета дискриминација. Државите имаат позитивна обврска да го решат ова.

Законодавците треба да се уверат дека државните надлежни органи ги исполнуваат своите обврски според меѓународното право за човекови права: за да спречат напади; да ги заштитат оние што се подложени на насилство; и да ги гонат сторителите, како и да се обезбедат правни средства. Законодавството што создава национални механизми за заштита на новинарите треба да опфаќа родово-одговорен механизам.

Многу земји имаат воспоставено закони кои што веќе можат да се применуваат, и со кои можат да казнуваат некои видови на онлајн малтретирање и злоупотреба. Каде што постојат закони, но тие не обезбедуваат доволно заштита, изготвувањето на нови закони треба да биде последна опција. Наместо тоа, треба да се земат предвид измените на постоечките закони. Покрај тоа, законите треба да се прегледаат за да се обезбеди нивна усогласеност со меѓународните стандарди за човекови права. Во секој случај, од суштинско значење е да се земат предвид различни спектари на правни средства во граѓанското и управното право, а не само во кривичното право.

Процесот на разгледување, реформирање, или донесување на закони треба да вклучува опсежни консултации со медиумскиот сектор, јавните и граѓанските организации, како дел од целта да се обезбеди соодветна заштита на женските права на живот, слобода од нечовечко и понижувачко постапување, рамноправност, не-дискриминација, слобода на изразување и приватност. Во овој потфат, би можело да биде корисно да се добие експертска поддршка од меѓународните и регионалните меѓувладини тела, вклучувајќи го и Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите (RFoM), академските институции и правната заедница.

## Примери

**Користење на постоечки закони:** Неколку држави го искористија постоечкото законодавство за да ги гонат онлајн вознемирувачите на новинарките. Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, во соработка со Меѓународниот институт за печат (IPI), анализираше и спореди три вакви случаи во извештајот од 2019 година Правни одговори на онлајн вознемирување и злоупотреба на новинари - перспективи од Финска, Франција и Ирска.[3] Како што е нагласено во извештајот, еден од сторителите, сепак, беше гонет под кривична тужба за клевета, спротивно на меѓународните стандарди за слобода на изразување, кои препорачуваат декриминализација на клеветата. Во Канада, Финска, Франција, Германија и Шпанија постоечките закони забрануваат повреда на приватноста, закани, злонамерни пораки, следење преку средства за комуникација, онлајн малтретирање, неовластено откривање и споделување податоци и други форми на малтретирање.[4]

## Извори

- Водичот на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ODIHR) за донесување закони за жени и мажи: Практичен водич за родово-одговорно законодавство дава корисни совети за тоа како да се донесат закони што се во полза на мажите и на жените.[5]

- Организацијата за економска соработка и развој (OECD) изготви Збир на алатки за воведување и имплементација на родовата еднаквост во јавниот живот, кој вклучува поглавје за родово-одговорните практики во парламентите.[6]

- Интерпарламентарната унија објави Прирачник за слобода на изразување за парламентите и нивните членови: Важност и опсег на заштита, што може да биде корисно за законодавците кои што донесуваат закон за заштита на новинарите.[7]

## › Осигурување дека законодавството што се однесува на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки не го потиснува правото на слобода на изразување

Интернетот претставува неспоредливо добра платформа за користење на слободата на изразување. Законодавните случувања поврзани со онлајн малтретирањето и злоупотребата врз новинарки треба да го признаат истото..

Слободата на изразување ги опфаќа не само идеите и информациите кои што генерално се сметаат за навредливи, туку и оние што би можеле да навредат, шокираат или вознемират.[8] Во законодавството треба да се признае дека секоја мерка што може да го ограничи правото на слобода на изразување мора биде пропишана со закон, да служи за легитимна цел, и да биде неопходна и пропорционална во демократско општество,[9] во согласност со меѓународното право за човекови права. Специјалниот известувач на ОН за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување, предупреди дека напорите да се промовира онлајн безбедност на новинарките ненамерно може да доведе до "цензура или неоправдани ограничувања кои би можеле да ги потиснат правата на истите новинарки од кои властите би можеле да бараат надомест на штета".[10] Нејасно формулирани закони и прописи кои забрануваат голотија или непристојност, на пример, можат да имаат значителен и застрашувачки ефект врз критичките дискусии за сексуалноста, родот и репродуктивното здравје.[11]

Во тој поглед, со оглед на ризиците од ограничувањето на легитимно изразување, корисно е да се укаже на фактот дека меѓу другите меѓународни тела, Комитетот за човекови права на ОН особено ја истакна загриженоста во врска со злоупотребата на кривичното

право со цел да се таргетираат новинари, истражувачи и бранители на човекови права кои споделуваат информации од легитимен јавен интерес.[12] Во едно демократско општество, кривичниот закон треба да се наметне само како последна опција и само во најтешките случаи. Затоа, државите треба секогаш да се обидуваат да прибегнуваат кон помалку ограничувачки граѓански или административни мерки.[13]

Во некои случаи, државите воведоа кривично правни одредби за „говор на омраза" за да се справат со родово-засновано малтретирање и злоупотреба на жени, вклучително и новинарки. Не постои меѓународна дефиниција за „говор на омраза" според меѓународното право за човекови права; затоа, таквите закони можат да се злоупотребат и да создадат незаконски ограничувања на правото на слобода на изразување, или да бидат злоупотребени за да овозможат прекршување на законското изразување. Целото законодавство треба строго да ги дефинира условите за тоа што претставува забранета содржина според Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација. Исто така, треба да се спротивстави на криминализирање на таквиот говор, освен во најтешките ситуации, како што е застапување на национална, расна или верска омраза, што претставува поттикнување дискриминација, непријателство или насилство,[14] и наместо тоа, да ги прифати толкувањата на законот за човекови права содржани во Рабат планот за Акција.[15]

Во некои случаи, за решавање на случаи на онлајн малтретирање и злоупотреба се користат законите за клевета. Овие термини понекогаш се споени, но клеветата се однесува на предизвикување суштинска штета на нечиј углед врз основа на лажни изјави на факти. Во секој случај, треба да се напомене дека заштитата на угледот треба да се решава исклучиво по пат на граѓанскиот закон за клевета, во согласност

со меѓународните стандарди за човекови права.[16] Клеветата треба да се декриминализира во сите држави.

Бројни одредби од граѓанското право можат да се применуваат како одговор на онлајн вознемирување и злоупотреба на новинарки. Примерите вклучуваат статути кои се однесуваат на нарушување на приватноста или доверливоста или на правото на заштита на безбедноста на една личност. Кога бараат одредено правно средство за штета предизвикана од специфични форми на онлајн малтретирање и злоупотреба, новинарите би можеле, исто така, да побараат помош од овие граѓанско-правни мерки.[17]

Во заштитата на новинарките, енкрипцијата и анонимноста се од клучно значење бидејќи овозможуваат повеќе можности за новинарките да го остварат своето право на слобода на изразување без непотребно вмешување од страна на државни или недржавни чинители,[18] вклучително и надзор и практики за директно вознемирување. Законодавните случувања кои се занимаваат со решавање на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки не треба да наметнуваат забрани за енкрипција и анонимност, или задолжителна идентификација на онлајн корисниците.[19] Новинарките имаат право на анонимност како дел од нивното право на приватност.

Конечно, законодавството треба да ги одржува и следи начелата и стандардите за условна одговорност на интернет-посредниците. Ова значи дека тие не треба да бидат одговорни за содржината на трети лица, кога тие самите не биле вклучени во менување на содржината во прашање, и дека државите можат само да побараат од нив, со судска наредба, да ја отстранат содржината.

## Примери

**Предлагање на слоевити одговори:** Во предлогот на Законодавната комисија на Ирска се опишани разновидни мерки (слоевит одговор) кои им даваат приоритет на образовните програми и граѓанските правни мерки пред прибегнување кон кривичното право.[20] Овој пристап би помогнал да се обезбеди дека какво било вмешување во правото на слобода на изразување, предизвикано од страна на прописите за онлајн малтретирање, ќе биде пропорционално на штетата предизвикана од чинот на малтретирање.

**Измена на законодавство:** Во 2018 година, Франција го измени својот Кривичен законик, за да овозможи кривично гонење за малтретирање извршено од страна на група на луѓе, или со користење на онлајн комуникациски услуги.[21]

**Користење на постоечки закони:** Во 2018 година, Ирска користеше постоечки закони за малтретирање, за гонење на поединец во 2018 година за онлајн "несовесно вознемирување" против една новинарка. Обвинението беше покренато според Законот за кривични дела без смртни последици од 2010 година, кој овозможува гонење на поединци за вознемирување што се случува „со какви било средства". Случајот покажува дека таквите одредби може да се применат во случаи каде што биле користени онлајн форми на комуникација.[22]

**Вклучување одредби што се применуваат на онлајн облици на малтретирање:** Во Германија, одредбите во Кривичниот Законик за престапи поврзани со демнење, вклучуваат неовластени обиди за контакт со друго лице преку телекомуникации и несоодветно

користење на податоците на друго лице за да се поттикнат трети лица да контактираат со некое лице.[23]

**Декриминализација на клевета:** Од 2009 година, земјите учеснички на ОБСЕ постигнаа напредок во декриминализацијата на клеветата и/или кривичните закони за навреда. Од 2017 година, следните земји учеснички на ОБСЕ ги укинаа општите кривични одредби за клевета: Ерменија, Босна и Херцеговина, Кипар, Естонија, Грузија, Ирска, Киргистан, Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија, Норвешка, Романија, Таџикистан, Обединетото Кралство и Украина.[24]

## Извори

- Претставникот за слобода на медиуми на ОБСЕ и Меѓународниот институт за печат објавија извештај за Правни одговори на онлајн вознемирување и злоупотреба на новинари: Перспективи од Финска, Франција и Ирска, кои ги проучуваат правните одговори на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарите во Финска, Франција и Ирска.[25]

- Претставникот за слобода на медиуми на ОБСЕ објави правни анализи на релевантното законодавство со препораки за надлежните органи, на пример Австрискиот предлог закон за онлајн посветеност и одговорност;[26] Украинскиот закон за медиуми;[27] Нацрт законот за медиумски услуги во Албанија;[28] или Германскиот нацрт закон за подобро спроведување на законот на социјалните мрежи.[29]

- Legislationline е база на податоци основана од Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права, за земјите учеснички на ОБСЕ да се консултираат и да го усогласат законодавството со меѓународните стандарди.[30]

- Правната библиотека на Конгресот на САД објави компаративна анализа на законодавството во извештајот Закон за заштита на новинарите од онлајн малтретирање.[31]

- Специјалниот известувач на ОН за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување обезбедува корисни препораки во Извештајот за употреба на енкрипција и анонимност во дигиталните комуникации.[32]

- Рабат планот за акција за забрана на застапување на национална, расна или верска омраза што претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство, од Канцеларијата на високиот комесар за човекови права, дава јасни препораки за тоа што претставува „говор на омраза".[33]

- Говор на омраза - појаснување: Збир на алатки е водич од организацијата ARTICLE 19 за идентификување на „говор на омраза" и како делотворно да му се спротивставиме, истовремено заштитувајќи го правото на слобода на изразување и еднаквост.[34]

## Фусноти на крај на поглавјето

**1** OSCE, Ministerial Council Decision No. 3/18, "Safety of Journalists", 7 December 2018, https://www.osce.org/files/f/documents/a/c/462187.pdf
**2** "Equality and Non-discrimination", United Nations and the Rule of Law, https://www. un.org/ruleoflaw/thematic-areas/human-rights/equality-and-non-discrimination/.
**3** "Legal Responses to Online Harassment and Abuse of Journalists - Perspectives from Finland, France and Ireland", OSCE RFoM and IPI, 7 March, 2019, https://www.osce.org/representa- tive-on-freedom-of-media/413549.
**4** The Law Library of Congress, Laws Protecting Journalists from Online Harassment, September 2019, p. 4–5, https://www.loc.gov/law/help/protecting-journalists/online-harassment.pdf.
**5** OSCE, Office for Democratic Institutions and Human Rights (ODIHR), "Making Laws Work for Women and Men: A Practical Guide to Gender-Sensitive Legislation", 2017, https://www.osce.org/odihr/327836?download=true.
**6** 6.OECD, "Toolkit for Mainstreaming and Implementing Gender Equality", 2018, https://www.oecd.org/gov/toolkit-for-mainstreaming-and-implementing-gender-equality.pdf.
**7** Toby Mendel, "Freedom of expression for parliaments and their members: Importance and scope of protection", Inter-Parliamentary Union, 2018, https://www.ipu.org/resources/publications/handbooks/2018-10/freedom-expression-parliaments-and-their-members-importance-and-scope-protection.
**8** European Court of Human Rights, Handyside v. the United Kingdom, Application no. 5493/72, 7 December 1976, paragraph 49, https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22dmdocnumber%22:[%22695376%22],%22itemid%22:[%22001-57499%22]}. Yaman Akdeniz, "Media Freedom on the Internet: An OSCE Guidebook", OSCE RFoM, 2016, https://www.osce.org/netfreedom-guidebook?download=true.
**9** UN General Assembly, Resolution 2200A (XXI), International Covenant on Civil and Political Rights, 16 December 1966, entry into force: 23 March 1976, Article 49, https://www.ohchr.org/ en/professionalinterest/pages/ccpr.aspx.
**10** "UN experts urge States and companies to address online gender-based abuse but warn against censorship", UN Office of the High Commissioner for Human Rights, news item, 8 March 2017, https://www.ohchr.org/EN/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=21317.
**11** Ibid.
**12** UN Human Rights Committee, General Comment No. 34, Article 19: Freedoms of opinion and expression, CCPR/C/GC/34, 2011, paragraphs 30 and 34, https://www2.ohchr.org/english/bodies/hrc/docs/gc34.pdf.
**13** OSCE RFoM, "Recommendations following the Expert Meeting New Challenges to Freedom of Expression: Countering Online Abuse of Female Journalists", 17 September 2015, https://www.osce.org/fom/193556?download=true.
**14** UN General Assembly, Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression, A74/486, 9 October 2019, https://undocs.org/A/74/486.
**15** UN General Assembly, Report of the United Nations High Commissioner for Human Rights on the expert workshops on the prohibition of incitement to national, racial or religious hatred, A/HRC/22/17/Add.4, 11 January 2013, https://www.ohchr.org/Documents/Issues/Opinion/SeminarRabat/Rabat_draft_outcome.pdf.
**16** "Decriminalization of defamation", OSCE RFoM, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/106287.
**17** Op. cit. endnote 3.
**18** Op. cit. endnote 1.

**19** UN General Assembly, Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression, A/HRC/29/32, 25 May 2015, https://www.ohchr.org/en/issues/freedomopinion/pages/callforsubmission.aspx
**20** Op. cit. endnote 3.
**21** French Criminal Code, France, https://www.legifrance.gouv.fr/affichCode.do?idSectionTA=LEGISCTA000021796946&cidTexte=LEGITEXT000006070719.
**22** Op. cit. endnote 3.
**23** German Criminal Code, https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_stgb/englisch_stgb.html.
**24** Scott Griffen, "Defamation and Insult Laws in the OSCE Region: A Comparative Study", OSCE RFoM, March 2017, https://www.osce.org/files/f/documents/b/8/303181.pdf.
**25** Op. cit. endnote 11.
**26** OSCE RFoM, Legal Review of the Austrian draft Law on Diligence and Responsibility On- line, 4 June 2019, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/421745
**27** OSCE RFoM, Legal Review on the draft law of Ukraine "on media", February 2020, https://www.osce.org/files/f/documents/2/7/447508.pdf.
**28** OSCE RFoM, Legal Review of the draft Law on Media Services in Albania, July 2019, https://www.osce.org/files/f/documents/4/3/425462.pdf.
**29** OSCE RFoM, Legal Review of the German Draft Law on Better Law Enforcement in Social Networks, May 2017, https://www.osce.org/files/f/documents/a/0/333541.pdf.
**30** OSCE ODIHR, "Legislationline database", http://www.legislationline.org/
**31** Library of Congress Law, "Laws Protecting Journalists from Online Harassment: Compar- ative Summary", Library of Congress Law, https://www.loc.gov/law/help/protecting-journalists/.
**32** UN General Assembly, Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression, A/HRC/29/32, 22 May 2015, https://undocs.org/A/HRC/29/32.
**33** Op. cit. endnote 15.
**34** ARTICLE 19, "'Hate Speech' Explained: A Toolkit", 2015, https://www.article19.org/resources/hate-speech-explained-a-toolkit.



# Правосудство

## Предложени дејствија

1. Подигање на свеста за родовите прашања преку судскиот систем, бидејќи тоа е од суштинско значење за заштита на новинарките;

2. Зголемување на експертизата кај судскиот персонал за проблеми поврзани со слободата на изразување, безбедност на новинари, и вознемирување и злоупотреба, офлајн и онлајн;

3. Применување и промовирање на најдобри практики во пристапот до правда, казни и правни средства;

4. Националните институции за човекови права треба да се вклучат во проблемот за безбедност на новинарите.

# 3. Правосудство
## Обезбедување на пристап до правдата и ставање крај на неказнувањето

Ова поглавје се фокусира на работата на судовите и судиите кои го толкуваат и применуваат законот, што е од суштинско значење за заштита на човековите права и безбедноста на новинарите. Дополнително, ова поглавје, исто така, вклучува дел за независни институции за човекови права кои имаат мандат да ги штитат и промовираат човековите права.

Еден од предизвиците во решавањето на онлајн малтретирањето и злоупотребата врз новинарките е дека истото често пати поминува непријавено и, според тоа, гарантирањето на нивниот пристап до правдата е од клучно значење. Особено загрижувачко е високото ниво на неказнување на злосторства против новинари - речиси 90 отсто од познати убиства на новинари ширум светот.[1] Бидејќи истото претставува системски неуспех на функцијата на власта и на владеењето на правото, од кое зависат безбедноста и правата на сите, борбата против неказнувањето е еден апсолутен императив.[2]

**Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 3/18 ги повикува државите „да преземат делотворни мерки за да се стави крај на неказнувањето на злосторствата извршени врз новинарите, преку обезбедување одговорност како клучен елемент во спречувањето на идните напади, вклучително и преку осигурување дека агенциите за спроведување на законот спроведуваат брзи, делотворни и непристрасни истраги за актите на насилство и закани против новинари, со цел сите одговорни да се изведат пред лицето на правдата и на жртвите да им биде обезбеден пристап до соодветни правни средства“.**

### › Подигање на свеста за родовите прашања преку судскиот систем, бидејќи тоа е од суштинско значење за заштита на новинарките

На онлајн безбедноста за новинарките и треба судски систем кој ги штити правата на сите и е внимателен за начинот на кој различни искуства се доживувани од страна на мажите, жените и луѓето од различна сексуална ориентација, родови идентитети и изразувања, во согласност со меѓународните стандарди за човекови права.[3] Во потрага по овој идеал, државите треба да ги направат сите напори да го оценат и реформираат правосудниот систем со цел унапредување на родовата еднаквост. Потенцијалните чекори кон оваа цел вклучуваат балансирање на родовата застапеност во персоналот и градење капацитет за да се гарантира еднаков пристап до правдата.

Еден од предизвиците во решавањето на онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарките е дека истото често поминува непријавено. Постојат многу фактори кои придонесуваат за истото, како што се страв од одмазда, професионални реперкусии, стигматизација од колегите. Исто така, може да постои несоодветна заштита за зачувување на достоинството на подносителите на жалбата, економски трошоци, и перцепција дека ништо нема да се направи; фактори кои би можеле понатаму да ги обесхрабрат новинарките да започнат правна постапка.[4] Проактивни чекори за да се олесни пристапот до правдата, вклучувајќи услуги за правна помош и информативни кампањи, можат да им помогнат на новинарките да надминат некои од овие пречки. Промовирање на владеењето на правото и обезбедувањето на еднаков пристап до правда за сите е обврска содржана во Целите за одржлив развој.[5]

Чекори за подобрување на стапката на случаи кои се однесуваат на безбедноста на новинарките во судскиот систем, исто така, можат да

вклучуваат организирање на дијалози помеѓу судството и новинарките, со цел размена на искуства, и да се зголеми разбирањето за тоа како онлајн малтретирањето и злоупотребата влијаат на личните и професионалните животи на новинарките.

## Примери

**Обука на професионалци во правосудството:** Почнувајќи од 2013 година, надлежните органи во Босна и Херцеговина, во соработка со Здружението на жени судии, обучија судски професионалци за родови пристапи во судските постапки и практики.[6]

**Поддршка на постапките донесени пред судот:** Во 2018 година, регионалниот регулаторен орган за медиуми во Северна Рајна-Вестфалија, Германија, започна проект кој нуди правна поддршка на новинските организации и новинари со цел да донесе случаи на онлајн малтретирање и злоупотреба до судот.[7]

## Извори

- Детални препораки за тоа како да се обезбеди родово-одговорен пристап кон правосудниот систем се развиени од страна на ОБСЕ во збирот на алатки Правда и род.[8]
- Програмата на Советот на Европа за образование за човекови права за правни професионалци (HELP) нуди онлајн курс,

Пристап до правда за жени, кој вклучува модули за подобрување на пристапот на жените до правдата и родово-сензитивни пристапи за користење на правото.[9]

- Извештајот на УНЕСКО Спречи и казни: во потрага по решенија за борба против насилството врз новинарите вклучува препораки за решавање на неказнувањето на злосторствата против новинарите, иако нема конкретни детали за родовите прашања.[10]

## › Зголемување на експертизата кај судскиот персонал за проблеми поврзани со слободата на изразување, безбедност на новинари и вознемирување и злоупотреба, офлајн и онлајн

За да може да се адаптира, судскиот персонал треба да биде свесен за различните придобивки и предизвици кои, медиумскиот пејзаж кој брзо се менува, ги претставува за мажите и жените новинари. Теми како што се исполнување и заштита на правото на слобода на изразување онлајн; суштинската важност на родово-одговорните пристапи за почитување на ова право; како и како соодветна реакција на онлајн малтретирање и злоупотреба, додека во исто време се почитуваат меѓународните стандарди за човекови права, треба да бидат вклучени во правните образовни наставни планови и програми за обука.

Ваквите курсеви за обука треба да опфатат, најмалку, пет теми што влијаат врз онлајн безбедноста на новинарките:

1. преглед на меѓународните стандарди за човекови права за превенција, заштита и кривично гонење на кривични дела против правото на слобода на изразување;

2. јасен увид во законските ограничувања на правото на слобода на изразување и таканаречениот тест од три дела (страница 42: законитост; легитимитет; и неопходност и пропорционалност);

3. придобивките од, и предизвиците на, правото на слобода на изразување на  Интернет, и увид во начинот на кој интернетот и социјалните медиуми работат;

4. инклузивен и недискриминаторен пристап во остварувањето на правото на слобода на изразување; и

5. улогата на новинарството и новинарите во демократските општества.[11]

Организирањето на обука во соработка со колегите од судството од странство може да биде непроценливо за сите вклучени лица. Работилница меѓу судии, или други лица кои работат во правосудниот сектор, од земјите учеснички на ОБСЕ, на пример, може да овозможи продуктивна размена на искуства и научени лекции.

## Примери

**Организирање големи отворени онлајн курсеви:** Од 2014 година, повеќе од 12.000 судии присуствуваа на големи отворени онлајн курсеви организирани од страна на УНЕСКО за да го зголемат своето знаење за прашањата поврзани со слободата на изразување. Учесниците топло ги поздравија курсевите, со повратни информации што покажаа дека обуката им помогнала подобро да ги разберат прашањата кои се однесуваат на безбедноста на новинарите.[12]

**Меѓународните размена меѓу експерти на високо ниво:** Централно-Азискиот правосуден дијалог во организација на Претставникот за слобода на медиуми на ОБСЕ има овозможено регионална и меѓународна соработка меѓу највлијателните правници и судии кои ретко, или никогаш, не се среќаваат едни со други.[13] Тие разменуваат правни мислења и судски искуства за најважните прашања, како што е декриминализацијата на клеветата, и борбата против "говорот на омраза", во исто време штитејќи ја слободата на изразување.

**Присуство на лична обука:** Од 2016 година, повеќе од 4.000 судии, обвинители, адвокати и медиумски професионалци учествуваа во проектот JUFREX организиран од страна на Советот на Европа, проширувајќи ги своите знаења за слободата на изразување и безбедноста на новинарите во Југоисточна Европа.[14]

**Формирање специјални судови:** Естонија формираше специјализиран суд за онлајн малтретирање, при што судиите и полициските службеници добија специјална обука за ова прашање.[15]

## Извори

- УНЕСКО објави пакет со алатки за Правни стандарди за слобода на изразување во Африка, кој вклучува дел за родови перспективи за слободата на изразување.[16] УНЕСКО, во соработка со Центарот за меѓународна медиумска помош, исто така, објави водич за Меѓународните стандарди за слобода на изразување: Основен водич за правни професионалци во Латинска Америка,[17] како образовен збир на алатки за слобода на изразување, пристап до информации и безбедност на новинари за судии.[18]

- Заштитувајќи го Правото на слобода на изразување според Европската конвенција за човекови права, водичот на Советот на Европа дава препораки за безбедност на новинарите.[19]

- Онлајн обуката за безбедност на новинари, за судии и правници, ги поставува основите за заштита и кривично гонење на насилството врз новинарите. Истата е достапна на Онлајн платформа HELP на Советот на Европа  на различни јазици.[20]

## › Применување и промовирање на најдобри практики во пристапот до правда, казни и правни средства

Бидејќи независното правно дејство може да биде трауматично и да одзема време за лицето подложено на насилство, треба да постои систем кој ќе осигура дека процесите се одвиваат брзо, и дека се обезбедени правна помош и правни средства,[21] Правните лекови треба да бидат пропорционални на сериозноста на повредите, и може да вклучуваат финансиски надомест, како и широк спектар на мерки за рехабилитација на жртвите, и олеснување на нивното враќање на работа, ако тие така сакаат.[22]

Кога се разгледуваат случаи на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки, судовите треба да го земат предвид влијанието кое даденото однесување го имало на правото на слобода на изразување и слободата на жолтиот печат во нивните казни и соодветни санкции и правни средства.[23] Кога се изрекува казна, судиите треба да ги земат предвид најдобрите практики на случаи на напади врз новинари, решавани од други судови, во согласност со меѓународното право за човекови права. Се е позначајна јуриспруденцијата на која судството може да се потпре. Ова може да послужи за да се осигура дека државните и недржавните сторители се цврсто свесни дека не можат да постапуваат неказнето без одредена мерка на надомест од страна на судовите. Една таква мерка е на надомест на штета на новинар кој има претрпено повреда.[24]

Правосудните тела треба да промовираат, во соработка со специјални обвинители и независни комисии формирани од различни засегнати страни, зајакнување на борбата против неказнувањето. Ова може да вклучува соработка со посебни комисии кои ја набљудуваат делотворноста на истрагите во соработка со надлежното министерство, медиумски организации, и граѓански организации.

## Примери

**Изрекување на казна:** Во Франција, на две лица им беше одредена шест-месечна условна затворска казна и парична казна од 2.000 евра за упатување онлајн смртни закани и закани за силување. Нивната цел, француска новинарка, беше подложена на осум-месечна кампања за онлајн малтретирање.[25] Во Ирска, едно лице беше осудено на четири и пол години затвор (од кои последните 18 месеци беа дел од условна казна) за малтретирање на новинарка, според Законот за кривични дела без смртни последици против лицето.[26]

**Покренување на јавни истраги:** Во ноември 2019 година беше основана јавна истрага за убиството на Дафне Каруана Галиција на Малта, по суштинско застапување истата да се основа од страна на семејството на жртвата, резолуција на Парламентарното собрание на Комисијата за правни прашања на Советот на Европа, како и притисок од други меѓународни организации.[27]

**Доделување финансиска отштета:** Во Финска, националниот суд додели отштета од 94.000 евра на новинарка, заедно со надомест за медицински трошоци, загуба на заработка и сигурност, откако беше подложена на онлајн малтретирање, следење и клевета од страна на три лица.[28]

**Обезбедување на граѓански правни средства:** Во многу земји, жртвите можат да започнат граѓанска постапка за надомест на штета ако онлајн вознемирувањето или злоупотребата го прекршуваат уставното право на едно приватно лице, на пример, во согласност со ирскиот закон.[29]

## Извори

- Судската пракса на Европскиот суд за човекови права (ECtHR) може да се погледне во извештајот на Советот на Европа Слобода на изразување, медиуми и новинари: Судска пракса на Европскиот суд за човекови права.[30] Исто така, постои и HELP онлајн обука на Советот на Европа за Образложување на кривични пресуди и вовед во ECHR.[31]

- IRIS Merlin базата на податоци на Европската аудиовизуелна опсерваторија вклучува корисни информации во врска со медиумски правни прашања, вклучително и заштита на новинарите.

- Базата на податоци за Глобалната судска пракса за слобода на изразување на Универзитетот Колумбија обезбедува пристап до стотици пресуди за прашањата за слободата на изразување низ целиот свет, вклучително и безбедноста на новинарите.

- Правниот факултет во рамките на Универзитетот Оксфорд објави Извештај за обештетување и правни средства за жртви на сексуално и родово засновано насилство во кој се гледа меѓународната, регионалната и националната јуриспруденција.[32]

## › Националните институции за човекови права треба да се вклучат во проблемот со безбедноста на новинарите

Без разлика дали се формирани како комисија, народен правобранител или во друга форма, независните јавни национални институции за човекови права (NHRIs) се добро прилагодени за решавање на прашањето за безбедноста на новинарите, вклучително и прашањето за онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки. Националните институции за човекови права можат да обрнат внимание на онлајн безбедноста на новинарки преку набљудување, едукација и стратешка комуникација, како и преку испитување на жалби, и спречување на кршење на човековите права, и злоупотреби против новинарите.[33] На пример, националните институции за човекови права имаат мандат да се занимаваат со индивидуални жалби, и да посредуваат меѓу жалителите и органите на јавната администрација кои не ја исполниле својата обврска за заштита на човековите права. Покрај тоа, националните институции за човекови права можат да даваат јавни изјави, да започнат кампањи за подигање на јавната свест, како и да објавуваат тематски истражувања.

Националните институции за човекови права се добро поставени да ги следат нападите врз новинарите, вклучително и онлајн малтретирањето и злоупотребата. Како независни јавни институции, националните институции за човекови права се во добра позиција да развијат системи за прибирање податоци за степенот и влијанието на безбедноста на новинарите, кои што можат да ги информираат јавните политики и меѓународните механизми, како што се целите за одржлив развој.

Националните институции за човекови права во некои случаи имаат квази-јурисдикциски надлежности, што ги става во позиција да

препорачуваат и да обезбедуваат правни средства, или да играат улога во алтернативни решенија за споровите. Таквите не-правни средства може да биде добредојдена алтернатива во случаи на родово-засновано онлајн и офлајн малтретирање на жени, кои не сакаат да се вклучат во отворена судска постапка.

Како и другите институции, националните институции за човекови права треба да обезбедат родово-одговорен пристап во нивната работа и да назначат соодветни човечки и финансиски ресурси за делотворно спроведување на ваквиот пристап.

## Примери

**Подготовка на Извештаи за човекови права од страна на народен правобранител:** Народниот правобранител за човекови права на Босна и Херцеговина подготви Специјален извештај за статусот и случаите на закани против новинари. Истиот ги идентификува главните предизвици за безбедноста на новинарите, вклучително и онлајн малтретирање и злоупотреба, и степенот до кој овие предизвици беа соодветно третирани од страна на Државата.[34]

**Објавување извештаи во соработка со медиумите:** Канцеларијата на литванскиот народен правобранител Сејмас соработува со медиумите, особено со Здружението на регионални радиостаници, за да спроведе заеднички програми за прашања поврзани со човековите права. Во оваа заедничка иницијатива, радио новинарите подготвија програма со внесување на содржини од канцеларијата на народниот правобранител. Овој аранжман нуди форум за емитување на прашања за слободата на изразување и насилството врз новинарите, вклучително и онлајн малтретирање и злоупотреба.[35]

## Извори

- Прирачникот за национални институции за човекови права за женски права и родова еднаквост подготвен од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ дава корисни совети за вклучување на родот во Националните институции за човекови права.[36]

# Фусноти на крај на поглавјето

**1** UNESCO, "Intensified attacks, new defences: developments in the fight to protect journalists and end impunity", 2019, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000371487.
**2** William Horsley, "OSCE Safety of Journalists Guidebook", OSCE RFoM, 2014. p. 23, https://www.osce.org/fom/118052?download=true.
**3** Eleanor Gordon, "Justice and Gender, in Gender and Security Toolkit", DCAF, OSCE, ODIHR, UN Women, 2019, https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/GSToolkit_Tool-4%20EN%20FINAL_1.pdf.
**4** Michelle Ferrier, "Attacks and Harassment: The Impact on Female Journalists and Their Reporting", International Women's Media Foundation, TrollBusters, 2018, https://www.iwmf.org/wp-content/uploads/2018/09/Attacks-and-Harassment.pdf. Edison Lanza, "Women Jour- nalists and Freedom of Expression: Discrimination and gender-based violence faced by women journalists in the exercise of their profession", IACHR, RFOE, OEA/SER.L/V/II CIDH/RELE/ INF.17/17, 31 October 2018, http://www.oas.org/en/iachr/expression/docs/reports/Women-Journalists.pdf.
**5** UN Sustainable Development Goal 16: Promote peaceful and inclusive societies for sustain- able development, provide access to justice for all and build effective, accountable and inclusive institutions at all levels, 2015, https://sustainabledevelopment.un.org/sdg16.
**6** Op. cit. endnote 3, case study 5: gender and justice reform (Bosnia and Herzegovina).
**7** Barbara Trionfi and Javier Luque Martinez, "Newsroom Best Practices for Addressing Online Violence against Journalists: Perspectives from Finland, Germany, Poland, Spain and the Unit- ed Kingdom", IPI, in co-operation with the OSCE RFoM, June 2019, https://newsrooms-onthe-line.ipi.media/wp-content/uploads/2019/06/IPI-report-online-harassment-06032019.pdf.
**8** Lorraine Andaya Serrano, "Integrating Gender in Project Design and Monitoring for the Se- curity and Justice Sector", in: Gender and Security Toolkit, DCAF, OSCE ODIHR, UN Women, 2019, https://dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/GSToolkit_Tool-15%20EN%20FINAL_0.pdf
**9** Council of Europe, HELP Online Courses, http://help.elearning.ext.coe.int/.
**10** Eduardo Bertoni, "Prevent and Punish: In search of solutions to fight violence against journal- ists", UNESCO, 2015, https://en.unesco.org/sites/default/files/prevent-and-punish_bertoni.pdf.
**11** Catalina Botero, "Guía político-pedagógica sobre la incorporación de la temática de libertad de expresión y de acceso a la información pública en la formación de operadores judiciales en América Latina", UNESCO, 2016, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000243750.
**12** Rosental Calmon Alves, "Training Judges Online to Safeguard Journalists", in the UNESCO Courier, April – June 2017, https://en.unesco.org/courier/2017-april-june/training-judges-online-safe-guard-journalists.
**13** OSCE RFoM, "OSCE Media Freedom Representative concludes the second Central Asia Judicial Dialogue", March 2020, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/448045. OSCE RFoM, "Second Expert Meeting - Central Asia Judicial Dialogue, 2020, https://www.osce.org/files/f/documents/0/e/461008_0.pdf
**14** "Reinforcing Judicial Expertise on Freedom of Expression and the Media in South-East Europe (JU-FREX)", Council of Europe, South-East Europe Freedom of expression (JUFREX), https://www.coe.int/en/web/freedom-expression/promoting-freedom-of-expression-in-south-east-europe.
**15** Peter Noolander, "On the safety of journalists and other media actors, for the Conference of Ministers responsible for Media and Information Society", Background paper on the imple- mentation of CM/rec(2016)4, May 2020, https://rm.coe.int/background-paper-safety-of-jour- nalists-and-other-me-dia-actorsfinal/168094b396.
**16** UNESCO, "Legal Standards on Freedom of Expression: Toolkit for the Judiciary in Africa", 2018, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000366340.
**17** Silvia Chocarro, "International standards on freedom of expression: A basic guide for legal practi-

tioners in Latin America and the Caribbean", Center for International Media Assistance, 2018, https://www.cima.ned.org/resource/international-standards-on-freedom-of-expression-a-basic-guide-for-legal-practitioners-in-latin-america-and-the-caribbean/.
**18** UNESCO, "Caja de herramientas para escuelas judiciales iberoamericanas", 2017, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000251593.
**19** Dominika Bychawska-Siniarska, "Protecting the Right to Freedom of Expression Under the European Convention on Human Rights", Council of Europe, 2017, https://rm.coe.int/hand- book-freedom-of-expression-eng/1680732814.
**20** Council of Europe, HELP online platform, http://help.elearning.ext.coe.int/
**21** UN Special Rapporteur on Freedom of Opinion and Expression, OSCE Representative on Freedom of the Media, Organization of American States (OAS) Special Rapporteur on Freedom of Expression and African Commission on Human and Peoples' Rights (ACHPR) Special Rap- porteur on Freedom of Expression and Access to Information, "Joint Declaration on Crimes against Freedom of Expression", 25 June 2012, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/91595.
**22** Ibid.
**23** Scott Griffen, "Legal Responses to Online Harassment and Abuse of Journalists: Perspectives from Finland, France and Ireland", OSCE RFoM, March 2019, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/413552?download=true.
**24** Op. cit. endnote 5.
**25** "RSF publishes report on online harassment of journalists", Reporters Without Borders news item, 1 August 2018, https://rsf.org/en/news/rsf-publishes-report-online-harassment-journalists.
**26** Op. cit. endnote 23.
**27** Council of Europe, Parliamentary Assembly Resolution No. 2293, "Daphne Caruana Galizia's assassination and the rule of law in Malta and beyond: ensuring that the whole truth emerges", 26 June 2019, http://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/Xref-DocDetails-EN.asp?fileid=28053.
**28** Op. cit. endnote 2.
**29** Ibid.
**30** European Audiovisual Observatory, "Freedom of Expression, the Media and Journalists: Case-law of the European Court of Human Rights", December 2017, https://rm.coe.int/free- dom-of-expression-the-media-and-journalists-iris-themes-vol-iii-de/16807c1181.
**31** Council of Europe, "Human Rights Education for Legal Professionals", August 2017, https://www.coe.int/en/web/help/-/take-the-help-free-online-course-on-reasoning-of-criminal-judgments-.
**32** University of Oxford, "A Report on Reparations and Remedies for Victims of Sexual and Gender Based Violence", REDRESS, January 2016, https://rm.coe.int/freedom-of-expression- the-media-and-journalists-iris-themes-vol-iii-de/16807c1181.
**33** UN General Assembly, Resolution 74/157, "The safety of journalists and the issue of impuni- ty", 18 December 2019, https://undocs.org/A/RES/74/157.
**34** The Institution of Human Rights Ombudsman of Bosnia and Herzegovina, "Special Report on the Status and Cases of Threats Against Journalists in Bosnia and Herzegovina", June 2017, https://www.ombudsmen.gov.ba/documents/obmudsmen_doc2017082415202346eng.pdf.
**35** OECD, "The Role of Ombudsman Institutions in Open Government: OECD Working Paper on Public Governance No. 29", 2018, https://www.oecd.org/gov/the-role-of-ombudsman-institutions-in-open-government.pdf.
**36** OSCE ODIHR, "Handbook for National Human Rights Institutions on Women's Rights and Gender Equality", 2012, https://www.osce.org/odihr/97756?download=true.




# Агенции за спроведување на законот

# Предложени дејствија

1. Унапредување на обуката на агенциите за спроведување на законот за прашањето за онлајн безбедноста на новинарите со родово-одговорен пристап;

2. Преглед и подобрување на родовите согледувања при проценката на ризикот од закани и вознемирување;

3. Зајакнување на протоколи, методи и постапки за истрага на кривични дела против новинари и слобода на изразување;

4. Зголемување на дијалогот и координацијата за безбедноста на новинарите помеѓу агенциите за спроведување на законот, медиумите и граѓанското општество.

# 4. Агенции за спроведување на законот

## Подобрување на методите за заштита и делотворни истраги

Овој дел се занимава со државните органи кои треба да ја исполнат обврската за заштита на новинарите и делотворно да ги истражат кривичните дела против нив: агенциите за спроведување на законот. Новинарките се соочуваат со различни ризици во врска со нивната работа, што бара родово-одговорни пристапи кон нивната безбедност. Истражувањето на кривичните дела против новинарите, извршени во дигиталната средина сè уште е поле во развој. Секој нов предлог за спротивставување на онлајн практиките треба внимателно да се процени, за да се осигура дека заштитата и остварувањето на човековите права преку Интернет, вклучително и правото на слобода на изразување и приватност, не се поткопани.

Овој дел дава преглед на препораките и постоечките стандарди за ефикасна истрага на кривични дела против новинарите, вклучувајќи ги и оние вклучени во Одлуката на Министерскиот Совет на ОБСЕ бр.18/03 за решавање на спектарот на родово-засновано онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки. Покрај тоа, истата предлага чекори што агенциите за спроведување на законот треба минимално да ги преземат за да ги имплементираат овие препораки.

**Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 3/18** ги повикува државите „да ги охрабрат државните органи и агенциите за спроведување на законот да се вклучат во активности за подигање на свеста, и обука, поврзани со потребата да се обезбеди сигурност на новинарите и да се промовира вклучувањето на граѓанското општество во такви активности, каде што е соодветно".

## › Унапредување на обуката на агенциите за спроведување на законот во врска со прашањето за онлајн безбедност на новинарите со родово-одговорен пристап

Бидејќи службениците за спроведување на законот можеби не се секогаш свесни за меѓународните стандарди за човекови права, и безбедноста на новинарите во нивната секојдневна работа, програмите за обука би можеле да одиграат конструктивна улога истите подобро да ги разберат правата на новинарите, опсегот на закани со кои што се соочуваат, и алатки за реагирање.[1] Ваквите програми за обука треба да вклучуваат неколку компоненти и препораки за тоа како да се креираат процедури што ќе ги охрабрат да ги пријавуваат онлајн и офлајн нападите до надлежните органи. Овие програми за обука, исто така, треба да вклучуваат дејствија за воздржување од практикување институционално однесување што ги тера поединците повторно да ја преживеат траумата од нападот, и со тоа да го надополнат негативното искуство (исто така познато како ревиктимизација).[2] Општиот поглед на употребата, злоупотребата и придобивките од технологијата, како и практични модули кои обезбедуваат алатки и знаење за правни и технички аспекти, треба да ги пренесе различните манифестации на

родово-засновано онлајн малтретирање и злоупотреба, како и како специфичните околности под кои онлајн заканите и вознемирувањата претставуваат кривични дела со кои треба да се постапува на ист начин како со офлајн кривичните дела.[3]

Ваквата обука треба да биде задолжителна за целиот релевантен персонал на агенциите за спроведување на законот, особено полицијата што ги прима пријавите, и истражителите, и треба да вклучува одредени временски рамки за завршување. Модулите за еднаквост и недискриминација треба да вклучат мерки за спротивставување на пречките со кои се соочуваат жените во пристапот до правда, како што се структурна и насочена дискриминација во системот на кривичната правда.

Превентивните мерки се клучни, како и процедурите, за идентификување на посебните ризици и закани со кои често пати се соочуваат новинарките на Интернет, наспроти оние што ги доживуваат нивните машки колеги.

Агенциите за спроведување на законот треба да дадат приоритет на заканите за живот или физички интегритет, вклучувајќи закани за силување[4] и други онлајн криминални постапки кои имаат потенцијал да се манифестираат офлајн.

Персоналот за спроведување на законот треба да биде добро упатен во практичните мерки достапни за спречување и ублажување на негативните влијанија од родово-заснованото малтретирање и злоупотреба. Тие, на пример, треба да станат свесни за можностите кои алатките за дигитална безбедност ги нудат за да спречат неовластен пристап до дигиталните сметки на новинарите. Властите, исто така, треба да бидат свесни за уникатните аспекти на активностите на

новинарите, како што е клучната потреба за заштита на изворите, и влијанието што го имаат различните видови на малтретирање и злоупотреба во нивниот личен и професионален живот.

Обуката треба да ги натера органите за спроведување на законот да бидат совесни и свесни за историската и сè уште преовладувачка тенденција на обвинување на жените кои се цел на случаи поврзани со родово-заснована злоупотреба и малтретирање. Обуката, исто така, треба да го нагласи товарот и психолошкото влијание при пријавувањето и спроведувањето на таквите жалби. Идентификувањето на основните причини за занемарување на пријавите за онлајн злоупотреба и други дејствија пријавени од страна на новинарки, треба да обезбеди влезни информации за да се создадат мерки што ги штитат новинарките од, и спречуваат, напади врз нив.

Дополнително, службениците за спроведување на законот добиваат обука и информации за примена на мерките за поддршка на новинарки, кога одредени дела не го исполнуваат кривичниот праг.

## Примери

**Обезбедување онлајн обука за полицијата:** Шведската полициска управа, во соработка со Универзитетот во Упсала, започна онлајн обука за полицајци за справување со злосторствата од омраза, кои се однесуваат на слободата на говорот, слободата на печатот и основните права и слободи на новинарите, лидерите за јавно мислење и политичарите.[5]

**Објавување прирачници за полицијата:** Прирачникот на Канадското министерство за правда за полицајци и обвинители во областа на кривично вознемирување ги покажува различните видови на онлајн вознемирување и различните закони и процедури што можат да се следат за да се истражат таквите кривични дела.[6]

## Извори

- Прирачникот за обука за Слобода на изразување и јавен ред, објавен од страна на УНЕСКО, има за цел опремување на членовите на безбедносните сили со алатки за одржување на јавниот ред и мир во согласност со човековите права и слободата на изразување, додека, исто така, се гарантира безбедноста на новинарите.[7] Прирачникот се користи во работилници и курсеви за обука, како дел од имплементацијата на Планот за акција на ОН за безбедност на новинарите, и прашањето за неказнување во многу земји, вклучувајќи ги и Казахстан, Киргистан, Таџикистан и Узбекистан.[8]

- За да им помогне на агенциите за спроведување на законот подобро да го истражуваат онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарките, организацијата ARTICLE 19 подготви краток приказ на политиката за Истражување на онлајн вознемирување и злоупотреба на новинарки[9]

## › Преглед и подобрување на родовите согледувања при проценката на ризикот од закани и вознемирување

Дискриминацијата и нееднаквоста со кои жените се соочуваат офлајн често пати се реплицира онлајн. Агенциите за спроведување на законот треба да бидат свесни за овие околности, особено во случаи кога новинарите го кажуваат своето мислење и се однесуваат спротивно на општествените норми и родови стереотипи кои што можат да ги изложат на дополнителен ризик.

Агенциите за спроведување на законот треба сеопфатно да ги прегледаат постапките и мерките што ги применуваат за да го оценат нивото на ризик наметнато со онлајн и офлајн заканите против новинарите. Овој преглед треба да го вклучи нивото на ризик доделен на различните видови закани кои не се нужно категоризирани како кривично однесување, и онлајн и офлајн, вклучувајќи ја и врската помеѓу двете области. Ваквиот сеопфатен преглед треба да создаде пракси со цел развој на протокол - разбрани како збир на методи, процедури и стандарди што ги водат перформансите на надлежните органи - за истрагата и одговорите на заканите врз, и ризиците со кои се соочуваат новинарите.[10]

Сите пријави за закана од страна на службениците за спроведување на законот треба да содржат детален опис на проценката и препорачаните мерки, како и сите фактички, контекстуални и родови согледувања обезбедени од страна на новинарот и специјалист за родови прашања, ако постои таков, кои заедно ја водат процената или истрагата

Проценките на ризик треба да имаат еден дел во кој би се внесувале и разгледувале модели на однесување и родови аспекти на инцидентот, како што се стереотипи, дискриминација, нетолеранција, сексуални

закани и заплашувања. Овие информации треба да се користат за да се одредат последователните активности и да се зајакне прибирањето на податоци поврзани со различните манифестации на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки.

Функциите за спроведување на законот можат да придонесат за подобро разбирање и развој на реакции на политиките за онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки. Властите треба да го овластат или поддржат прибирањето податоци и анализата на податоци поврзани со ова прашање.[11] Оваа работа може да ги насочи и зајакне превентивните и истражните одговори, во строга согласност со обврските за заштита на податоци и стандардите за заштита на приватност. Новинарите кои пријавуваат инцидент треба да бидат јасно информирани за користењето и обработката на нивните информации, како и правните лекови кои што можат да ги искористат во случај на повреди или злоупотреби.

## Примери

**Воспоставување протоколи за проценка на закани и ризици:** Со цел да се развие модел протокол за проценка на ризиците,[12] заеднички да се подобрат одговорите што агенциите за спроведување на законот им ги даваат на новинарите кои се соочуваат со посебни ризици поврзани со нивната работа, специјалниот известувач на ОН за вонсудски, кратки или произволни егзекуции ги повика државите да го поддржат прибирањето на добри практики во истрагата, проценката и/или одговорот на заканите и ризиците на новинарите. Ваквите протоколи мора да ги вклучат дигиталните и технолошките поими за заканите и ризиците со кои се соочуваат новинарите.

## › Зајакнување на протоколи, методи и постапки за истрага на кривични дела против новинари, и слобода на изразување

Зајакнувањето на истрагите за напади против новинари е највbooажно за справување со неказнувањето, но кога се прави тоа, важно е да се вклучи родов пристап кој одговара на различните манифестации, влијанија и ризици со кои се соочуваат жените и мажите, соодветно.[13]

Решавањето на неказнувањето на злосторствата против новинарите бара внимателни, непристрасни и делотворни истражувања насочени кон утврдување на вистината, како и бркање, апсење, кривично гонење, и на крајот, казнување на сите сторители на кривични дела против новинари.[14]

Една од мерките што треба да ги преземат агенциите за спроведување на законот е да се создадат специфични единици во рамките на полицијата и обвинителствата за истрага на кривични дела против новинари, или да се воспостават слични и соодветни планови за акција што овозможуваат давање приоритет и специјализација на истраги за кривични дела против новинари. Овие единици или специјални дејствија треба да ги засноваат своите работења на методи, постапки или протоколи развиени преку споделени добри практики.

Следно, агенциите за спроведување на законот треба да добијат доволно ресурси за да им дадат приоритет на проценките на ризикот и истрагите за кривични дела против новинарките. Покрај тоа, на нив треба да им се даде и капацитет за развој на специјализиран сет на стандарди, процедури и протоколи за да се осигура дека истрагата на кривични дела против новинари вклучува, како правило, исцрпување на линијата на истрага поврзана со новинарската дејност

на жртвата. Кога агенциите за спроведување на законот одлучуваат да не ја следат и исцрпуваат оваа линија на истрага, тие треба писмено да ја оправдаат оваа одлука и истата треба да биде одобрена од страна на службено лице од повисоко ниво. Во случаите во кои се вклучени новинарки, родовите согледувања треба да бидат истакнати во извештајот.

Кога онлајн заканите и малтретирањето претставуваат кривични дела со кои треба да се постапува на ист начин како и со кривичните дела направени офлајн, агенциите за спроведување на законот треба да ги проценат нивните постоечки протоколи за истрага и превентивни мерки со цел да ги идентификуваат најдобрите практики и научени лекции од сите постапки што се применуваат за спречување и истражување на овие кривични дела. Ваквата евалуација може да има корист од учеството на организации и експерти кои работат со малтретираните лица, како и новинарките кои имаат искусено пречки при пристапување до кривичниот правосуден систем.

## Примери

**Обезбедување судско упатство на високо ниво:** Обвинителството на Кралството на Обединетото Кралство даде насоки за одлуки во случаи поврзани со комуникации испратени преку социјалните медиуми од неговата публикација „Социјални медиуми“ за 2018 година-упатства за гонење на случаи поврзани со комуникации испратени преку социјалните медиуми, што вклучува појаснување за тоа кои комуникации на социјалните медиуми може да се сметаат за кривични дела.[15]

**Назначување посебна одговорност:** Полицијата во Косово го додели своето одделение за тешки злосторства да ги испита нападите и заканите против новинарите. Во соодветна мерка, Основниот суд на Косово во Приштина назначи координатор за случаи на новинари.[16]

## Извори

- Голем број граѓански организации, заедно со Јавното обвинителство, усвоија специјален протокол за испитување на злосторствата против слободата на изразување во Мексико. Истиот вклучува оперативни стандарди за истрага и прибирање докази, соработка помеѓу различни органи, и мерки за насочување и поврзување на лица кои се мета со соодветните услуги.[17]

- Краткиот приказ на политиката од страна на организацијата ARTICLE 19 Истражување на онлајн малтретирања и злоупотреба на новинарки го испитува обемот на обврски на државите за решавање на онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарки, и за спроведување на делотворна истрага за онлајн малтретирање и злоупотреба.[18]

## › Зголемување на дијалогот и координацијата за безбедност на новинарите помеѓу агенциите за спроведување на законот, медиумите и граѓанското општество

За да изградат доверба на јавноста во владеењето на правото и ефикасно да се справат со половата дискриминација, агенциите за спроведување на законот треба да ја промовираат, олеснат и поттикнат координацијата помеѓу полицијата, јавните обвинители, медиумските организации и граѓанското општество. Од суштинско значење е новинарите кои биле цел на онлајн и/или офлајн напади и злосторства да го пријават случајот во полиција.

Дијалозите меѓу овие страни треба да се фокусираат на решавање на основните причини за неказнивост за кривичните дела против новинарите, и улогата на технологијата во остварувањето на човековите права и во поставувањето ризици за правата на новинарите. Овие дијалози треба да се одвиваат со заедничко разбирање од страна на сите дека од клучно значење е да се има влезни информации од нападнатите лице, и од групите за поддршка на луѓе кои се соочуваат со онлајн малтретирање и злоупотреба, кога агенциите за спроведување на законот сакаат да дизајнираат, развијат или да применат постапки кои се справуваат со дискриминаторски практики и структурни пречки. Координацијата меѓу учесниците треба да развие нови, или да ги зајакне постоечките методи и процедури за обезбедување отчетност и надомест на штета.

Агенциите за спроведување на законот, исто така, можат да учествуваат во меѓународните иницијативи за соработка, како што се оние организирани од страна на Канцеларијата за дрога и криминал на ОН (UNODC), на пример оние предводени од Комисијата за кривични

дела за спречување на кривични дела, и кривично правосудство. Ваквите иницијативи нудат простор за размена на експертиза, искуство и информации за практиките на кривичното правосудство и спречувањето на кривичните дела против новинарите. Граѓанското општество и медиумскиот сектор, исто така треба да бидат вклучени во овие иницијативи.

## Примери

**Соработка за подобрување на истрагите:** Холандската полиција и обвинителството, заедно со Холандското здружение на главни уредници, се согласија да ги подобрат истрагите за напади врз новинари, вклучително со спроведување мерки како што се систематско регистрирање на случаи, давајќи им висок приоритет на нападите против новинари и правејќи ги информациите потранспарентни и достапни за жртвите.[19]

**Воспоставување на заедничка основа за интеракција :** Европскиот центар за печат и слобода на медиумите (ECPMF) создаде веб-ресурс policecodex.eu за подобрување на соработката меѓу полицијата и медиумските организации.[20] Кодексот се состои од осум упатства за полицијата за тоа како да реагира, постапува и работи со новинарите. Осумте упатствата се однесуваат на најрелевантните конфликти во Европа помеѓу двете професионални групи, според наодите на ECPMF.

**Олеснување на заедничка обука заради подобрување на дијалогот:** УНЕСКО ги олесни структуираните дијалози и

работилници за персоналот за спроведување на законот и новинарите од различни земји, како што се Украина, Непал, Сенегал, Танзанија, Сомалија, Буркина Фасо и Тунис.[21]

**Поканување повеќе чинители да учествуваат во дијалог:** Комисијата за превенција од криминал и кривично правосудство на UNODC одржува дијалози за безбедноста на новинарите кои вклучуваат претставници од влади и граѓанско општество.[22]

**Поканување повеќе чинители да учествуваат во дијалог:** Одделот за транснационални закани на ОБСЕ ја обучи полицијата во Ерменија да го подобри дијалогот со граѓанското општество за време на демонстрации, обрнувајќи посебно внимание на жените демонстранти.[23]

## Извори

- По серијата семинари меѓу службениците за спроведување на законот и новинарите во Украина, УНЕСКО објави извештај и видео за да го сподели нивното искуство.[24]

# Фусноти на крај на поглавјето

**1** UN Special Rapporteur on Freedom of Opinion and Expression, OSCE Representative on Freedom of the Media, Organization of American States (OAS) Special Rapporteur on Freedom of Expression and African Commission on Human and Peoples' Rights (ACHPR) Special Rap- porteur on Freedom of Expression and Access to Information, "Joint Declaration on Crimes against Freedom of Expression", 25 June 2012, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/91595.
**2** UN General Assembly Resolution 74/157, "The safety of journalists and the issue of impuni- ty", 18 December 2019, https://undocs.org/A/RES/74/157.
**3** OSCE RFoM, "Communiqué on the growing safety threat to female journalists online", 6 February 2015, https://www.osce.org/fom/139186?download=true.
**4** "New Challenges to Freedom of Expression: Countering Online Abuse of Female Journalists", OSCE RFoM, 2016, https://www.osce.org/fom/220411.
**5** Council of Europe, "How to protect journalists and other media actors? Implementation Guide to selected topics under the Protection and Prosecution pillars of the Guidelines of Recommenda- tion CM/Rec(2016)4 on the protection of journalism and safety of journalists and other media actors", DGI(2020)11, 2020, p. 21, https://rm.coe.int/safety-implementation-guide- en-16-june-2020/16809ebc7c.
**6** "A Handbook for Police and Crown Prosecutors on Criminal Harassment", Government of Cana- da, Department of Justice, https://www.justice.gc.ca/eng/rp-pr/cj-jp/fv-vf/har/part1.html#cybstalk.
**7** UNESCO, Freedom of Expression and Public Order: Training manual, Tunis, 2015, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000231305.
**8** "Almaty Training on Freedom of Expression and Public Order", UNESCO news item, 9 December 2019, https://en.unesco.org/news/almaty-training-freedom-expression-and-pub- lic-order.
**9** ARTICLE 19, "Investigating online harassment and abuse of women", 2020, https://www.ar- ticle19.org/https://www.article19.org/wp-content/uploads/2020/10/Gender-Paper-Brief-3-.pdf.
**10** UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on extrajudicial, summary or arbitrary executions, "Investigation of, accountability for and prevention of intentional State killings of human rights defenders, journalists and prominent dissidents", A/HRC/41/CRP.1, 19 June 2019, https://ap.ohchr.org/documents/dpage_e.aspx?si=A/HRC/41/36.
**11** OSCE RFoM, "Recommendations following the Expert Meeting New Challenges to Freedom of Expression: Countering Online Abuse of Female Journalists", 17 September 2015, https://www.osce.org/fom/193556?download=true.
**12** Op. cit. endnote 10.
**13** Op. cit. endnote 1.
**14** UN General Assembly, Resolution 39/6, "The safety of journalists", 27 September 2018, https://undocs.org/A/HRC/RES/39/6.
**15** "Social Media - Guidelines on prosecuting cases involving communications sent via social media", The Crown Prosecution Service, https://www.cps.gov.uk/about-cps.
**16** Petrit Çollaku, "Kosovo Indicators on level of media freedom and journalists' safety", Associ- ation of Journalists of Kosovo, 2018.
**17** Procuraduría General de la República, Estados Unidos Mexicanos, "Protocolo homologado de In- vestigación de delitos cometidos contra la libertad de expresión", October 2018, https://www.gob.mx/cms/uploads/attachment/file/444272/Protocolo_homologado_de_investigaci_n_de_delitos_cometi- dos_contra_la_libertad_de_expresi_n.pdf.
**18** ARTICLE 19, "Investigating online harassment and abuse of women", 2020, .https://www.article19.org/wp-content/uploads/2020/10/Gender-Paper-Brief-3-.pdf.
**19** "Agreement of the Steering Group on Aggression and violence against journalists" (Unof- ficial translation by Tarlach McGonagle), The Hague, 2018, https://www.ivir.nl/publicaties download/

Agreement-of-the-Steering-Group-on-Aggression-and-violence-against-journalists- EN-translation.pdf. All information related to the safety "mechanism" in The Netherlands is now available in this website, in Dutch: https://www.persveilig.nl/.

**20** The European Centre for Press and Media, The Press Freedom Police Codex, https://policecodex.eu/.

**21** "UNESCO partners with Tunisian Ministry of the Interior to improve safety of journal- ists", UNESCO news item, 2019, https://fr.unesco.org/news/l%E2%80%99unesco-et-le- minist%C3%A8re-de-l%E2%80%99int%C3%A9rieur-de-la-tunisie-coop%C3%A8rent-pour- am%C3%A9liorer-la-s%C3%A9curit%C3%A9-des.

**22** "The Safety of Journalists: Report on UNODC CCCPCJ Side-Event", Academic Council of the United Nations System, 7 July 2014, https://acuns.org/the-safety-of-journalists-report-on-unodc-cccpcj-side-event/.

**23** "OSCE Transnational Threats Department / Strategic Police Matters Unit introduces concept of dialogue policing to senior police officers and parliamentarians in Armenia", OSCE polis, November 2019, https://polis.osce.org/osce-introduces-concept-dialogue-policing-senior-police-officers-and-parliamentarians-armenia.

**24** "Film on the training of Ukrainian law enforcement officers on freedom of expression & safety of journalists", UNESCO news item, 11 April 2018, https://en.unesco.org/news/ film-training-ukrainian-law-enforcement-officers-freedom-expression-safety-journalists.



# Меѓувладини организации

# Предложени дејствија

1. Вообичаени родово-одговорни пристапи во стандардите и механизмите за човекови права за безбедноста на новинарите;

2. Поддршка на државите во справување со јазот во спроведувањето на меѓународните стандарди за безбедноста на новинарите;

3. Помош да се зголемат податоците и истражувањата на кои би можеле да се потпрат иницијативите за онлајн безбедност на новинарките;

4. Да се утврдат приоритетите за соработка и координација на чинителите заради остварување на посилно влијание.

# 5. Меѓувладини организации

## Од поставување на стандарди до обезбедување помош на држави

Без разлика дали се глобални во својата природа, како што се Обединетите нации (ОН), или со регионален фокус, како Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), меѓувладините организации можат да играат важна улога во зајакнување на меѓународните стандарди за човекови права, вклучувајќи ги и оние кои имаат влијание врз безбедноста на новинарките. Меѓувладините организации можат да им помогнат на своите членови или држави-учеснички во воспоставувањето на овие стандарди на ниво на земја. Овој дел дава избор на предложени дејствија кои меѓу-владините организации можат да ги преземат со цел да ја зајакнат својата работа во врска со онлајн безбедноста на новинарките.

**Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 3/18 ги повикува државите „целосно да соработуваат со Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите, вклучително и за прашањето за безбедноста на новинарите“ и „да го охрабрат континуираното застапување и унапредување на безбедноста на новинарите во сите земји - учеснички на ОБСЕ од страна на Претставникот на ОБСЕ за слободата на медиумите, во согласност со неговиот/нејзиниот мандат “.**

## › Вклучување на родово-одговорни пристапи во стандардите за човекови права и механизмите за безбедност на новинарите

Бројот на меѓународни стандарди и обврски во врска со безбедноста на новинарите се зголеми во последниве години, а новинарките беа фокусот во многу од овие текстови. Резолуциите на ОН и обврските на УНЕСКО, на пример, постепено ја нагласуваат потребата за справување со специфичните закани со кои се соочуваат новинарките офлајн и онлајн. Регионалните организации, како што е ОБСЕ, исто така, го интегрираа прашањето за безбедноста на новинарките во нивните текстови за безбедност на новинарите

Ова зголемување на внимание е позитивна промена во размислувањето за безбедноста на новинарките, како составен дел на безбедноста на новинарите и слободата на изразување. Уште е потребно, сепак, да се работи кон сеопфатен родово-одговорен пристап во сите стандарди, пристап кој не само што ја промовира заштитата на новинарките, туку, исто така, им дава моќ. Се разбира, гласовите на жените треба да бидат дел од овој процес.

Постојат многу механизми на ОН и регионални механизми за човекови права и други иницијативи, кои го разгледуваат прашањето за безбедноста на новинарите. За жал, сите тие немаат целосно интегриран родово-одговорен пристап, или не одговорија на тоа како онлајн малтретирањето и злоупотребата влијаат врз работата и животот на новинарите, како и начинот на кој може да се реши овој проблем. Иницијативите за координација, како што се Планот за акција на ОН за безбедност на новинарите и прашањето за неказнување и фокусните точки на ОН за безбедност на новинарите, можат да се користат за зајакнување на родовиот пристап.

Покрај тоа, постои простор за постоечките механизми за човекови права во рамките на меѓувладините организации - кои обезбедуваат некаков вид брза реакција на прекршувањата на човековите права - да го зголемат нивното внимание на прашањето за онлајн безбедноста на новинарките. Телата на меѓувладините организации, исто така, би можеле да размислат за создавање на нови механизми за брза реакција, како признание за сериозноста на зголемените закани кон новинарките.

## Примери

**Исполнување на она што е договорено од страна на Генералното собрание на Обединетите нации (UNGA):** На пример, Резолуцијата на UNGA 74/157 од 2019 година го постави стандардот за воведување на "родово-чувствителни" пристапи во сите превентивни и заштитни мерки, истражни постапки и кривично гонење на насилство врз новинари.[1] Меѓу-владините организации треба да ги применуваат истите стандарди.

**Поддршка на независните функции на меѓу-владините организации за безбедност на новинарите:** Мандатот на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите (RFoM) од 1997 година наведува дека: "тој или таа ќе ја врши функцијата на рано предупредување. Тој/таа ќе одговори на сериозните проблеми предизвикани, меѓу другото, од попречување на медиумските активности и неповолни услови за работа за новинарите".[2] Секојдневната работа на Претставникот вклучува проценка на случаи и подигање внимание на истите. ОБСЕ ја спроведува родовата еднаквост од 2004 година.[3] Претставникот за слобода на медиуми го лансираше својот проект за онлајн безбедност на

новинарки (#SOFJO) во 2015 година,[4] и Одлуката на министерскиот совет на ОБСЕ бр.18/03 за безбедност на новинарите од 2018 година ги препознава специфичните ризици со кои се соочуваат новинарките и ги повикува државите-учеснички јавно да ги осудат онлајн и офлајн нападите врз жените.[5]

## Извори

- ОБСЕ објави неколку упатства за тоа како да се интегрираат родовите пристапи во нивните различни видови иницијативи и настани кои му помагаат на ОБСЕ да обезбеди родов пристап кон својата работа. Полугодишните извештаи на Претставникот за слобода на медиумите до Постојаниот совет на ОБСЕ ги претставува случаите и заканите за слободата на медиумите на кои Претставникот укажуваше во текот на секој период на известување.[6]

- Препораките за вклучување на родовата перспектива во сите политики и програми во системот на ОН се достапни во Резолуцијата на ОН 2019/2 на Економско-социјалниот Совет, кој дава препораки.[7]

- Водичот на организацијата ARTICLE 19 Крај на неказнувањето: Постапувањето според стандардите на ОН за безбедност на новинарите ги сумира постоечките обврски и вклучува дел за анализа на родово-одговорни пристапи кон меѓународните стандарди за безбедност на новинарите.[8]

- Мрежа на IFEX со 5-минутни објаснувања е алатка која помага да се демистифицираат меѓународните стандарди за безбедност на новинарите.[9]

## › Поддршка на државите во справување со јазот во спроведувањето на меѓународните стандарди за безбедност на новинарите

Кога станува збор за меѓународните стандарди, честопати е актуелно прашањето како да истите да се направат реалност и да се спречат да останат само празни зборови. Со зголемување на директната поддршка, помош и експертиза за државите, меѓувладините организации можат да помогнат во имплементација и конкретизирање на меѓународните стандарди за родово-засновано малтретирање и злоупотреба на новинарки. Еден од начините е да се развие правна анализа на постоечката законска регулатива применлива во случаи на закани и насилство против новинари, и да се обезбедат препораки за истата.

Меѓувладините организации исто така можат да поддржат прибирање на добри практики во врска со клучни прашања за онлајн безбедноста на новинарките, како што се упатства за истрага на случаи на малтретирање и злоупотреба механизми за заштита и мерки кои имаат влијание врз намалувањето на онлајн малтретирањето и злоупотребата врз новинарки. Соработка со, и поддршка на националните и под-националните власти во истрагите е уште еден продуктивен начин да им се помогне на државите.

Друг аспект на поддршката што меѓувладините организации можат да обезбедат се однесува на градење на капацитетите на јавните служби кои работат на прашања поврзани со безбедност, онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарите, и родовите пристапи. Сите напори на меѓувладините организации за изградба на експертиза меѓу државните чинители, како што се водичи за човековите права и прирачници за обука, мора да содржат делови за правото на слобода на изразување, безбедноста на новинарите онлајн и офлајн, и силни родови пристапи.

Изборните периоди се често оптеретени со зголемено насилство и заплашување на новинари, вклучувајќи дела на онлајн агресија.[10] Овие напади го потиснуваат пристапот на граѓаните до информации пред и за време на гласањето. Меѓувладините организации можат да ја поддржат анализата на насилството врз новинари, вклучително и родовото онлајн малтретирање и злоупотреба, во мисиите за набљудување на избори. Треба да се преземат други мерки за набљудување и превенција долго пред изборниот период, бидејќи нападите врз новинарите се зголемуваат.

## Примери

**Објавување на извештаи за добри пракси:** Претставникот за слобода на медиуми на ОБСЕ објави и придонесе за неколку извештаи за безбедност на новинарките, вклучително и анализа на добри практики и препораки во оваа област. Информациите се достапни на специјалната веб страница на SOFJO.[11]

Специјалниот известувач на ОН за насилството против жените, неговите причини и последици, објави извештај за Борба против насилството врз новинарките кој дава конкретни препораки до ОН и нејзините земји членки за тоа како да се реши насилството против новинарките.[12]

**Вклучувањето на родовите пристапи во извештаи и анализи:** Во извештајот за безбедност на новинарите кои известуваат за протести, УНЕСКО врши интерсекционална анализа, земајќи ги во предвид полот и факторите на разновидност. Извештајот дава добри практики, како што се обука на полицијата и мерки за безбедност кои новинарите можат да ги преземат самите, како и препораки за тоа како да се подобри безбедноста на новинарите при известување за протести.[13]

**Објавување на исцрпни извештаи:** Специјалниот известувач за слобода на изразување при Интер-американската комисија за човекови права (IACHR) објави обемен извештај за Новинарките и слободата на изразување, кој содржи бројни препораки за тоа како да се унапреди онлајн и офлајн безбедноста на новинарките.[14]

**Водичи кои поставуваат стандарди:** Прирачникот за безбедност на новинари на Претставникот за слобода на медиуми на ОБСЕ

обезбедува општи насоки за државите за тоа како да се промовира безбедноста на новинарите.[15] Идните ажурирања треба да вклучуваат детални делови за безбедноста на новинарките.

**Спроведување на правна анализа:** Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ODIHR) редовно спроведува правни анализи на различни прашања, вклучително и на насилството врз жените, во регионот на ОБСЕ, како и меѓународни и регионални специјални известувачи и мандати на слобода на изразување.

**Вметнување на безбедноста на новинарите во иницијативите за управување:** Во 2012 година, Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права го објави својот прирачник за набљудување на медиумите за Изборни набљудувачки мисии. Слични публикации, или нивни ажурирања, би можеле да вклучуваат препораки за тоа како да се поделат податоците по род, покрај разгледувањето на онлајн малтретирањето и злоупотребата врз новинарите, и нивното влијание на слободните избори.[16]

**Вклучувањето на родовите пристапи во Целите за одржлив развој:** Публикацијата од 2016 година, од страна на организацијата Жените на ОН (UN Women) Поттикнување на родово-одговорна имплементација на Агендата за одржлив развој за 2030 година е добар пример на една поширока иницијатива за зајакнување на родово-одговорно спроведување на меѓународните стандарди.[17]

**Преглед на постоечките механизми за заштита:** Канцеларијата на комесарот на ОН за човекови права изврши детален преглед на механизмите за заштита во Мексико и обезбеди список на повеќе од 100 препораки за нивна делотворна и родово-одговорна имплементација.[18]

**Придружни истраги за кривични дела против новинари:** Специјален тим за следење на истрагата за убиство на тројца новинари на границата со Еквадор и Колумбија, беше формирана од страна на двете држави, и Специјални известувачи за слободата на изразување при Интер-Американска комисија за човекови права, давајќи добар пример за тоа како меѓувладините организации можат да ги придружуваат истрагите за кривични дела против новинари.[19]

## › Помош за зголемување на податоците и истражувањата на кои би можеле да се потпрат иницијативите за онлајн безбедност на новинарките

Во многу земји, различни чинители, на различни начини, собираат податоци за безбедноста на новинарите, но тие не секогаш ги одразуваат родовите разликите. Меѓувладините организации можат да играат важна улога во поглед на различноста и стандардизацијата на прибирање податоци во поддршката на пристап кој вклучува посилна родовата анализа на податоци при прибирање на податоци и истражување. Ова ќе придонесе кон Целите за одржлив развој (SDGs), особено кон SDG 5 за родова еднаквост, и кон SDG 16 за мир, правда и силни институции..

Глобалните и регионалните истражувања и студии, особено оние што вклучуваат прибирање на добри практики, се вредни за промовирање на онлајн безбедноста на новинарките и за да се обезбедат посуптилни препораки до Државите и другите релевантни чинители. Пожелно е ваквите студии да се прават во соработка со академски институции и граѓански организации, а извештаите од истите најдобро се

дистрибуираат широко и во прилики каде што може да се дискутира за решенија за онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки. Ова ги поткрепува активностите за подигање на свеста, што пак може да биде добар начин за мобилизирање на клучните играчи за безбедноста на новинарките на национално ниво. Кога се ограничени со време и буџет, носителите на одлуки треба да им бидат целна публика на меѓувладините организации.

## Примери

**Подигање на свеста за потребата од точни и континуирани истражувања:** Претставникот за слобода на медиуми на ОБСЕ создаде иницијатива која се фокусира на Онлајн безбедност на новинарки (SOFJO), која вклучува долгометражен документарен филм "A dark place".[20] Филмот е прикажан на многу настани низ целиот свет, и на универзитетите. Во 2019 година, Претставникот за слобода на медиуми ја одржа конференцијата #SOFJO Зголемување на можностите за слобода на изразување и медиумски плурализам.[21]

**Набљудување и ширење на знаењето врз основа на податоци и истражување:** Извештајот на генералниот директор на УНЕСКО за безбедност на новинарите и опасноста од неказнувањето[22] и Извештајот за светските трендови во слободата на изразување и развој на медиуми го набљудуваат насилството врз новинарите и обезбедуваат податоци во нивните истраги на убиства и неказнување. Извештајот за светските трендови, исто така, забележува родово-засновани закани кон новинарки.[23]

**Споделување наоди и добри практики и предложување на изводливи одговори:** Во 2017 година, Меѓународната програма на УНЕСКО за развој на комуникација (IPDC), објави збирка на добри практики за безбедност на новинарите од различни чинители, колекција која може да претставува основа за идните иницијативи во ова поле. Публикацијата „Напад на едно лице е напад на сите“ вклучува примери на одговори, развиени од страна на невладините организации и медиумски практичари, на онлајн и офлајн закани упатени кон новинарки.[24] Меѓународната програма за развој на комуникација, исто така, објави аналитички извештај за улогата на Меѓународната програма за развој на комуникација во унапредување на безбедноста на новинарите: Патот напред, кој вклучува препораки за зајакнување на родовиот пристап.[25]

**Информирање на чинителите за најновите вести:** УНЕСКО објавува двомесечен Билтен за имплементација на Планот за акција на ОН за безбедност на новинарите и прашањето за неказнување, што вклучува ажурирање на меѓународните стандарди, национални политики, истражувања, иницијативи на граѓанското општество и други релевантни информации за безбедноста на новинарите.[26]

## › Да се утврдат приоритетите за соработка и координација на чинителите заради остварување на посилно влијание

Теренските канцеларии на меѓувладините организации често немаат доволно знаење за внатрешната работа на медиумскиот сектор, како и разбирање за неопходните пристапи за безбедност на новинарките. За вистинско и делотворно подобрување на безбедноста на новинарите,

постои итна потреба од поголема експертиза за родовите прашања поврзани со медиумите и новинарството, и меѓународните стандарди за човекови права.

Теренските мисии на меѓувладините организации и тимовите на земјите треба да бидат подобро опремени и да имаат специјализирано знаење за поддршка на делотворна имплементација на меѓународните стандарди на национално ниво. На персоналот на меѓувладините организации, на пример, може да му се обезбеди обука за прашања поврзани со безбедноста на новинарите и родовата еднаквост.

Прашањето за безбедноста на новинарите стана клучен фокус на различни тела на ОН, како и на регионалните организации. Зајакнување на координација и размена на информации меѓу нив, на меѓународно ниво и меѓу оние што работат на ниво на земјата, би го зголемило нивното конечно влијание.

Меѓувладините организации, исто така, треба да создадат можности за соработка со меѓународни и регионални иницијативи предводени од државата, со прашањето за безбедноста на новинарите во нивниот мандат.

## Примери

**Делување заедно со колегите:** Од 1999 година, носители на посебни мандати за слобода на изразување и слободата на медиумите на ОБСЕ, ОН, Организацијата на американските држави, и Африканската Комисија за човекови права, годишно издаваат

заедничка декларација за да обезбеди препораки за тоа како да се решат конкретните предизвици поврзани со правото на слобода на изразување.[27]

**Градење сојузи помеѓу меѓувладините организации, кога постои потреба**: Претставникот за слобода на медиуми на ОБСЕ и Комесарот за човекови права на Советот на Европа дадоа заеднички изјави, вклучително и за борба против онлајн родовото насилство.[28]

**Редовна координација на вашата работа со други меѓувладини организации:** УНЕСКО води мрежа од фокусни точки на ОН за безбедноста на новинарите која што ја координира имплементацијата на Акциониот план на ОН за безбедност на новинарите и прашањето за неказнување меѓу 14 агенции и тела на ОН. Организацијата Жените на ОН (UN Women), која може да поддржи родово-одговорен пристап до оваа работа, е меѓу агенциите-учеснички.[29]

## Фусноти на крај на поглавјето

**1** UN General Assembly, Resolution 74/157, "The safety of journalists and the issue of impuni- ty", 18 December 2019, https://undocs.org/A/RES/74/157.
**2** OSCE, Permanent Council Decision No. 193, "Mandate of the OSCE Representative on Free- dom of the Media", PC.DEC/193, 5 November 1997, https://www.osce.org/pc/40131
**3** OSCE, Ministerial Council Decision No. 14/04, "2004 OSCE Action Plan for the Promotion of Gen- der Equality", 7 December 2004, https://www.osce.org/files/f/documents/7/d/23295.pdf.
**4** OSCE RFoM project on the Safety of Female Journalists Online (#SOFJO), launched in 2015, https://www.osce.org/fom/sofjo.
**5** OSCE, Ministerial Council Decision No. 3/18, "Safety of Journalists", 7 December 2018, https://www.osce.org/files/f/documents/a/c/462187.pdf
**6** OSCE RFoM, Publications, collected: https://www.osce.org/resources/publications?fil- ters=+im_tax- onomy_vid_1:(19)+im_taxonomy_vid_3:(122). OSCE RFoM's statements and regular reports to the Permanent Council, collected: https://www.osce.org/fom/66084.
**7** UN Economic and Social Council, Resolution 2019/2, "Mainstreaming a gender perspective into all policies and programmes in the United Nations system", 6 June 2019, https://undocs.org/en/E/RES/2019/2.
**8** ARTICLE 19, "Ending Impunity: Acting on UN Standards on the Safety of Journalists", 2019, https://www.article19.org/wp-content/uploads/2019/11/SOJ-Web.pdf.
**9** IFEX, "Collection of 5-minute explainers to help civil society engage in global spaces for free expression advocacy", https://ifex.org/resources/5-minute-explainers/.
**10** UN Special Rapporteur on Freedom of Opinion and Expression, OSCE Representative on Freedom of the Media, Organization of American States (OAS) Special Rapporteur on Freedom of Expression and African Commission on Human and Peoples' Rights (ACHPR) Special Rap- porteur on Freedom of Expression and Access to Information, "Joint Declaration on Freedom of Expression and Elections in the Digital Age", 30 April 2020, https://www.osce.org/files/f/documents/9/8/451150_0.pdf.
**11** Op. cit. endnote 4.
**12** UN Human Rights Council, Report by the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences, "Combating violence against women journalists", A/HRC/44/52, 2020, https://undocs.org/en/A/HRC/44/52.
**13** UNESCO, "Safety of Journalists Covering Protests: Preserving Freedom of the Press During Times of Tur- moil", CI-2020/WTR/3, September 2020, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000374206.
**14** Edison Lanza, "Violence against journalists and media workers: Inter-American standards and national practices on prevention, protection and prosecution of perpetrators", Inter-Amer- ican Commission on Human Rights, OEA/Ser.L/V/II. CIDH/RELE/INF. 12/13, 31 December, 2013, http://www.oas.org/en/iachr/expression/docs/reports/2014_04_22_violence_web.pdf.
**15** William Horsley, "OSCE Safety of Journalists Guidebook", OSCE RFoM, 2014, https://www.osce.org/fom/118052?download=true.
**16** OSCE ODIHR, "Handbook On Media Monitoring for Election Observation Missions", 2012, https://www.osce.org/odihr/elections/92057
**17** UN Women, "Driving the Gender Responsive Implementation of the 2030 Agenda for Sus- tain- able Development", 2016, https://www.unwomen.org/-/media/headquarters/attachments/sections/library/publications/2016/driving-gender-responsive-implementation-2030agenda.pdf?la=en&vs=5353.
**18** "Diagnóstico sobre el funcionamiento del Mecanismo de Protección para Personas Defen- soras de Derechos Humanos y Periodistas", UN Office of the High Commissioner for Human Rights - Mexico,

https://www.hchr.org.mx/index.php?option=com_k2&view=item&id=1318:di- agnostico-sobre-el-fun-cionamiento-del-mecanismo-de-proteccion-para-personas-defenso- ras-de-derechos-humanos-y-peri-odistas&Itemid=280.

**19** Organization of American States, Inter-American Commission on Human Rights, Special Follow-up on the Investigations Regarding the Team of Journalists from El Comercio News- paper, November 2018, https://www.oas.org/en/iachr/media_center/PReleases/2018/235.asp. IACHR, "Informe Final Del Equipo De Seguimiento Especial (Ese) Designado Por La Comisión Interamericana De Derechos Humanos Seguimiento Del Componente Investigar Los Hechos Que Resultaron En El Secuestro Y Asesinato De: Javier Ortega, Paúl Rivas Y Efraín Segarra (Integrantes Del Equipo Periodístico Del Diario "El Comercio")", IACHR, 2019, http://www.oas.org/es/cidh/expresion/informes/Informe_Final_ESE_MC_Dicc2019.pdf.

**20** OSCE RFoM, 'A Dark Place: A SOFJO Documentary' Trailer, 2019, https://www.osce.org/ repre-sentative-on-freedom-of-media/410423.

**21** OSCE RFoM, #SOFJO Conference 2019: Increasing Opportunities for Freedom of Expres- sion and Media Pluralism, 12 February 2019, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/sofjo-conference2019

**22** UNESCO, "Director-General's Report on the Safety of Journalists and the Danger of Impu- nity", UNESCO, 2018, https://en.unesco.org/themes/safety-journalists/dgreport.

**23** UNESCO, "World Trends in Freedom of Expression and Media Development", https://en.unesco.org/world-media-trends.

**24** Larry Kilman, "An Attack on one is an attack on all: successful initiatives to protect journalists and com-bat impunity", UNESCO, 2017, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000250430.

**25** Silvia Chocarro, "IPDC's Role in the Promotion of the Safety of Journalists: A Way Forward", UNES-CO, 2016, http://www.unesco.org/new/fileadmin/MULTIMEDIA/HQ/CI/CI/pdf/Analytical_Pa-per_IPDC_Safety_of_Journalists_SChocarro_DE.pdf.

**26** "Newsletter - UN Plan of Action on the Safety of Journalists and the Issue of Impunity", UNESCO, https://en.unesco.org/un-plan-action-safety-journalists/newsletter.

**27** Joint Declarations by the United Nations Special Rapporteur on Freedom of Opinion and Expression, the Organization for Security and Co-operation in Europe Representative on Freedom of the Media, and the Organization of American States (OAS) Special Rapporteur on Freedom of Expression, https://www.osce.org/fom/66176.

**28** "OSCE Media Freedom Representative and Council of Europe Commissioner for Human Rights urge systematic approach to counter gender-based violence online", OSCE news item, 12 February 2019, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/411206.

**29** "Newsletter - UN Plan of Action on the Safety of Journalists and the Issue of Impunity", https://en.unesco.org/un-plan-action-safety-journalists/newsletter.

"OSCE Media Freedom Representative and Council of Europe Commissioner for Human Rights urge systematic approach to counter gender-based violence online", OSCE news item, 12 February 2019, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/411206. "Secretary General Calls to End Impunity for Crimes against Journalists, in Message for International Day", UN news item, 2 November 2017, https://www.un.org/press/en/2017/sgsm18776.doc.htm.



# Интернет-посредники

# Предложени дејствија

1. Почитување на меѓународните стандарди за човекови права за слобода на изразување, приватност, учество и недискриминација во политиката и практиката;

2. Осигурување дека политиките за модерирање на содржини се јасни, транспарентни и достапни за корисниците, и дека корисниците се свесни за начинот на кој се модерира содржината, што претставува онлајн малтретирање и злоупотреба, и како да ја пријават;

3. Усвојување пристапи ориентирани кон корисникот и недискриминација, во сите работења;

4. Транспарентно и конзистентно решавање на прашања поврзани со отстранување содржина и барања за податоци на корисници;

5. Промовирање на улогата на жената во новинарството.

# 6. Интернет-посредници
## Почитување на правата на новинарките и промовирање на онлајн безбедност

Сите бизниси имаат одговорност да ги почитуваат човековите права.[1] За интернет-посредниците - категорија која вклучува бројни видови на провајдери на интернет услуги, почнувајќи од технички услуги и вмрежување, до платформи за социјални медиуми кои ја олеснуваат онлајн интеракцијата - тоа, меѓу другото, значи и избегнување на повреди врз способноста на новинарките целосно да учествуваат и да го користат нивното право на слобода на изразување без дискриминација, и со почитување на нивната приватност.

За целите на овој водич, овој дел се фокусира на одредени видови на посредници на кои новинарите имаат најголема шанса да доживеат онлајн малтретирање и злоупотреба, на одредени платформи како што се Twitter, Facebook, Instagram, Google и YouTube. Се разгледуваат стандардите и дејствијата кои што интернет - посредниците треба да ги почитуваат и да ги преземат со цел да придонесат за универзална заштита на човековите права и зајакнување на онлајн учеството на новинарки.

**Во Одлуката на министерскиот совет на ОБСЕ бр. 3/18, 57-те земји - учеснички на ОБСЕ „признаваат дека новинарството и технологијата се развиваат и дека тоа придонесува за јавна расправа, а исто така може да го прошири опсегот на ризици кои ја потиснуваат безбедноста на новинарите“. Дополнително, земјите - учеснички „ги нагласуваат и посебните ризици во однос на безбедноста на новинарите во дигиталната ера, вклучувајќи ја и особената ранливост на новинарите да станат цели на хакирање или незаконско или произволно следење, или следење на комуникациите, потиснувајќи го уживањето во нивното право на слобода на изразување и нивното право да бидат ослободени од произволно и незаконско вмешување во приватноста“.**

## › Почитување на меѓународните стандарди за човекови права за слобода на изразување, приватност, учество и недискриминација во политиката и праксата

Интернет-посредниците, вклучувајќи ги и платформите на социјалните медиуми и нивните поврзани услуги, треба да го поддржат принципот наведен во рамките на меѓународниот закон за човекови права кој препознава дека човековите права кои се заштитени офлајн се исто така заштитени онлајн. Тие треба, исто така, да ги ставаат во пракса активностите кои придонесуваат за постигнување на еманципација на жените и елиминирање на дискриминацијата против нив во, или како на резултат на, нивните услуги.[2]

Во најмала рака, политиките и условите за користење на интернет посредниците треба да бидат доволно јасни и достапни и да бидат

во согласност со меѓународните стандарди за човекови права, како што е објаснето во Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права.[3] Политиките и условите за користење, како и упатствата за заедницата, и стандардите на кој било интернет - посредник кои влијаат на правото на слобода на изразување и, особено, приватноста, треба да ги рефлектираат принципите на потреба и сразмерност. Интернет-посредниците треба да препознаат дека новинарките можеби претпочитаат да се изразуваат без да го откријат нивниот идентитет; Затоа, компаниите не треба да бараат вистински имиња или идентификација, и треба да се осигураат дека анонимноста останува вистинска опција за корисниците.

На практично ниво, интернет-посредниците треба да спроведуваат редовни проценки или ревизии, на влијанието на нивните услуги, производи, политики и работења врз различните права - слобода на изразување, приватност и недискриминација - кои се заштитени според меѓународното право и кои им овозможуваат онлајн учество на новинарките. Овие проценки треба да вклучуваат евалуација на корисноста и делотворноста на алатките кои компаниите ги имаат развиено во насока на блокирање, замолчување, отстранување или лишување од приоритет на различните манифестации на онлајн малтретирање и злоупотреба, како и нивните механизми за пријавување и поднесување жалби.

Оценките на влијанието, исто така, треба да ги разгледаат ефектите создадени од алгоритмите што се користат за презентирање, промовирање или намалување на видливост на содржина, особено содржина што може да подразбира малтретирање и злоупотреба на основа на род.

Општите обврски за следење на содржината и интеракциите на корисниците се спротивни на меѓународното право за човекови права.[4] Тие би ја загрозиле приватноста на корисниците и би промовирале рестриктивни мерки бидејќи како посредници би преферирале да згрешат со претпазливост за да избегнат одговорност. Интернет-посредниците треба да донесат мерки кои можат да резултираат во претерано отстранување на содржина или пракса за надзор. Автоматизираните алатки за модерирање - усвоени по своја иницијатива или под обврска да се отстрани одредена содржина - може да послужат како еден вид на цензура пред објавување на содржината. Затоа, не се советува инсистирање на филтери за „навредлива" содржина при поставување на содржина на Интернет.[5]

Интернет-посредниците треба да признаат дека кои било практики за модерирање, како и пропишани постапки за отстранување на содржина, имаат импликации врз човекови права, кои треба да се решат за да се спречат непотребни и несразмерни ограничувања. Посредниците треба да го применуваат принципот од три дела за законитост, легитимитет, и неопходност и пропорционалност (дадени во поглавјето: Меѓународни стандарди за човекови права кои ја конструираат рамката за онлајн безбедност на новинарки), и да ги почитуваат процесот на сите практики поврзани со нивното модерирање на содржината.

## Извори

- Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права се збир на принципи за државите и бизнисите да ги зголемат стандардите за човекови права и бизнис практиките.[6]

- Стратешкиот документ за ставање на вештачката интелигенција (AI) и слободата на изразување во центарот на вниманието (#SAIFE) на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиуми, обезбедува подобро разбирање за тоа како вештачката интелигенција (АИ) влијае врз слободата на изразување, и кои се заштитни мерки за слободата на говорот се потребни.[7] Документот и неговите прелиминарни препораки, особено, се фокусираат на употребата на вештачката за модерирање на содржината, вклучително и начинот на справување со „говорот на омраза“.

- Организацијата ARTICLE 19 го објави краткиот приказ на политика Онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки и на големите платформи за социјални медиуми, кој дава препораки за платформите за социјални медиуми за начинот на кој се промовираа и заштитува онлајн безбедноста на новинарките.[8]

### › Осигурување дека политиките за модерирање на содржини се јасни, транспарентни и достапни за корисниците, и дека корисниците се свесни за начинот на кој се модерира содржината, што претставува онлајн малтретирање и злоупотреба, и како да ја пријават

Онлајн вознемирувањето и злоупотребата на новинарки ќе бидат подобро решени кога корисниците ќе имаат корисни информации за тоа што претставува секој вид на малтретирање и злоупотреба; кога сите корисници ќе имаат целосно знаење за тоа како се модерира содржината (вклучувајќи рангирање, намалување на видливост и отстранување на содржината); и кога сите корисници ќе имаат делотворен пристап до правните лекови.

Интернет-посредниците треба да се осигураат дека содржината и примената на нивните услови за користење, упатствата за заедницата и другите специјални политики (на пример, политики за рекламирање или трговија) се во согласност со меѓународните стандарди за слобода на изразување и приватност. Ова значи дека условите за користење, и слично, треба да бидат пропорционални и соодветни; јасни; разбирливи; и лесно достапни за сите корисници.[9] Корисниците треба да можат да предвидат дали нивната содржина најверојатно ќе биде отстранета, рангирана, со намалена видливост, или третирана на друг начин.[10] Следно, мора да биде јасно кога и како е најверојатно податоците за корисниците да бидат собрани, чувани или предадени на трети страни, вклучително и на агенциите за спроведување на законот.

Заедно со нивните услови за користење и други материјали кои ги насочуваат корисниците, платформите за социјални медиуми треба

да обезбедат детални примери, или студии на случаи, за начинот на кој нивните стандарди за заедницата, и политиките, се применуваат. Додавање на делови со примери за различни манифестации на онлајн малтретирање и злоупотреба, вклучувајќи темелна листа на родово-засновани примери, исто така, би им помогнала на корисниците да ги разберат политиките на овие платформи. Тие треба да интегрираат податоци што ги илустрираат трендовите во спроведувањето или примената на политиката, како и примери на вистински случаи, или обемни, детални хипотетички податоци, кои ги илустрираат нијансите на толкување и примена на специфични правила.[11]

Исто така, има потреба од поголема транспарентност во процесите на одлучување на платформите на социјалните медиуми. Треба да биде јасно, на пример, какви алатки користат за модерирање и отстранување на содржината, заедно со нивната функција и влијание, вклучително и употреба на алгоритми и алатки за вештачка интелигенција, доверливи шеми за обележување на проблематични содржини или комбинација на методи..

Уште еден потег кој може да ги информира политиките и практиките е за интернет-посредниците да соберат, анализираат, и редовно и јавно да даваат извештаи за податоци во врска со онлајн малтретирање и злоупотреба и нејзините ефекти.[12] Овие податоци и извештаи треба да бидат обработени во согласност со правилата за заштита на податоци, и да бидат засновани строго на информациите обезбедени од страна на корисниците кои имаат дадено своја согласност за истите податоци да се користат за овие специфични цели.

## Примери

**Информации за примена на политики:** Извештајот за транспарентност на Twitter обезбедува статистички податоци за активностите кои компанијата ги презема во врска со кориснички сметки во согласност со примената на некои од нивните услови на користење.[13] Извештајот, исто така, го дава описот на секоја од нивните политики, како и бројот на извештаи и дејствија преземени во однос на секоја примената политика. Центарот за помош на Twitter обезбедува водич за пријавување на прекршувања на Правилата на Твитер директно од твит или од профил.[14]

**Достапен механизам за известување:** YouTube обезбедува достапна алатка за пријавување злоупотреба во секој од нивните Насоки на заедницата.[15] Меѓутоа, во некои случаи, злоупотребуваниот корисник ќе мора да ги исцрпи сите форми на комуникација со сопственикот на профилот со навредлива содржина, пред да биде во можност да стапи во контакт со компанијата.

**Транспарентност при отстранување содржини:** Facebook го објавува својот Извештај за спроведување на стандардите на заедницата, во кој компанијата обезбедува нумерички податоци за извештаите што ги добива во рамките на секое упатство за заедницата, вклучувајќи голотија, лажни сметки и малтретирање.[16] Тие го обезбедуваат вкупниот број на содржини за кои преземаат дејствија, вклучително и жалби, и за содржините што ги откриваат и отстрануваат со употреба на автоматизирани алатки. Меѓутоа, извештајот треба да се подобри за да биде функционален за целите на отчетност и транспарентност, бидејќи, на пример, не дозволува споредби на податоци. Twitter и Google исто така ги

објавуваат овие типови на извештаи за транспарентност; важно е дека сите платформи на социјални медиуми ги подобруваат своите механизми за транспарентност.

**Отстранување на содржини по механизам за известување:** YouTube го објавува својот извештај за транспарентност во врска со спроведување на упатствата за заедницата, во кој го презентира бројот на видеа отстранети преку нивните најразлични шеми за пријавување: Автоматизирано означување на содржини, пријави од страна на корисници, механизми од доверба за означување на содржини, невладини организации, и влади.[17] Овој извештај исто така го вклучува и бројот на отстранети видеа со согласност со упатствата за заедницата.

## Извори

- Извештајот за промоција и заштита на правото на слобода на мислење и изразување на Специјалниот Известувач на ОН до Советот за човекови права содржи препораки за одговорностите на приватниот сектор во модерирање на содржината.[18]

- Препораките на Советот на Европа (CoE) за заштита на човековите права во однос на услугите за социјално вмрежување воведуваат принципи за модерирање на содржината.[19]

- Препораките на Советот на Европа и Претставникот за слобода на медиуми на ОБСЕ по Конференцијата за слобода на Интернет „Улогата и одговорностите на интернет-посредниците

се занимаваат со, inter alia, содржината и модерирањето преку транспарентна постапка врз основа на владеењето на правото.[20]

- Заедничките Декларации на Специјалниот известувач на ОН за слобода на мислење и изразување, Претставникот за слобода на медиуми на ОБСЕ, Организацијата на Американските држави, Специјалниот известувач за слобода на изразување, како и Африканската комисија за човекови права и права на народот, Специјалниот Известувач за слобода на изразување и пристап до информации, даваат препораки за приватниот сектор и интернет-посредниците за модерирање на содржината во врска со човековите права. Особено, Заедничката Декларација за предизвиците поврзани си слободата на изразување во следната деценија од 20-годишнината од 2019 година воведува принципи за спречување на вмешување на правилата за приватна содржина со правата за уживање на слобода на изразување на индивидуалците.[21]

- Принципите од Санта Клара за транспарентност и отчетност за модерирање на содржината се збир на принципи што треба да послужат како појдовна точка, наведувајќи минимални нивоа на транспарентност и отчетност кои интернет-платформите треба да ги имаат при модерирање на содржината.[22]

- Принципите од Манила за одговорност на посредникот ја предлагаат оваа рамка на заштитни мерки и најдобри практики за одговорност на посредникот.[23]

## › Усвојување пристапи ориентирани кон корисникот и недискриминација во сите работења

Постои значајна потреба интернет-посредниците да го подобрат начинот на информирање, и консултирање, со групи корисници погодени од онлајн вознемирување и злоупотреба, и како алатките за модерирање на содржината и опциите за правни средства ги интегрираат овие искуства и грижи.

Корисниците, особено оние кои се со поголема веројатност да бидат цел на онлајн вознемирување и злоупотреба, треба да знаат што можат да направат за да ги намалат ризиците при учествување на интернет-платформите. Интернет-посредниците затоа треба да им обезбедат информации на корисниците за најдобрите практики за онлајн безбедност и за техничките решенија за пријавување на навредлива содржина. Тие исто така треба обезбедат достапни и лесни правила, прилагодени на корисниците, и алатки за пријавување на локалните јазици.[24]

Интернет-посредниците мора да се движат напред за да направат разлика помеѓу различните нивоа и форми на злоупотреба и малтретирање, и како отстранувањето се практикува и влијае врз корисниците со заштитени карактеристики во рамките на меѓународното право за човекови права. Посредниците треба активно да бараат, и делотворно да ги земат предвид, прашањата за родот, особено ранливоста или маргинализацијата, и грижите на заедниците кои се соочуваат со различни ризици од цензура и дискриминација.[25] Затоа интернет-посредниците треба да развијат решенија и правни средства кои се достапни на, и корисни за, корисниците. Овој пристап

е исто така критичен за да се спречи и ублажи диспропорционалното влијание на онлајн малтретирањето и злоупотребата против корисниците кои се мета, како и за овозможување проценки, насочени кон човековите права, на влијанието на алгоритамските и другите одлуки засновани на вештачка интелигенција.

Интернет-посредниците треба да ги дизајнираат и имплементираат своите алатки и политики преку консултации со јавноста и граѓанското општество, кои се сметаат за значајни од страна на учесниците, и интернет-посредниците треба да ги објават резултатите од овие консултации во пракса.[26] Заради безбедноста на новинарките, посредниците треба да усвојат методологии и процедури што ќе го земат предвид контекстот, искуството и пречките за новинарките што ги користат нивните алатки и услуги. Консултациите треба да бидат дизајнирани така што ќе им биде лесно на новинарите, медиумите, граѓанското општество и академската заедница активно да учествуваат во нив, широк спектар на засегнати поединци треба да учествуваат, особено од земјите и заедниците особено погодени од услугите. Ова учество не треба да наметнува непотребни барања за ангажман, како што се договори за необјавување или прекумерни барања за информации за регистрација во нивните иницијативи и програми.

## Извори

- Регулирањето на кориснички-генерирани содржини е фокусот на Извештај на Специјалниот известувач на ОН за промовирање и заштита на правото на слобода на мислење и изразување од 2018 година, кој содржи корисни препораки за Државите и компаниите.[27]

- Пакетот на етички истражувач развиен од мрежата Омидијар (Omidyar), се занимава со компаниите на социјалните медиуми и развивачите на услуги за да им помогне да започнат разговори и да вршат анализа на ризик за различноста, вклученоста и правичноста и еднаквоста, меѓу другото. Компаниите кои сакаат да развијат норми за саморегулација и етички процеси треба да идентификуваат што значи безбедност и родова еднаквост за нивната работа.[28] Иако овој пакет аргументи и предлози не елаборира конкретни написи за човекови права, истиот укажува на некои начини на кои технолошките компании можат да вклучат дискусии за тоа како тие можат да спроведат пристап заснован на човекови права.

## › Транспарентно и конзистентно решавање на прашања поврзани со отстранување содржина и барања за податоци на корисници

Секој процес или акција што го попречува правото на слобода на изразување и приватност на корисниците на интернет-посредниците, и други засегнати страни, треба да биде што е можно поотворен и транспарентен.[29] Доминантните платформи за социјални медиуми треба да размислат за примена на тестови за неопходност и пропорционалност на дејствијата поврзани со содржината, дури и кога таквите дејствија се преземаат со цел да се спречи или да се одговори на онлајн малтретирање и злоупотреба на новинари.[30]

Интернет-посредниците треба да ги темелат своите одлуки, поврзани со отстранување содржина и барања за податоци на корисниците врз принципите за правилен процес, покрај обезбедувањето правни

средства за слобода на изразување, прекршувања на приватност и недискриминација.[31] Во пракса, ова значи дека интернет-посредниците треба да воспостават системи за известување што ги вклучуваат сите страни погодени од нивните одлуки, обезбедувајќи целосни објаснувања за применетите политики; проценката што ја насочува одлуката; и деталите за тоа како да се активираат механизмите за жалба за да се оспорат одлуките.[32]

Интернет- посредниците треба да објават информации за отстранување содржина и барања за податоци на корисниците. Ова вклучува, но не е ограничено на, статистички информации за преземените дејствија во врска со содржина, жалби и резултати, како и сите други информации кои ја информираат јавноста за доследноста на нивните одлуки од квантитативна и квалитативна перспектива. Оваа информација треба да дозволи јавен надзор на модерирањето на содржината од страна на интерне-посредниците, и користењето на автоматизирани системи, како и нивното влијание врз правото на слобода на изразување, приватноста и недискриминација.

Ангажирањето на интернет-посредниците и партнерствата со владите треба да биде што е можно потранспарентно, така што информациите се достапни и корисни за проценка на интеракциите меѓу владите и посредниците. Постоечките извештаи, за бројот и идентификувањето на барањата на владите за отстранување содржина или пристап до информациите на корисниците, не ги даваат деталите потребни за вистинска проценка и преглед на ангажманот помеѓу овие чинители. Извештаите за транспарентност треба да вклучуваат исцрпни податоци за овластувањето вклучено во барањето; правната основа, или недостаток од истата, за барањето; и дејствијата преземени од страна на компанијата по барање во секоја земја, вклучително и оние што овозможуваат домашни предизвици за кршење на човековите права или злоупотреба на механизмите за барање на податоци.

Интернет-посредниците, а особено платформите за социјалните медиуми, треба да се посветат на независен надзор и да го земат предвид придружувањето во регулаторни тела со повеќе чинители, како што се советите за социјални медиуми совети, кои ќе овозможат подобар јавен надзор на, и одговорност за, нивните практики, вклучително и во областа на родово-засновано малтретирање и злоупотреба.[33]

## Примери

**Известување за барања за информации:** Twitter објавува информации за нивните одлуки во врска со барањата на владите и другите „овластени известувачи", врз основа на домашни правни основи, вклучувајќи примери по земја. Нивниот извештај за транспарентност за Барања за информации го вклучува обемот на правни барања што тие ги добиваат од страна на владини и невладини апликанти по категорија и по земја, вклучувајќи и специфичен профил по земја.[34] Меѓутоа, извештајот не дава основни информации за правната основа за барањата, ниту ги дава случаите во кои владите ги исполнуваат - или не ги исполнуваат - законските барања.

YouTube обезбедува Често поставувани прашања за барањата за информации за корисниците.[35] Google обезбедува статистички податоци за барањата на владите за отстранување содржина.[36]

На секои шест месеци, Facebook издава извештај за Барања на Владата за податоците на корисникот го дава бројот на барања по земја, како и како краток преглед на неколку конкретни случаи.[37]

Во однос на барањата за податоците на корисниците, Twitter, Google и Facebook вклучуваат дел што ги покрива општите нумерички податоци по земја, и примените на нивните упатства за барањата на агенциите за спроведување на законот.[38]

## › Промовирање на улогата на жената во новинарството

Новинарките се непропорционално погодени од онлајн малтретирање и злоупотреба на сервисите и платформите на интернет посредниците. Интернет-посредниците треба да преземат јавни и проактивни иницијативи за да се спротивставаат на различните манифестации на онлајн малтретирање и злоупотреба, вклучително и преку програми за подигање на свеста, поддршка на активностите на новинарките, како придонес кон создавање и ширење на контра-наративи.

Интернет-посредниците можат активно да го промовираат и да го зголемат побезбедното учество на новинарките во нивните сервиси, на пример, поддржувајќи или спроведувајќи обука за новинарки и други членови на медиумите и граѓанското општество за тоа како да се применат политиките на компаниите за платформи за социјални медиуми, и како да ги користат и подобрат своите механизми за известување и жалби.

Иницијативите од страна на интернет-посредниците, кои се обидуваат да промовираат новинарски сервиси или да ги подобрат новинарските активности, треба да се разгледаат, за овие онлајн сервиси да бидат родово одговорни и во согласност со човековите права. Ова значи,

на пример, дека одговорните раководители за сервиси кои се корисни за активите на новинарство треба активно да се консултираат и да им се обратат на новинарките за време на фазите на дизајнирање и имплементација, и да обезбедат опции за подобрување на безбедноста на жените.

## Примери

**Искуствата на новинарките треба да бидат видливи:** Кампањата на Twitter #HerStory дава добар пример за интернет-посредник кој создава материјали за подигање на јавната свест за некои од прашањата со кои се соочуваат новинарките.[39] Twitter започна месечна видео серија на 3 мај 2019 година за одбележување на Светскиот ден на слободниот печат како средство за обрнување внимание на работа и личните приказни на новинарите од целиот свет.[40]

**Обука за политики и пријавувања:** Twitter работи со регионални иницијативи за обука на новинарки за користење на нивните алатки, за спроведување на политиките, и пријавување. Исто така, го промовира и поддржува креирањето кампањи што ги внесуваат женските интереси и загрижености во дискусиите на Twitter.[41]

**Обезбедување на средства за сигнализирање во врска со интимни слики распространети без согласност:** Иницијативата на Facebook Не без моја согласност обезбедува различни ресурси за да спречи, и да одговори на, ширење на интимни слики без согласност.[42] Иако не е специјално дизајнирана за новинарки,

истата вклучува еден пилот проект имплементиран во партнерство со граѓанските организации, за да им помогне на поединци да сопрат или да пријават ширење интимна слика без согласност.

**Технички слој за заштита од координирани напади:** Проектот Штит на Google обезбедува заштита за новинските организации, новинарите и бранителите на човековите права од координирани напади на нивните веб-страници, чија цел е блокирање на пристапот до веб-страниците на медиумите - таканаречено DDoS напади (Distributed Denial of Service). Заштитата ја сочинуваат мерките кои го филтрираат сообраќајот категоризиран како "злонамерен" со помош на инфраструктурата и алатките на Google. Кога веб-страниците добиваат напад, алатките на Проектот Штит го блокираат "злонамерниот" сообраќај, со цел да се одржи работата на веб-страницата.[43]

## Фусноти на крај на поглавјето

**1** UN Human Rights Council, Resolution 17/4, "Human rights and transnational corporations and other business enterprises", 15 June 2011, https://daccess-ods.un.org/ TMP/4498748.77929688.html. The Special Representative of the UN Secretary-General on the issue of human rights and transnational corporations and other business enterprises developed the "Guiding Principles on Business and Human Rights: Implementing the United Nations 'Protect, Respect and Remedy' Framework", annexed to the final report to the Human Rights Council (A/HRC/17/31, https://undocs.org/en/A/HRC/17/31), which also includes an introduc- tion to the Guiding Principles and an overview of the process that led to their development.
**2** UN General Assembly, Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences, "Online violence against women and girls from a human rights perspective", A/HRC/38/47, 18 June 2018, paragraph 89, https://undocs.org/A/HRC/38/47.
**3** UN High Commissioner for Human Rights, Guiding Principles on Business and Human Rights: Implementing the United Nations "Protect, Respect and Remedy" Framework, 2011, https://www.ohchr.org/Documents/Publications/GuidingPrinciplesBusinessHR_EN.pdf.
**4** UN General Assembly, Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression, A/HRC/38/35, 6 April 2018, paragraph 67, https://undocs.org/A/HRC/38/35. European Union, Directive 2000/31/EC of the European Parliament and of the Council of 8 June 2000 on certain legal aspects of information society services, in particular electronic commerce, in the Internal Market (Directive on electronic commerce), Article 15, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX%3A32000L0031.
**5** UN General Assembly, Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression, A/74/486, paragraphs 34 and 35, 9 October 2019, https://undocs.org/A/74/486.
**6** Op. cit. endnote 3.
**7** OSCE RFoM, "Strategy Paper to Put a Spotlight on AI and Freedom of Expression" #SAIFE, July 2020, https://www.osce.org/files/f/documents/9/f/456319_0.pdf.
**8** ARTICLE 19, Online harassment and abuse against women journalists and major social media platforms London: 2020, https://www.article19.org/wp-content/uploads/2020/10/Gender-Paper-Brief-2.pdf.
**9** OSCE RFoM, "Recommendations following the Expert Meeting New Challenges to Freedom of Expression: Countering Online Abuse of Female Journalists", 17 September 2015, https://www.osce.org/fom/193556?download=true.
**10** "Future Thinking: Harlem Désir on Freedom of Expression Online", Internet Society news item, January 2018, https://www.internetsociety.org/blog/2018/01/future-thinking-harlem-desir/.
**11** UN General Assembly, "Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression", A/HRC/38/35, 6 April 2018, paragraph 46, https://undocs.org/A/HRC/38/35.
**12** OSCE, RFoM, "Communiqué 1/2019, Freedom of the Media on Media Pluralism, Safety of Female Journalists and Safeguarding Marginalized Voices Online", 29 February 2019, https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/411917?download=true.
**13** "Twitter Rules enforcement", Twitter, https://transparency.twitter.com/en/twitter-rules-enforcement.html.
**14** "Report violations", Twitter, https://help.twitter.com/en/rules-and-policies/twitter-report-violation.
**15** "Report inappropriate content", YouTube, https://support.google.com/youtube/answer/2802027?hl=en.
**16** "Community Standards Enforcement Report". Facebook, https://transparency.facebook.com/community-standards-enforcement.
**17** "YouTube Community Guidelines enforcement", Google, https://transparencyreport.google.com/

youtube-policy/removals?hl=en.
**18** UN General Assembly, "Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression", A/HRC/32/38, 11 May 2016, https://undocs.org/A/HRC/32/38.
**19** Council of Europe, Committee of Ministers, "Recommendations on the protection of human rights with regard to social networking services", CM/Rec(2012)4", 4 April 2020, https://go.coe.int/lL7Uv.
**20** Council of Europe and OSCE RFoM, "Key Conclusions and Recommendations of the Conference on Internet Freedom 'The Role and Responsibilities of Internet Intermediaries', 13 October 2017, https://www.osce.org/files/f/documents/6/7/371846.pdf.
**21** UN Special Rapporteur on Freedom of Opinion and Expression, the OSCE Representative on Freedom of the Media, the Organization of American States (OAS) Special Rapporteur on Freedom of Expression, and the African Commission on Human and Peoples' Rights (ACHPR) Special Rapporteur on Freedom of Expression and Access to Information, "Twentieth Anniver- sary Joint Declaration: Challenges to Freedom of Expression in the Next Decade", 10 July 2019, https://www.osce.org/files/f/documents/9/c/425282.pdf.
**22** Santa Clara Principles on Transparency and Accountability in Content Moderation, https://santaclaraprinciples.org.
**23** Manila principles on intermediary liability, https://www.manilaprinciples.org/principles.
**24** Op. cit. endnote 2, paragraph 117.
**25** Op. cit. endnote 4, paragraph 48.
**26** Op. cit. endnote 4, paragraph 70.
**27** Ibid.
**28** Omidyar Network, 2020, "Ethical Explorer Pack", https://ethicalexplorer.org/. This is recommended by UNESCO in the publication "Steering AI and Advanced ICTs for Knowledge Societies: A Rights, Openness, Access, and Multi-stakholder Perspective", 2019, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000368711/PDF/368711eng.pdf.multi.
**29** Op. cit. endnote 20.
**30** Op. cit. endnote 6, paragraph 50.
**31** Opt. cit. endnote 3.
**32** Opt. cit. endnote 6.
**33** ARTICLE 19, "Social Media Councils", https://www.article19.org/social-media-councils/.
**34** "Information Requests", Twitter, https://transparency.twitter.com/en/information-requests.html.
**35** "Requests for user Information FAQs", Google, https://support.google.com/transparencyreport/answer/9713961.
**36** 36."Government requests to remove content", Google, https://transparencyreport.google.com/government-removals/overview.
**37** "Government Requests for User Data", Facebook, https://transparency.facebook.com/government-data-requests.
**38** See Twitter's Guidelines for Law Enforcement; YouTube's FAQs on requests for users' infor- mation; Facebook's Law Enforcement Request system and a guide.
**39** Twitter News, "White House reporter for @NewsHour and co-moderator for this week's #DemDebate, @Yamiche discusses what it's like to be a female journalist of color.", Twitter, 18 December 2019, https://twitter.com/TwitterNews/status/1207330560881942528.
**40** Anabel Pasarow, "With #HerStory, Twitter Is Celebrating Women In Journalism", Refin- ery29, 2 May 2019, https://www.refinery29.com/en-gb/2019/05/231662/twitter-her-story-women-journalists-original-series.
**41** "Inclusion & Diversity Report March 2020", Twitter, https://blog.twitter.com/en_us/topics/company/2020/Inclusion-and-Diversity-Report-March-2020.html.
**42** "Not Without My Consent", Facebook, https://www.facebook.com/safety/notwithoutmyconsent/.
**43** "Project Shield", Google Jigsaw, https://projectshield.withgoogle.com/landing.




# Медиуми

# Предложени дејствија

1. Подобрување на културата на работното место со сеопфатни политики за безбедност и за род;

2. Обезбедување поддршка и обука за новинари кои се соочуваат со онлајн малтретирање и злоупотреба;

3. Развој на родово-одговорни упатства за заедницата за интерактивни онлајн платформи;

4. Следење и документирање на онлајн злоупотреба и малтретирање на новинарки, вклучувајќи и хонорарци.

# 7. Медиуми
## Заштитата на новинарите започнува на работното место

Медиумите, поконкретно, сопствениците, раководителите и уредниците на различни форми на сите видови медиумски компании и организации, имаат обврска и можност да имаат позитивно влијание врз безбедноста на новинарите. Тие имаат должност да ја осигураат сигурноста и безбедноста на сите лица кои работат за нив, вклучувајќи и хонорарци, во редакцијата, како и на терен.

Како работодавци, сопственици на медиуми, главни уредници и раководители, тие треба да го препознаат, и да одговорат на, фактот дека новинарките се соочуваат со дополнителен слој на ризик поради тоа што се жени, покрај ризиците што доаѓаат со тоа што се новинари.[1] Дополнително, медиумите имаат одговорност да се осигураат дека културата на работното место - која е традиционално високо патријархална - треба да ги искорени потенцијалните закани од колегите.

Сопствениците на медиумите, раководителите и уредниците треба да се фокусираат на превентивни и заштитни мерки за целиот персонал, со посебно внимание на потребите на жените. Треба да се понудат различни форми на формална и неформална поддршка, кои меѓусебно се зајакнуваат за сеопфатен пристап кон безбедноста.

**Во Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 3/18, 57 -те земји-учеснички на ОБСЕ се „вознемирени дека насочените кампањи што ја потиснуваат работата на новинарите се зголемуваат, ја уриваат довербата и вербата на јавноста во кредибилитетот на новинарството, и признаваат дека тоа може да го зголеми ризикот од закани и насилство врз новинарите“.**

## › Подобрување на културата на работното место со сеопфатни политики за безбедност, и за родот

Културата за безбедност е од суштинско значење. Ако новинарите не чувствуваат дека нивните медиуми се стремат да спречат, ублажат и да одговорат на надворешна и внатрешна злоупотреба во секој поглед, тогаш нивната работа станува потешка.

Недостатокот на безбедност на новинарките често започнува во рамките на нивните работни места. Дискриминаторските културни норми и стигми, заедно со недостатокот на верба во нивните надзорници да постапуваат по злоупотреби, ги обесхрабруваат пријавувањето на родово насилство. Во овој контекст, преовладува тишината.[2]

Првиот чекор за една медиумска компанија да ја подобри својата култура е да признае дека родовото насилство е проблем и дека нападот врз индивидуален новинар е напад врз целиот медиум. Ова вклучува признавање дека жените се мета преку онлајн комуникации почесто отколку нивните машки колеги, и тоа на повеќе штетни начини.[3] Исто така, вклучува и признание дека новинарките можат да бидат мета на колега, и дека овие инциденти можеби нема да бидат пријавени.

Со цел поддршка на новинарките, медиумите треба редовно да спроведуваат безбедносни ревизии на нивните редакции и други работни средини, како и на условите на географското подрачје од кое се известува, и на различните видови на теренски задачи. Тие, исто така, треба да спроведат ревизии и проценка на дигитална безбедност за подобро разбирање на различните видови ризици што поединците можат да ги доживеат додека работат за медиумот. Преку овој процес, тие можат точно да ги посочат јаките и слабите страни на работењето. Врз основа на наодите од извршените ревизии, а во соработка со новинарите, медиумите треба да спроведат сеопфатни политики за безбедност - оние кои се однесуваат на физичка безбедност, дигитална безбедност и психо-социјална поддршка.

Заедно со негување на позитивна култура во редакцијата, медиумските компании треба да развијат упатства и протоколи за спречување и спротивставување на напади, вклучувајќи различни форми на онлајн малтретирање и злоупотреба. Јасно определено лице ќе треба да биде одговорно за спроведувањето на овие упатства и протоколи, и тие ќе треба да бидат редовно ревидирани и ажурирани со цел да останат релевантни во технолошкиот пејзаж кој се менува брзо.

Важно е дека таквите упатства укажуваат на сите опции кои се на располагање на новинарите за да пријават онлајн малтретирање и злоупотреба, и за тоа како да се добие каква било помош која им е потребна, како што се правен совет или психосоцијална поддршка. Во исто време, овие упатства треба да признаат дека крутите интерни процедури можат да ги спречат новинарите да пријават родови напади заради личната и интимната природа на таквите напади. Затоа, интерните процедури треба да дозволат флексибилен опсег на дејствија. Новинарот може да претпочита да зборува, на пример,

со близок колега и да го замоли да ја пријави злоупотребата, отколку самиот/самата лично да го пријави проблемот кај надредениот. Во друго сценарио, новинар може да посака да добие психосоцијална поддршка без да превземе понатамошни чекори, внатрешно или надворешно.

Бидејќи родовото вознемирување исто така се случува на работното место, корпоративните структури за пријавување онлајн малтретирање и злоупотреба мора да им овозможат на новинарите да се справат со внатрешни и надворешни напади. Механизмите треба да бидат лесни за пристапување, со осигурување на доверливост и навремени одговори од страна на раководството.

Нееднаквите општества, каде што е нормално мажите да имаат повеќе можности и поголема плата од жените, во основа, поткрепуваат онлајн родови напади против новинарки. Покрај тоа, во таквите општества, малтретирањето и насилството врз жените често не се препознаваат во целосен обем и ефект. Со цел да се борат против основните причини за ваквите напади, медиумите мора да усвојат и спроведат политики за родова еднаквост во однос на платите, унапредувањата, рамнотежата помеѓу работата и животот, и пристап до положби на кои се донесуваат одлуки.[4] Политиките мора да го решат и сексуалното насилство на работното место, и да конструираат соодветна акција како одговор на внатрешните престапи. Родовите политики треба да бидат дизајнирани имајќи ги предвид новинарките и претставниците на здруженијата и синдикатите, и сите вработени треба да бидат обучени добро да ги познаваат истите политики.

Уредувачките политики, исто така, треба да промовираат родова еднаквост во медиумските содржини. Препораките за тоа како да се постигне ова вклучуваат гаранција дека женските гласови ќе се слушнат

во информативните прилози, избегнување на родова пристрасност во известувањето, вклучително и во однос на жени - јавни личности, и известување за сексуално насилство на начин кој нема да ги стигматизира или влоши траумите.

## Примери

**Дискутирање на најдобрите практики:** Медиумите низ Европа учествуваа во студија за род, спроведена од страна на Меѓународниот институт за печат (IPI), во соработка со Канцеларијата на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите (RFoM), која ги испитуваше најдобрите практики за решавање на онлајн малтретирање и напади врз новинарки. Меѓународниот институт за печат го објави извештајот Најдобри практики за редакција за решавање на онлајн насилството врз новинари во 2019 година, кој вклучува сет препораки.[5]

**Имплементација на транспарентни упатства и протоколи:** Водечки протокол за онлајн малтретирање, мерки за редакциите и новинарите за решавање на онлајн малтретирање, е достапен на повеќе јазици на онлајн страницата за ресурси на Меѓународниот институт за печат. Овој протокол се базира на најдобрите практики низ Европа и дава конкретни препораки. Меѓународниот институт за печат работи со неколку медиуми за да ги имплементира овие упатства.[6]

Светската асоцијација на весници и издавачи (WAN-IFRA) создаде практичен водич чекор-по-чекор за медиумски организации и

медиумски работници за да им помогне да спречат и конструктивно да се справат со сексуално вознемирување на работното место, со наслов Сексуална злоупотреба во медиумите - практичен водич за работодавачи и вработени.[7] Истиот обезбедува модели развиени од експерти за човечки ресурси на медиумски компании, за тоа што да пријават, како да постапат при пријавувањето, и како да дејствуваат по поднесувањето на пријавата.

Јавниот радиодифузен сервис во Австрија, Österreichischer Rundfunk, нуди еден пример на медиум кој поставува протоколи кои ја целат родовата еднаквост. Јавниот радиодифузен сервис постави само-регулаторна алатка за промовирање на родовата еднаквост и унапредување на кариерите на жените, за поддршка на подобра рамнотежа помеѓу работата и приватниот живот, и да постигне 45% застапеност на жените во сите сектори во организацијата, вклучувајќи ги и техничките области.[8]

Руската редакција Novaya Gazeta усвои протокол против психолошко и сексуално насилство.[9] Истиот го дефинира сексуалното вознемирување и психолошкиот притисок и предвидува формирање на одбор што ќе се занимава со евентуални поплаки. Одборот нема да го вклучува уредникот, директорот на публикацијата или претходни престапници.

Алијансата ACOS, во соработка со Dart центарот, разви Предводење на издржливост:Водич за уредници и раководители на вести за начинот на кој треба да се работи со хонорарци изложени на трауми.[10]

**Вклучување на набљудувачи во сесии за обука:** Некои истражувања сугерираат дека многу традиционални сесии за

обука за сексуално вознемирување не се делотворни. Во својата статија Обуката за сексуално вознемирување не функционира. Но некои работи функционираат, ЊуЈорк Тајмс (the New York Times) дава совети кои организациите, вклучувајќи ги и медиумите, можат да ги следат за да создадат значајна промена во културата на работното место.[11] Меѓу другите пристапи, статијата ја нагласува и обуката на набљудувачите.

## Извори

- Само-оценување на безбедноста на новинските организации, креирано од страна на Алијансата ACOS, е алатка со препораки од членови за поддршка на медиуми за преглед и подобрување на практиките и протоколите за безбедност.[12]

- Блог на WAN-IFRA, План за очекуваното и неочекуваното: За што треба да размислите при завршување на проценката на ризик, дава клучни согледувања за редакциите, како што е креирање лесни-за-следење шаблони кои новинарите треба да ги пополнат пред започнување задача.[13]

- Родово-одговорни показатели за медиумите на УНЕСКО обезбедуваат рамка со која се измери родовата чувствителност во медиумските работења и содржини, помагајќи им на медиумите да отпочнат само-оценување за подобрување на родово-одговорниот пристап.[14]

- Канцеларијата на Претставникот за слобода на медиуми на ОБСЕ објави информативен документ за онлајн безбедноста на

новинарките, кој, исто така, вклучува ресурси и препораки за медиумските организации.[15]

### › Обезбедување поддршка и обука за новинари кои се соочуваат со онлајн малтретирање и злоупотреба

Сопствениците на медиумите, раководителите и уредниците мора да бидат подготвени брзо да дејствуваат со различни форми на поддршка за новинарите кои се соочуваат со онлајн малтретирање и злоупотреба. На новинари кои се мета може да им треба физичка сигурност, алтернативни задачи, психосоцијална и правна помош, или комбинација од погоре-наведеното.

Понатаму, сопствениците на медиуми, раководителите и уредниците треба да бидат подготвени да пружат помош и поддршка на новинарите кои ќе изберат да ги пријават случаите во компаниите на социјалните медиуми и/или во агенциите за спроведување на законот. Како дел од овој процес, тие треба да го проценат ризикот вклучен во пријавувањето на напади, и секогаш да обезбедат целосна согласност од новинар кој е мета. Медиумите треба да го олеснат или водат развојот на групи за поддршка од врсници, или други видови канали за поддршка, кои обезбедуваат безбеден простор каде што новинарките ќе можат да ги споделат своите искуства и грижи.

И покрај институционалната поддршка, новинарите, а особено хонорарците, често пати сами се справуваат со товарот на онлајн малтретирање и злоупотреба. Затоа, медиумите мора да дадат приоритет на обезбедување алатки за сите новинари за да помогнат

во идентификацијата и справувањето со нападите. Медиумите, исто така, имаат одговорност да ги негуваат и развиваат вештините за заштита на нивните новинари преку обезбедување обука за холистичка заштита, вклучително и, за внатрешни политики и протоколи. Таквата обука треба да вклучува управување со ризик од траума, свесност за манифестациите на родово онлајн насилство, и алатки за дигитална безбедност.

Воведувањето или промоција на програми за менторство можат да изградат врски и дијалог меѓу новинарките, и да помогнат да ги водат кон корисни ресурси.

Родовото малтретирање и злоупотреба се длабоко вкоренети во општествените норми. Медиумите се во позиција да влијаат на позитивните промени во однос на овие општествени норми. Затоа, обуката на новинарите и медиумските професионалци за тоа како да се справат со родовата пристрасност и стереотипите во нивното известување, и како да се спроведе чувствително пријавување на родово насилство, може, исто така, да промовира разновидност во медиумското покривање.[16]

Еден начин за да се зголеми медиумската разновидност е со зголемување на бројот на жените од сите сфери во животот во вести и интервјуа, и признавање на активната улога на жените во политичкиот, економскиот, социјалниот и културниот живот. Дури и во земјите што имаат подобри резултати за родова еднаквост, застапеноста на жените во медиумите е ниска или може да биде стигматизирачка.[17]

Курсевите за обука за прашањата на родово насилство и онлајн малтретирање и злоупотреба треба да биде спроведувано на редовна основа, со последователни курсеви за да се обезбедува дека

внатрешното учење и унапредување на вештини е долгорочен, значаен процес, а не еднократна вежба.

## Примери

**Воспоставување фонд за поддршка:** Во Финска, водечките медиумски компании ги здружија силите со синдикатите за да формираат фонд за поддршка за да им помогнат на новинарите кои се жртви на закани и прогон, вклучително и онлајн малтретирање и предизвикување.[18]

**Активно реагирање на онлајн малтретирање и злоупотреба:** Во Шпанија, весниците El País и La Vanguardia, и Catalunya Ràdio создадоа тимови за социјални медиуми за поддршка на нападнати новинари. Некои од нивните дејствија вклучуваат директно реагирање на напади на социјалните медиуми, повлекување содржина од нивните платформи, документирање на нападите, и поддршка на нападнатите новинарите во подготовката за правни постапки.[19]

**Интервјуирање на повеќе жени:** Во 2011 година, раководството на Белгискиот јавен сервис на француски јазик, RTBF, започна иницијатива наречена Cherchez la femme, повикувајќи ги своите новинари да интервјуираат жени а не мажи, секогаш кога е можно. Оваа мерка го зголеми процентот на жени вклучени во емитувањето вести.[20]

**Секојдневно следење на учество во медиумите:** Алатката Prognosis Shamebot го споредува процентот на машки и женски имиња во

речиси 30 дневни онлајн медиуми во Шведска и Финска.[21] Иако оваа специфична алатка има ограничувања - како што е недавање информации за квалитетот на учеството во медиумите - медиумите што ја користеа со текот на времето сметаат дека е вредна за поттикнување внатрешни разговори и дискусии во рамките на медиумскиот сектор, за мажи и жени во медиумите.

## Извори

- Комитетот на министри на Советот на Европа за родова еднаквост во медиумите, во Препораката (2013)1 препорачува дека медиумите "донесуваат саморегулаторни мерки, внатрешен кодекс на однесување/етика и внатрешен надзор, и развиваат стандарди во медиумската покриеност кои промовираат родова еднаквост". Исто така, ги охрабрува третите страни „доследно да ја бранат родовата еднаквост со тоа што ќе ги пренесат своите грижи до телата за само-регулација".[22]

- Приказ на политика: Збир алатки за род и телевизија на Институтот за медиумска разновидност вклучува осум модули за обука на новинарите за подобро да размислат како ги прикажуваат жените во политиката.[23]

- SaferJourno: Ресурси за дигитална безбедност за медиумски обучувачи е бесплатен водич со отворена наставна програма креиран од Интерњус (Internews) за медиумски обучувачи кои предаваат дигитална безбедност и онлајн сигурност на студенти, професионалци и колеги.[24] Публикацијата, која што може да се

превземе, обезбедува план за лекции за шест различни модули: проценка на ризиците; основна заштита; безбедност на мобилен телефон; чување на податоците безбедни; безбедно истражување; и заштита на е-пошта.

## › Развој на родово-одговорни упатства за заедницата за интерактивни онлајн платформи

Сепак, медиумите често одржуваат интерактивни онлајн простори на нивните веб-страници, и преку сметки на социјалните медиуми. Јасни упатства за заедницата за вклучување на корисниците на онлајн платформите на медиумот можат да помогнат да се спречи онлајн малтретирање и злоупотреба, или да се ублажи сериозноста на нападите. Иако модерирањето на дискусиите на онлајн платформата на медиумот може да биде важна алатка за спречување или ублажување на родовата злоупотреба, истата не смее да ја загрози слободата на изразување. Дополнително, јасноста за тоа како новинарите треба да комуницираат на платформите на социјалните медиуми, исто така, може да помогне да се скрати периодот потребен за новинарот и медиумот да го проценат ризикот и соодветно да одговорат на нападите.

Медиумите исто така можат да работат за да спречат вознемирување и злоупотреба преку проактивно инвестирање во ангажирање на заедницата, и преку промовирање на конструктивен дијалог на нивните онлајн платформи. Еден начин да го направите ова е со поставување на раководители кои ќе се занимаваат исклучиво со заедницата.

## Примери

**Интеракциите со заедницата:** Британската радиодифузна корпорација (BBC) воспостави Основни правила за коментирање и поставување на своите платформи и посебно побара од своите читатели да се воздржат од навредливо однесување.[25]

**Поставување на менаџер за дијалог со заедницата:** Во 2018 година, финскиот јавен сервис Yle воведе управување со заедницата на своите платформи. Yle ангажираше менаџер за дијалог со публика за да создаде попозитивна култура за онлајн дискусија.[26]

Deutsche Welle (DW) има менаџер на заедницата посветен исклучиво на модерирање на секоја платформа за сервиси на германски јазик на која DW е присутна, додека нејзиниот сервис на англиски јазик има раководители на заедницата кои се активни деноноќно.[27]

## Извори

- Центарот за медиумски плурализам и слобода на медиумите создаде онлајн база на податоци со упатства за социјалните медиуми низ медиумите на земјите членки на Европската Унија.[28]

## › Следење и документирање на онлајн злоупотреба и малтретирање на новинарки, вклучувајќи и хонорарци

Потребни се повеќе податоци за да се разбере целосната димензија и влијанието на онлајн малтретирањето и злоупотребата, што е релативно нова закана за новинарството. Медиумите можат да му помогнат на својот персонал и да и служат на пошироката заедница, која се интересира за безбедноста на новинарите, со документирање на онлајн вознемирување и злоупотреба на нивниот персонал. Прибирањето распределени податоци за различните манифестации и димензии на онлајн малтретирање и злоупотреба е од клучно значење за спроведување проценки на ризик кои ја признаваат природата на злоупотребата, и за разбирање на промените со текот на времето. Ова ќе им овозможи на медиумите подобро следење на статусот на секој инцидент, и забелешка и мерки за подобрување кои се преземаат како реагирање, вклучително и за зачувување на докази кога нападите попримаат елементи на кривични дела.

Со овие информации, медиумите можат да воспостават поефективни канали за комуникација со постоечките национални механизми за заштита, националните институции за човекови права, креаторите на политиките и агенциите за спроведување на законот, и да споделат дел од овие податоци. Целта е да се придонесе кон усвојување на сеопфатни одговори засновани на политиката, вклучително и конкретни ситуации во кои ескалацијата на злоупотреба врз одреден новинар, или од страна на одреден сторител, бара фокусирано следење и реагирање.

Ова исто така бара целосна транспарентност и соработка со целиот персонал и хонорарци, и целосна согласност на нападнатиот новинар. Дури и со согласност, медиумот мора да спроведе проценка на ризик за користењето на информации за идентификација доколку податоците

се споделуваат јавно или со други страни, без разлика дали со владини агенции, агенции за спроведување на законот, граѓански групи, или на која било јавна платформа.

## Примери

**Создавање на портал за следење на прекршувањето на правата и слободите:** Балканската мрежа за истражувачко известување го создаде BIRD, портал за ресурси кој ги следи прекршувањата на дигиталните права и слободи во шест земји во Централна и Југоисточна Европа, и објави истражувачки извештај за онлајн напади новинарки.[29]

**Спроведување на истражување за онлајн злоупотреба:** Гардијан (The Guardian) нарача истражување на 70 милиони коментари поставени на неговата веб-страница од 2006 година, за да ја разбере природата на онлајн злоупотребата врз неговите новинари. Медиумот откри дека, од десетте новинари кои биле најзлоупотребувани, осум биле жени. Наодите се споделени во извештајот Темната страна на коментарите на Гардијан.[30]

# Фусноти на крај на поглавјето

**1** Elisa Lees Munoz, "Why we should prioritize women journalists' safety", International Women's Media Foundation, https://www.iwmf.org/2017/11/why-we-should-prioritize-women-journalists-safety/.
**2** Silvia Chocarro, "The safety of women journalists: Breaking the cycle of silence and violence", IMS Defending Journalism book series, International Media Support, 2019, https://www.mediasupport.org/publication/the-safety-of-women-journalists.
**3** Mozilla Foundation, "Women journalists feel the brunt of online harassment", Internet Health Report, 2019, https://internethealthreport.org/2019/women-journalists-feel-the-brunt-of-online-harassment/.
**4** Gender Equality Commission,"Handbook on the implementation of Recommendation CM/Rec(2013)1 of the Committee of Ministers of the Council of Europe on gender equality and media", Council of Europe, 2015, https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=0900001680590558.
**5** Barbara Trionfi and Javier Luque Martínez, "Newsroom Best Practices for Addressing Online Violence against Journalists Perspectives from Finland, Germany, Poland, Spain and the United Kingdom", IPI, in cooperation with the OSCE RFoM, https://ipi.media/wp-content/uploads/2019/06/IPI-report-online-harassment-06032019.pdf.
**6** IPI, "Measures for Newsrooms and Journalists to Address Online Harassment", Ontheline Newsrooms, https://newsrooms-ontheline.ipi.media/.
**7** R. Zausmer, J. Godia, "Sexual Harassment in the Media", Women in the News, 2018, http://www.womeninnews.org/resource/41.
**8** Op. cit. endnote 3, p. 17.
**9** "Рабочее место должно быть безопасным" (Workplace must be safe), Novaya Gazeta, 14 July 2020, https://novayagazeta.ru/articles/2020/07/14/86271-rabochee-mesto-dolzhno-byt-bezopasnym.
**10** Dart Centre and ACOS Alliance, "Leading Resilience: A Guide For Editors & Managers", 2020, https://www.acosalliance.org/trauma-management-for-editors
**11** Claire Cain Miller, "Sexual Harassment Training Doesn't Work. But Some Things Do.", The New York Times, 11 December 2017, https://www.nytimes.com/2017/12/11/upshot/sexual-harassment-workplace-prevention-effective.html?smid=fb-nytimes&smtyp=cur&_r=0
**12** ACOS Alliance, "News Organizations Safety Self-Assessment", https://www.acosalliance.org/self-assessment.
**13** Caroline Scott, "Plan for the expected and unexpected: What you need to think about when completing a risk assessment", World Association of Newspapers and News Publishers, 6 April 2019, https://blog.wan-ifra.org/2019/06/04/plan-for-the-expected-and-unexpected-what-you-need-to-think-about-when-completing-a-risk-.
**14** UNESCO, "Gender-Sensitive Indicators for Media: Framework of indicators to gauge gender sensitivity in media operations and content", 2012, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000217831.
**15** OSCE RFoM, #SOFJO Factsheet: Safety of Female Journalists Online, 2018, https://www.osce.org/files/f/documents/2/5/370331_0.pdf.
**16** The New York Declaration, "Gender & media: challenges and opportunities in the Post 2015 era", 11 March 2017, https://whomakesthenews.org/wp-content/uploads/who-makes-the-news/Reports/The%20New%20York%20Declaration%202017%20on%20gender%20and%20media.pdf.
**17** Sarah Macharia et al., "Who Makes the News? Global Media Monitoring Project", WACC, 2015, https://whomakesthenews.org/gmmp-2015-reports.
**18** "Media houses and unions set up fund to support journalists facing harassment", The Union of Journalists in Finland news item, 28 May 2019, https://journalistiliitto.fi/en/media-houses-and-unions-set-up-fund-to-support-journalists-facing-harassment/.
**19** Op. cit. endnote 5.

**20** Op. cit. endnote 4.
**21** Prognosis Shamebot, "Gender Equality Tracker 2020", http://www.prognosis.se/GE/.
**22** Council of Europe "Draft analytical report on the follow-up on the implementation of Recommendation CM/Rec(2013)1 of the Committee of Ministers of the Council of Europe on gender equality and media", GEC(2019)10, CDMSI (2019)04, 8 November 2019, p. 46, https://rm.coe.int/gec-2019-10-cdmsi-gec-analyatical-report-cm-gender-equality-and-me- dia/168098bce5.
**23** Portraying Politics Project Partners, "Portraying Politics – A toolkit on gender and televi- sion", 2006, http://www.media-diversity.org/en/additional-files/documents/PP_EN.pdf.
**24** "SaferJourno", Internews, http://saferjourno.internews.org/.
**25** "What are the rules for commenting and uploading?", BBC, 2018, https://www.bbc.co.uk/usingthebbc/terms/what-are-the-rules-for-commenting/.
**26** "Finnish public broadcaster fights online hate speech with dialogue and respect", Euro- pean Federation of Journalists news item, 20 August 2018, https://europeanjournalists.org/blog/2018/08/20/finnish-public-broadcaster-fights-online-hate-speech-with-dialogue-and-respect/.
**27** Op. cit. endnote 5, p. 35.
**28** "Social Media Guidelines for Journalists EU28", European University Institute, https://cmpf.eui.eu/social-media-guidelines-for-journalists-eu28/.
**29** "B.I.R.D.", The Balkan Investigative Reporting Network and Share Foundation, https://monitoring.bird.tools.
**30** Becky Gardiner et al., "The dark side of Guardian comments", The Guardian, 12 April 2016, https://www.theguardian.com/technology/2016/apr/12/the-dark-side-of-guardian-comments.



# Новинарски организации и саморегулаторни тела

# Предложени дејствија

1. Зголемување на колективната акција и застапување за подобрување на безбедноста и другите услови за работа на новинарките;

2. Зајакнување на капацитетите преку колегијални мрежи, обука и друга практична поддршка;

3. Документирање напади и користење информации за да се зголеми свеста кај клучните чинители;

4. Промовирање на вклучување на прашања за безбедност и родова еднаквост во работата на саморегулаторните тела.

# 8. Новинарски организации и саморегулаторни тела

## Организирање на колективна акција и кодекс на однесување

Новинарските организации, како што се професионалните здруженија и синдикатите, ги бранат работничките права и заедничките интереси на новинарите. Ова вклучува подобрување на безбедноста на новинарите и нивна поддршка кога се соочуваат со специфични закани. Недржавните чинители во секторот, како што се медиумските совети, еснафските организации, образовните институции и медиумските народни правобранители кои се назначени од страна на еден или повеќе медиуми, исто така, можат да ја одиграат својата улога за промовирање на безбедноста на новинарите.

**Во Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 3/18, 57-те земји учеснички на ОБСЕ „со загриженост забележуваат дека употребата на несоодветни рестриктивни мерки против новинарите може да влијае на нивната безбедност, и да ги спречува да даваат информации на јавноста, а со тоа негативно се влијае врз остварување на правото на слобода на изразување“.**

Овој дел прикажува како овие чинители, освен едукативните чинители што ќе бидат разгледани подоцна, можат да го зголемат нивното влијание врз промовирањето на онлајн безбедноста на новинарките.

## › Зголемување на колективната акција и застапување за подобрување на безбедноста и другите услови за работа на новинарките

Новинарските здруженија и синдикати играат клучна улога во тоа медиумите да ги исполнат своите обврски и одговорности како работодавачи за да ја осигураат безбедноста на новинарките, без разлика дали се вработени или хонорарни работници, во практиката на нивните новинарски активности.

Во нивните напори да ги подобрат условите за работа во медиумската професија, новинарските здруженија и синдикати можат да дадат приоритет на специфичните предизвици со кои се соочуваат новинарките. Преговорите со медиумските организации за ставање крај на родовиот јаз во платите меѓу мажите и жените се суштински, бидејќи оваа практика ги крши правата на работниците и ја продолжува дискриминацијата врз жените. Исто така, застапувањето на родова еднаквост и политиките против сексуалното вознемирување во медиумите се од суштинско значење, заедно со безбедносните протоколи кои вклучуваат специфични процедури за новинарките, како и имањето на потребната опрема и поддршка.

Новинарските организации треба да се заложат за родова еднаквост и родови политики и во нивните структури, и да посветат посебно внимание на прашањата за онлајн малтретирање и злоупотреба меѓу нивните подружници.

Покрај преговорите, професионалните здруженија и синдикатите можат да го следат и анализираат законодавството за залагање за подобрување, кога е релевантно, на национално, регионално и меѓународно ниво. Кога онлајн малтретирањето и злоупотребата

претставуваат кривично однесување, организациите можат да обезбедат правна поддршка за новинарите и подружниците.

## Примери

**Давање препораки:** Синдикатот на новинари во Финска го создаде флаерот Кампањи за омраза - што треба да правиме. Истиот содржи препораки, како што се документирање на злоупотреба, договарање советување за вработените, доколку е потребно, или објавување позитивни коментари за колега преку Интернет, за да ги информира уредниците, раководителите и новинарите кои чекори треба да се преземат кога тие самите, вработен или колега е цел на напад со онлајн малтретирање и злоупотреба.[1]

**Промовирање на родова еднаквост во медиумската индустрија:** Во јуни 2019 година, Меѓународната организација на трудот (ILO) усвои нов сет меѓународни стандарди за труд Конвенција 190 за насилство и вознемирување.[2] Меѓународната федерација на новинари (IFJ) ја води кампањата, Конвенција 190 на ILO: Може да смени животи, повикувајќи ги државите да ја ратификуваат конвенцијата.[3]

**Ажурирање на синдикалните политики кога е потребно:** Националниот синдикат на новинари во Обединетото Кралство и Ирска ги ажурираше своите политики за да вклучи дел за Сексизам и малтретирање.[4]

## Извори

- IFJ објави збир од Насоки за медиуми и синдикати за борба против онлајн малтретирање на жени новинарки за да им помогне на раководителите на медиумите, синдикатите и колегите во преземање на соодветните дејствија.[5]

## › Зајакнување на капацитетите преку колегијални мрежи, обука и друга практична поддршка

Постојат многу начини новинарските здруженија и синдикати да ги зајакнат капацитетите на новинарите за борба против онлајн малтретирањето и злоупотребата и да управуваат со психолошките последици.

Поддршката од колегите се покажа како клучна за новинарките да се справат со онлајн малтретирањето и злоупотребата. Колегите кои претрпеле слични искуства се поддржуваат меѓусебно, на пример преку колегијални мрежи. Сепак, доаѓаме до фактот дека обуката и помошта се пожелни, бидејќи прашањата кои произлегуваат можат да бидат чувствителни и сложени. Заедно со медиумите (види Поглавје седум), новинарските здруженија и синдикатите можат да развијат колегијални мрежи за поддршка и да нудат обука и предложуваат правила за ангажман, како и други форми на психосоцијална поддршка. Стручноста на овие видови на чинители ги прави вредни залагачи за прашањето за безбедноста на новинарите. Тие можат да обезбедат значајни информации за јавните службеници и парламентарците за

развојот на законодавството и политиките кои се однесуваат на онлајн малтретирање и злоупотреба.

Новинарските здруженија и синдикати, исто така, можат да организираат практична обука за новинарки за најдобрите можни практики за спречување и решавање на онлајн малтретирањето и злоупотребата. Развој на истражувања, исто така, во соработка со новинарските обуки и образовните институции за новинари и сопственици на медиуми, се клучни за подобро разбирање на предизвиците со кои се соочуваат новинарките. Тие, исто така, можат да ја олеснат размената на информации на форуми, предводени од жени, фокусирајќи се на алатки за спроведување проценки за само-ризик, како да се обезбедат профилите на социјалните медиуми, и совети како да се справат со ситуации кога се цел на онлајн малтретирање и злоупотреба.

Новинарските здруженија и синдикати честопати имаат женски групи или фокусни точки за новинарките, кои обезбедуваат важен простор каде жените можат да зборуваат за сопствените искуства и безбедносни потреби. Покрај тоа, здруженијата и синдикатите можат да отворат посебен дел на нивната веб-страница, посветен на онлајн безбедноста на новинарките, обезбедувајќи лесно достапни, релевантни информации, контакти и ресурси.[6]

## Примери

**Развој на алатки за обука:** Меѓународната асоцијација на жени во радио и телевизија изработи безбедносен прирачник за жени, Што Ако...? Прирачник за безбедност за новинарки. Истиот се користеше за обука за заштита во неколку земји.[7]

**Учење од добри практики:** Во 2019 година, Синдикатот на новинари во Турција, и Европската федерација на новинари организираа работилница за најдобри практики и конкретни алатки за подобрување на родовата еднаквост и разновидност во процесот на медиумско производство и за спречување на растечкото онлајн малтретирање.[8]

## Извори

- Прирачникот на IFJ за најдобри практики за родова еднаквост во европските синдикати има собрано серија добри практики за подобрување на родовата еднаквост во синдикатите и медиумите.[9]

## › Документирање напади и користење информации за да се зголеми свеста кај клучните чинители

Документирањето на нападите врз новинарите со родово-одговорен пристап е суштинско за разбирање на комплексноста на предизвиците со кои се соочуваат новинарките, и начините за нивно решавање. Идентификувањето на најефикасниот и најбезбедниот начин за документирање онлајн насилство врз новинарите е исто така клучно за промовирање на безбедноста на новинарите, имајќи предвид дека сѐ повеќе напади врз медиумите се вршат онлајн.

Бидејќи тие се во постојан близок контакт со нивните членови, професионалните мрежи, новинарските здруженија и синдикатите се особено добро поставени да ги следат нападите и да ги анализираат трендовите. Координација и соработка меѓу групи кои можат да следат насилство врз новинарите е важно за да се избегне дуплирање, и како истите би се поддржале.

Деталните информации што ги имаат новинарските здруженија и синдикатите во врска со состојбата со безбедноста на новинарите можат да се искористат за започнување и поддршка на кампањи за подигање на свеста, но можат да се користат и за ангажирање медиумски организации, креатори на политики и други клучни чинители, секогаш со целосна транспарентност и согласност од страна на нападнатиот новинар. Соработката меѓу овие групи на чинители може да го зголеми влијанието на иницијативите за безбедност.

## Примери

**Градење сојузи за следење:** Синдикатот на новинари во Финска подготви анкета за степенот до кој новинарите се цел на напади; анкетата помогна подобро да се разбере проблемот и да се преземат дејствија за решавање на истиот.[10]

**Градење сојузи за следење:** Во Југоисточна Европа, шест новинарски здруженија и медиумски синдикати ги здружија силите за иницијативата Безбедни новинари.[11]Започнат во 2016 година, проектот ја следи безбедноста на новинарите во регионот од

правна и политичка перспектива. Исто така, ја подигнува свеста за нападите и се залага за безбедноста на новинарите. Во Босна и Херцеговина, алијансата е домаќин, меѓу другото, на линија за помош и мрежа за новинарки.

**Градење на меѓу-секторски сојузи:** Најголемиот синдикат на приватниот сектор во Канада, Унифор (Unifor), ја подигна свеста за сексуално онлајн вознемирување и злоупотреба на медиумски работнички во видео кампања од 2018 година, покажувајќи дека синдикатите и професионалните здруженија, кои претставуваат поширок спектар на сектори а не само медиумскиот сектор, можат да се здружат во напорите за борба против родово-заснованата онлајн агресија.[12]

**Кампања за зголемен број на пријавувања:** Во 2019 година, IFJ ја започна кампањата #YouAreNotAlone за да ја подигне свесноста за родово и сексуално онлајн вознемирување на малтретирање на новинарки, и да ги охрабри новинарите да се солидаризираат со своите нападнати колеги.[13] IFJ и нивната партнерска група Јужно-азиската мрежа за солидарност во медиумите (SAMSN) ја создадоа кампањата ByteBack Campaign, што во 2018 година доведе до објавување на Водич за новинари за борба против сајбер малтретирање во Јужна Азија.[14]

**Соработка со надлежните органи кога е релевантно:** Во Северна Македонија, Здружението на новинари и Министерството за внатрешни работи потпишаа Меморандум за организирање заеднички активности за подигање на свеста за прашањето за неказнивост на злосторствата против новинарите, и за соработка во случаи на напади.[15]

## › Промовирање на вклучување на прашања за безбедност и родова еднаквост во работата на саморегулаторните тела

Концептот на саморегулаторната рамка за медиумите се однесува на спектар на чинители, институции и организации во една земја која се придржува до меѓународните стандарди за медиуми и новинарство, и која, во пракса, придонесува за културата и за животната средина која понатаму промовира независни и квалитетни медиуми.

Типот на чинители кои имаат формална или неформална улога за само- регулација на медиуми може да вклучува истакнати медиумски куќи и совети на печат, еснафски организации за уредници, народни правобранители, синдикати, и институции за обука, меѓу другите.[16] Понекогаш создадени преку преговори со државата, формалните саморегулаторни механизми треба, во принцип, да бидат доброволни, да работат транспарентно, и да бидат достапни за јавноста. Народните правобранители и механизмите за жалба воспоставени во рамките на органите како претставници на медиумските куќи (како што се медиумските совети или медиумските етички одбори) во некои случаи беа воведени по преговори со Државата со цел да се олеснат репресивните државни прописи.

Медиумските професионални стандарди и медиумската етика нудат делотворна платформа за иницијативи за прашањата поврзани со безбедноста и родовата еднаквост. Широк спектар на компании, институции и организации можат да мобилизираат медиумска етика за да придонесат за културата, и за животна средина која ги поддржува независните медиуми и квалитетот на медиумите.

Медиумската етика, исто така, информира за создавањето на формални механизми за саморегулација, како што се совети за медиуми и печат, кои можат да помогнат во олеснување на државната регулатива. Понекогаш, создадени преку преговори со државата, формалните механизми за саморегулација во принцип треба да бидат доброволни, да работат транспарентно и да бидат достапни за јавноста.

Саморегулаторните тела можат да играат една влијателна улога за родова еднаквост и безбедност во медиумите, бидејќи тие добиваат информации за инциденти од нивните членови, тие зборуваат со колеги, и медиумските чинители често ги прифаќаат овие тела. Кога се планира промена на политиката, овие чинители можат да поднесат заеднички повратни информации врз основа на експертиза на високо ниво. Тие, исто така, можат да го зголемат вниманието за безбедносни ситуации и да предложат мерки, во согласност со слободата на медиумите, до извршните и законодавните тела.

Улогата на саморегулараторните медиумски тела се протега, на пример, до развој и промовирање на етички кодекс кој, под различни називи, може да се покаже како суштинска референтна точка, насочувајќи ги новинарите за нивната улога, права и обврски, и како најдобро да ја извршуваат својата работа. Овој етички кодекс треба да биде родово-одговорен и да се развива во соработка со застапеноста на жените.

Како што беше дискутирано претходно, безбедноста на жените на работното место се потпира и на колегите и раководителите. Силна медиумска саморегулаторна рамка го подразбира не само развојот на етичкиот кодекс туку, исто така, постоењето на субјект

одговорен за надгледување на неговото спроведување и формите за санкционирање на оние кои не успеваат да го следат.[17] Медиумските саморегулаторни тела можат да гарантираат дека најдобрите практики за родово-засновано онлајн малтретирање и злоупотреба се интегрирани во колективните заклучоци за стандардите и препорачаните практики што се користат за новинарите во географската област.

Медиумските куќи придонесуваат кон саморегулација со спроведување на колективни норми и стандарди во организацијата но, исто така, со комуникација со јавноста, на пример, со објавување кога истите направиле грешка, со давање транспарентни информации за нивната работа и ставови на редакцијата, и нудење на народен правобранител во организацијата. Оваа функција се разликува од медиум до медиум но, генерално, народниот правобранител во организацијата дејствува како посредник меѓу персоналот на медиумската куќа, кој поттикнува дијалог меѓу двете страни.

Чинителите кои придонесуваат за независната саморегулаторна рамка можат да обрнат повеќе внимание на прашања кои влијаат на безбедноста на жените. Тие би можеле, на пример, да се позанимаваат со начинот на кој родово-заснованото насилство општо, а особено родовото онлајн насилство и злоупотреба, се следи и ублажува.

## Примери

**Заедничка кампања против неказнивост за родова дискриминација:** Новинарка во Русија беше јавно засрамена по поднесување на жалба против пратеник на Советот на

Федерацијата (горна комора на Рускиот парламент) за сексуално вознемирување. Медиумските здруженија и синдикатот ги здружија силите за да се стави крај на злоупотребата и однесувањето на набљудувачите. Колективните чинители се сомневаа во легитимитетот на мандатот на пратеникот, и испратија писмо до Парламентарното собрание на Советот на Европа, повикувајќи на бојкот на сите руски пратеници.[18]

**Користење на меѓу-секторски механизми за поплаки:** По инциденти на онлајн малтретирање на новинарки во Финска, беа поднесени жалби до парламентарниот народен правобранител на земјата, и Советот за масовни медиуми.[19]

**Поставување на стандарди за медиумската индустрија од страна на медиумската индустрија:** Мрежата на етичко новинарство е добра референтна точка за медиумска етика. Оваа коалиција од повеќе од 70 групи на новинари, уредници, сопственици на печат, и групи за поддршка на медиуми од целиот свет, објави извештај насловен Зачувување на вести, кој се занимава со родово-засновано насилство врз новинарите, вклучувајќи и онлајн малтретирање.[20]

**Поставување на морални стандарди за медиумите:** Сопствениците на медиумите и новинарските здруженија го основаа одборот за медиумска етика во Шведска во 1916 година, со цел да се овозможи поголема само-контрола во рамките на професијата.[21] Одборот и неговиот медиумски народен правобранител ги избираат медиумските прилози со кои одборот и народниот правобранител би можеле да се позанимаваат, а кои се поврзани со приказни за дискриминација, вклучувајќи ги и случаите кога жена обвинува маж за малтретирање.

Пресудите на одборот предлагаат добро аргументирани морални граници за медиумите, и како таквите потенцијално го ограничуваат ризикот од произволни пресуди за слични случаи во иднина.

**Активно зајакнување на колегијалните организации:** Мрежите за медиумски совети и синдикати го поддржуваат развојот на дигитални практики и им помагаат на новите совети да воспостават активности за медиумска писменост, механизми за поплаки и нормативни документи за етика и законодавство.[22] Советите кои активно ги поддржуваа жените кои се цел на дигитални престапници, ги споделија своите искуства со другите совети во рамките на мрежите.

**Обука на саморегулаторни чинители:** Чинителите, кои припаѓаат на различни видови на организации со различни области на одговорност, во рамките на саморегулаторната рамка често немаат платформи каде што рутински би се среќавале и би учеле едни од други. Во една меѓународна програма за обука, финансирана од страна на Шведска, централен ефект е фактот дека чинителите учат за креирањето на медиумски политики паралелно разменувајќи ставови за важни закани против мажи и жени, и воспоставување на комуникациски рутини за подобрување на безбедноста на новинарите.[23]

## Извори

- Алијансата на независни совети за печат на Европа (AIPCE) објави извештај за улогата на саморегулаторните тела во дигиталната ера.[24]

- Постојат два прирачници за улогата на саморегулацијата, објавени од страна на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите: Водич за саморегулација на медиуми и Водич за саморегулација на онлајн медиуми.[25]

- Советот на Европа ги идентификува добрите практики во аналитичкиот извештај за резолуцијата за родова еднаквост од 2013 година, и дискутира за тоа како телата за саморегулација во земјите членки ги спровеле препораките на Советот за родова еднаквост.[26]

## Фусноти на крај на поглавјето

**1** Johanna Vehkoo and Emmi Nieinen, "Hate campaigns – What you should do", Suomen Jour- nalis-tiliitto, Finlands Journalistförbun, https://journalistiliitto.fi/wp-content/uploads/2019/01/Hate_Campaigns_web.pdf.
**2** International Labour Organization, "C190 – Violence and Harassment Convention" (No. 190), 2019, https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_ILO_CODE:C190.
**3** "16 Days of activism: Ratify Convention 190", International Federation of Journalists (IFJ), https://www.ifj.org/media-centre/news/detail/category/new-campaign-on-violence/article/16-days-of-activism-ratify-convention-190.html.
**4** "NUJ policy", https://www.nuj.org.uk/rights/women-in-the-nuj/nuj-policy/.
**5** "Guidelines for media and unions to combat online harassment of women journalists", IFJ, 2019, https://www.ifj.org/fileadmin/user_upload/guidelines_EN_final.pdf.
**6** Ibid.
**7** International Association of Women in Radio and Television (IAWRT), "What if...? Safety Handbook for Women Journalists", 2017, https://www.iawrt.org/sites/default/files/field/pdf/2017/11/IAWRT%20Safety%20Manual.Download.10112017.pdf.
**8** "Journalists' organizations on the front line to tackle gender equality and online harass- ment", International Federation of Journalists news item, 6 June 2019, https://europeanjournalists.org/blog/2019/06/06/journalists-organisations-on-the-front-line-to-tackle-gender-equality-and-online-harassment/.
**9** "Handbook on Gender Equality Best Practices in European Journalists' Unions", IFJ, https:// www.ifj.org/what/gender-equality.html?tx_wbresources_list%5Bresource%5D=16&cHash=d1c- c3c8a3d-9f6eed57baf82b524c45ad.
**10** Barbara Trionfi and Javier Luque Martínez, "Newsroom Best Practices for Addressing Online Violence against Journalists Perspectives from Finland, Germany, Poland, Spain and the United Kingdom", IPI, in cooperation with the OSCE RFoM, https://ipi.media/wp-content/ uploads/2019/06/IPI-report-online-harassment-06032019.pdf.
**11** Regional Platform for advocating media freedom and journalists' safety, https://safejournal- ists.net.
**12** "It's Not Okay! Sexual harassment must stop!", Unifor Canada's YouTube Channel, https:// www.youtube.com/watch?v=od7WtwztDA&feature=youtu.be.
**13** "Online Trolling: You are NOT alone", IFJ, https://www.ifj.org/actions/ifj-campaigns/online- trolling-you-are-not-alone.html.
**14** Byte Back Campaign, IFJ and SAMSN, 2017, https://samsn.ifj.org/wp-content/up-loads/2017/03/Byte_Back_Handbook.pdf.
**15** Besim Nebiu et al., "Indicators on the level of media freedom and journalists' safety in Macedonia, Association of Journalists of Macedonia", Skopje, 2018, https://safejournalists.net/wp-content/up-loads/2018/12/Indicators-on-the-level-of-media-freedom-and-journalists-safety-in-Macedonia.pdf.
**16** "The Media Self-Regulation Guidebook", OSCE RFoM, 2008, https://www.osce.org/files/f/ documents/1/d/31497.pdf. The website of the Press Council of Ireland, independent from the State, presents work areas that media councils often work with: https://www.presscouncil.ie/.
**17** Ibid.
**18** Nadezhda Azhgikhina's article in The Nation, PEN Moscow Center's website, 4 May 2018, https://penmoscow.ru/our-news-2/516.
**19** Scott Griffen (ed.), "Legal Responses to Online Harassment and Abuse of Journalists: Perspectives from Finland, France and Ireland", OSCE RFoM and IPI, 7 March 2019, https://www.osce. org/representative-on-freedom-of-media/413549.
**20** Hannah Storm, "Gender on the agenda for the future of ethical journalism", https://www. journalism.co.uk/news/gender-on-the-agenda-for-the-future-of-ethical-journalism-not-just- for-women/s2/a737953/.

**21** Swedish Media Ombudsperson, https://medieombudsmannen.se/. About the Media Ombudsperson, https://www.presscouncils.eu/members-sweden.
**22** Alliance of Independent Press Councils of Europe and European Federation of Journalists, "Media Councils in the Digital Age", https://www.presscouncils.eu/Media-Councils-in-the-Digital-Age and https://europeanjournalists.org/media-councils-in-the-digital-age/.
The Media Self-Regulatory Organizations Network (Armenia, Azerbaijan, Belarus, Georgia, Moldova, Ukraine and Russia). https://www.mediacouncils.org/about-us/.
**23** NIRAS, "Media Development in a Democratic Framework", 2020, https://www.niras.com/ development-consulting/international-training-programmes/media-development-in-a-dem- ocratic-framework/. "Media regulation in a democratic framework: Eastern Europe" (in Rus- sian), Sida, International Training Programmes, 2020: https://itp.sida.se/itp/Programcatalog.nsf/0/1C73DB9D0D9257B-6C125839300475B4B?opendocument.
**24** Raymond A. Harder and Pieter Knapen, Media Councils in the Digital Age: An inquiry into the practices of media self-regulatory bodies in the media landscape today, University of Antwerpen, https://www.presscouncils.eu/userfiles/files/Media%20Councils%20in%20the%20 Digital%20Age.pdf.
**25** OSCE RFoM, "The Media Self-Regulation Guidebook", 2008, https://www.osce.org/ fom/31497; OSCE RFoM, The Online Media Self-Regulation Guidebook. 2013, https://www. osce.org/files/f/documents/d/b/99560.pdf.
**26** Council of Europe, Committee of Ministers, "Draft analytical report on the follow-up on the implementation of Recommendation CM/Rec(2013)1 of the Committee of Ministers of the Council of Europe on gender equality and media", GEC(2019)10, CDMSI (2019)04, 8 November 2019, https://rm.coe.int/ gec-2019-10-cdmsi-gec-analyatical-report-cm-gender-equality-and- media/168098bce5.




# Граѓански организации и образовни институции

# Предложени дејствија

1. Зголемување на податоците, знаењето и свесноста за родово-одговорно малтретирање и злоупотреба меѓу клучните чинители и општеството во целина;

2. Здружување на силите за унапредување на спроведувањето на стандардите за безбедност и другите работни услови за новинарки на национално ниво;

3. Развој на холистички обуки за заштита, и едукативни материјали;

4. Интегрирање на безбедноста на новинарите и родовата еднаквост во активностите за новинарско образование и институции за обука.

# 9. Граѓански организации и образовни институции
Мобилизирање, истражување и споделување на добри практики

Ова поглавје разгледува како активистите, обучувачите, едукаторите и академската заедница можат да соработуваат и да ја зајакнат својата работа за да се спротивставаат на онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарките.

Граѓанските организации (CSOs) - особено невладини чинители во областа на слободата на изразување, слободата на печатот, развој на медиумите и женските права - ги поддржуваат новинарите на многу различни начини: од залагање против напади и неказнување, до организирање на практични обуки за безбедност. Во последниве години, граѓанските организации се повеќе известуваа за, и на други начини реагираа на, зголемената закана од онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки.

Бидејќи универзитетите и другите образовни институции се одговорни за образување и обука на идните и сегашните новинари и медиумски раководители, овие организации можат да придонесат за зголемување на свесноста, и знаењето за безбедноста на новинарите, и прашањата за родовата еднаквост. Универзитетите исто така се во состојба да покренат јавни дискусии за прашања поврзани со политиката и имплементацијата на политиката. Покрај тоа, нивната улога во спроведувањето на истражувањето може да придонесе за подобро разбирање на предизвиците на онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарки.

**Во Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 3/18, 57-те земји -членки на ОБСЕ се „длабоко загрижени од сите прекршувања на човековите права и злоупотреби во врска со безбедноста на новинарите, вклучително и оние што вклучуваат убиства, мачења, присилно исчезнување, произволно апсење, произволен притвор и произволно протерување, заплашување, малтретирање и закани во сите форми, како што се физички, правни, политички, технолошки или економски, со цел да се потисне нивната работа“.**

### › Зголемување на податоците, знаењето и свесноста за родово-засновано малтретирање и злоупотреба меѓу клучните чинители и општеството во целина

Првиот чекор во решавањето на идентификуваниот проблем е добивање сеопфатна слика за истото прашање. Следењето на онлајн малтретирањето и злоупотребата на новинарки, на еден систематски начин, може да се смета за предизвик. Бројот на случаи и начините и каналите, преку кои овие прашања се манифестираат, се огромни. Во исто време, истражувањето покажува дека родовите напади се, во многу случаи, недоволно пријавувани поради социјални и професионални стигми, како и заради потенцијалот за траума поврзана со нападите.[1] Многу граѓански групи, кои следат и презентираат податоци за напади врз новинари, би можеле да работат заедно со професионалните здруженија, синдикатите, медиумите, академските институции и јавните тела вклучени во документацијата на случаи на онлајн малтретирање и злоупотреба. Се` ова треба да се направи со примена на родово-одговорен пристап што ги следи основните родово-разделени податоци и други

вкрстени фактори и специфични податоци, како што е пријавување на настани кои претходеле на нападот.

Документирањето со родово-одговорен пристап не се однесува само на „што" се следи, туку и „како" се следат случаите. Процесот на истражување треба да има за цел не само да собира податоци, туку и истиот да се направи со учество на новинарки. Треба да биде јасно во текот на процесот, на пример, дека онлајн малтретирањето и злоупотребата се дел од еден поширок сет на закани за новинарството, и не се приватен товар на одреден поединец.

Потребни се суштински и координирани напори за зголемување на знаењето на јавноста за прашањето за родово-засновано онлајн малтретирање. Иако постои значителен пораст во истражувањето на оваа тема, важно е да се идентификуваат истражувачките јазови и да се произведат дополнителни извештаи кои покриваат различни теми и разновидна застапеност на земји. Една недоволно искористена можност е соработката помеѓу академските институции и многуте граѓански организации кои вршат истражување и мониторинг. И тука, важен е „начинот на кој се прави". Секој облик на истражување треба да вклучува новинарки, нивните гласови, погледи и перспективи, и треба да се создаде и да се напише на начин на кој практичарите ќе можат да го користат за зајакнување на онлајн безбедноста на новинарките.

Без разлика дали се работи за директно ангажирање во истражувањето или не, многу граѓански организации играат важна улога во информирањето и мобилизирањето на креаторите на политиката, медиумската заедница и општеството во целина. Ова може да доведе до поголема колективна мобилизација за справување со онлајн малтретирањето и злоупотребата. Координацијата меѓу граѓанските

организации и другите чинители е основна за да се искористи влијанието и да се избегне дуплирање на напорите. Ваквата соработка може да има различни форми и може да се одвива на различни нивоа: глобално, регионално, национално или субнационално ниво.

## Примери

**Прибирање на податоци:** Комитетот за заштита на новинарите (CPI) одржува глобална онлајн база на податоци за убиени, затворени и исчезнати новинари, која вклучува податоци разделени по род.[2] Во 2019 година, Комитетот за заштита на новинарите, исто така, ја објави анкетата „Заканите не` следат дома“, документирајќи онлајн вознемирување и злоупотреба на новинарки во Канада и Соединетите Американски Држави.[3]

**Овозможување на безбедно и анонимно пријавување:** Plataforma en Defensa de la Libertad de Información (PDLI) во Шпанија ја создаде онлајн платформата Observatorio contra el acoso online a mujeres periodistas со цел да документира онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки, и привлече внимание на овој проблем.[4] Новинарките кои се жртви на онлајн малтретирање можат да поднесат анонимна пријава до организацијата преку онлајн образец.

**Отпочнување на истражување за подобро разбирање и решавање на предизвиците:** Глобалната студија Напади и малтретирање: Влијанието врз новинарките и нивното известување од страна на Меѓународната медиумска фондација на жени (IWMF) и TrollBusters, покажува дека на скоро две третини од новинарките во одреден момент им биле упатувани закани или биле малтретирани онлајн и офлајн.[5]

Извештајот од 2019 година, Напаѓање на преносителот на порака: Новинарите се соочуваат со сè повеќе напади на онлајн вознемирување дава слика за ситуацијата во Европа врз основа на преглед на 162 извештаи за дигитална злоупотреба доставени во рамките на проектот „Мапирање на слободата на медиумите" на Индекс за цензурирање.[6] Европскиот центар за печат и слобода на медиумите, и Европската федерација на новинари, исто така, соработуваа на извештајот.

Студијата со наслов Не ги читајте коментарите: Подобрување на онлајн безбедноста на работата во медиумите, од страна на Gen Vic и Media Arts и Entertainment Alliance, го набљудува онлајн малтретирање на новинарките во Австралија.[7]

Глобалната алијанса за медиуми и род (GAMAG) состави збирка на документи со политики во својот извештај „Поставување на родни агенди за политиката на комуникации". Публикацијата вклучува поглавје за онлајн безбедност на новинарките.[8]

Центарот за медиумски плурализам и слобода на медиумите во рамките на Институтот на Европскиот универзитет го создаде Следење на медиумскиот плурализам во обид да се документира здравјето на медиумските еко-системи и заканите за слободата на медиумите и новинарите во земјите членки на Европската унија и во некои земји-кандидати.[9]

Европската опсерваторија за новинарство во соработка со европските универзитети ја подготви студијата Каде се новинарките во Европските медиуми?[10]

Институтот за медиуми FOJO, ги разгледа и Родовите аспекти на вработување и кариера во медиумскиот сектор во Ерменија, Грузија, Молдавија, Русија и Украина.[11]

**Презентирање на истражување и корисни практики на заедничка платформа:** Проектот Унапредување на родовата еднаквост во медиумските индустрии е соработка помеѓу универзитетите и новинарските здруженија кои заеднички собираат истражувања и добри практики за различни прашања поврзани со родовата еднаквост во медиумите во Европа.[12]

**Анализирање и подигање на свеста:** Во својот извештај Онлајн малтретирање на новинари - Напад на тролови, организацијата Репортери без граници (Reporters without borders) анализираа случаи на онлајн напади врз новинари од нејзината мрежа низ целиот свет, со анализа на конкретни случаи на медиумски работнички.[13]

## Извори

- Интегрирањето на родот во следењето на човековите права од страна на Високиот комесар на ОН за човекови права нуди насоки како да се следат прекршувањата на човековите права со родова перспектива.[14]

- Документирање на род: Прирачникот за и во врска со бранителите на правата на жените на Меѓународната коалиција за одбрана на правата на жените, дава добри совети за тоа како да се вклучи родот во работата за документирање напади врз бранителите на човековите права на жените.[15]

## › Здружување на силите за унапредување на спроведувањето на стандардите за безбедност и другите работни услови за новинарки на национално ниво

Кога станува збор за безбедноста на новинарите, еден од најважните аспекти е спроведувањето на меѓународните стандарди за човекови права и другите обврски преземени на меѓународно ниво од страна на Државите, на национално ниво. Додека една организација сама по себе има ограничена способност да ги повика владите на одговорност, координираните напори на многумина можат да имаат значително влијание. Граѓанските организации, образовните институции за новинарство и другите организации кои сакаат да влијаат врз медиумскиот сектор треба да бараат можности за развој и спроведување координирани стратегии за да се осигураат дека Државите преземаат дејствија за да ги исполнат обврските во врска со онлајн и офлајн безбедноста на новинарките.

За безбедноста на новинарките да биде приоритет во меѓународната сфера, граѓанското општество може да го зголеми нивното ниво на ангажираност во меѓународни и регионални меѓувладини организации (види, исто така, Поглавје пет). ОН и регионалните механизми за човекови права можат да бидат поделотворно искористени од страна на граѓанските организации, и други организации, доколку истите поделотворно го координираат нивното ангажирање во врска со онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки. Постои добра можност за соработка, на пример, во врска со поднесувањата на Советот за човекови права на ОН по пат на специјални процедури, по пат на Универзални периодични прегледи и при обраќање до претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите.

Да бидат во состојба делотворно да се вклучат во меѓународната сфера, како и следење и известување за усогласеност на Државите со меѓународните обврски, бара некои специјализирани знаења. Меѓународните и националните граѓански организации, со оваа експертиза, можат да спроведуваат или да промовираат работилници за обука за меѓународните стандарди и обврските што се однесуваат на прашањето за родово-засновано малтретирање и злоупотреба.

## Примери

**Создавање работни групи за род и безбедност:** Глобалниот форум за развој на медиуми, мрежа на групи за развој на медиуми и ACOS Alliance, коалиција на медиумски куќи и групи за слобода на печатот кои ја промовираат безбедноста на хонорарни новинари, и двете имаат родово-засновани работни групи. Меѓународната коалиција на граѓански организации е мрежа од 26 организации кои ја координираат својата работа за безбедност на новинарите, и ги здружуваат силите во рамките на иницијативи за безбедност на новинари.[16]

**Здружување на силите и заедничко барање финансиска поддршка:** Медиумска слобода - брз одговор за безбедност на новинарите во Европската унија, е коалиција на организации за слобода на изразување.[17] Коалицијата реагира со практична, правна и застапничка поддршка за новинари изложени на ризик. Онлајн малтретирањето на новинарките е една од нејзините клучни теми.

**Демистифицирање на меѓународните стандарди:** Организацијата ARTICLE 19 објави Ставање крај на неказнувањето: Водич за постапување според стандардите за безбедност на новинари на ОН со цел да се олесни разбирањето на меѓународните стандарди за човекови права за безбедноста на новинарите.[18] Дополнително, за подобрување на капацитетот на своите членови да се вклучат во меѓувладини организации, IFEX, светска мрежа на невладини организации за слобода на изразување, објави серија од 5-минутни објаснувања за употребата на неколку меѓународни механизми за следење на имплементацијата на стандардите за безбедност на новинарите.[19]

## Извори

- Серијата публикации на Меѓународната поддршка на медиумите Одбрана на новинарството ги истакнува лекциите научени од различни земји каде структурите за соработка - коалиции, партнерства и механизми за безбедност - работат на унапредување на безбедноста на новинарите. Серијата вклучува извештај кој се фокусира исклучиво на новинарки.[20]

## › Развој на холистички обуки за заштита, и едукативни материјали

Организациите кои се блиски до новинарите и се способни да ги идентификуваат онлајн трендовите, значително ја унапредуваат обуката за безбедност на новинарите. Граѓанските организации играат важна улога во развојот на обука и образовни материјали кои можат да ја зајакнат заштитата на новинарките кои се нападнати онлајн.

Поради природата на онлајн малтретирањето и злоупотребата, важно е обуката да обезбеди холистички пристап кој вклучува различни аспекти, како што се законски права и психосоцијални потреби, покрај дигиталната безбедност. Обуката на новинарки за тоа како да се справат со родово-засновано малтретирање и злоупотреба, треба да биде процес што дава моќ, овозможувајќи им на жените да продолжат со своите професии и да се изразуваат.

За некој да ги знае сопствените права, важно е да разбере што опфаќаат овие права и кога истите се повредени. За да се зголеми помошта за новинарките кои имаат потреба од правна поддршка, би можело да биде корисно граѓанските организации да ја зајакнат својата работа и соработка со адвокатските комори и адвокатите. Работејќи со новинарски образовни институции и правни експерти, групите за слобода на изразување исто така можат да го зголемат капацитетот на сегашните медиумски професионалци, и новинари од следната генерација, да се справат, и да го решат родово-заснованото малтретирање и злоупотреба.

## Примери

**Видео упатства:** Меѓународниот институт за печат (IPI) разви видео упатства за новинарки за тоа како да се справат со онлајн малтретирањето од правна и психосоцијална перспектива.[21]

**Прирачник за работа на терен:** Теренски прирачник за онлајн малтретирање, на Американскиот PEN, за писатели и новинари обезбедува серија практични препораки, исто така, фокусиран на новинарки.[22]

**Психосоцијална поддршка:** Центарот за новинарство и траума Dart има ресурси за новинари кои доживуваат, или се под ризик да доживеат, траума. Во својот блог, Пет начини да се заштитите од сајбер омраза и тролови, тој нагласува начини за заштита од психосоцијалното влијание на онлајн малтретирањето и злоупотребата.[23]

**Обука за онлајн безбедност:** Free Press Unlimited ја создаде онлајн платформата Totem за курсеви за дигитална безбедност.[24] Истата го вклучува Запознајте ги вашите тролови, курс развиен од IWMF, за да им помогне на новинарите да ја идентификуваат злоупотребата што ја добиваат преку Интернет и лицата кои стојат зад неа, како и да понуди некои клучни стратегии за да бидат подобро подготвени да се справат со онлајн вознемирување и злоупотреба.

Онлајн платформата Gendersec Curricula, поставена од страна на Tactical Tech во Германија, е ресурс што опфаќа над 20 теми, исто така валидни за новинарите, како што се справување со „говор на омраза“; стратегии за отпор; креативно користење на социјалните

медиуми; технолошки суверенитет; справување со вознемиреност; ослободување на физички стрес; и мапирање информации и идентификување на ризици.[25]

Академијата за безбедност во медиуми Orkhan Dzhemal, на Фондацијата „Правда за новинари" нуди онлајн курсеви за обука во врска со прашањата поврзани со безбедноста на новинарите на руски јазик.[26]

Неколку граѓански организации обезбедуваат разновиден опсег на курсеви за обука за заштита на новинари, во некои случаи со силен родов пристап и решавање на онлајн малтретирање. Глобалната мрежа за истражувачко новинарство објавува список на својата веб-страница..[27]

**Прирачници за обука и поддршка за обучувачи:** Групата за борба против вознемирување Hollaback! обезбедува обука и има објавено неколку прирачници за обука. Исто така, ја координира иницијативата HeartMob за да промовира колегијална поддршка.[28]

TrollBusters го изработи инфографикот Дали ве вознемируваат онлајн? со цел да ги информира луѓето што да прават кога се малтретирани и злоупотребувани преку Интернет.[29]

## › Интегрирање на безбедноста на новинарите и родовата еднаквост во активностите за новинарско образование и институциите за обука

Образовните институции за новинарство и институциите за доживотна обука се клучни во едукацијата на новинарите. Поради тоа, тие можат да играат важна улога во осигурување дека студентите се обучени за прашањата поврзани со безбедноста, а особено, за онлајн малтретирање и злоупотреба. Институциите за доживотна обука, исто така, можат да обезбедат сегашните професионалци да го ажурираат своето знаење за влијанието на новите технологии, вклучително и онлајн малтретирањето и злоупотребата.

Темите за безбедност и род може да бидат во фокусот на конкретни работилници и семинари за да обезбедат форум за јавна дебата за улогата на медиумите, и за поттикнување добри практики. За да се збогати пристапот на студентите до овој вид на знаење, институциите за новинарство и обука можат да се здружат со граѓански организации, новинари и други клучни чинители кои поседуваат ажурирани алатки и практично искуство во областа на безбедноста, особено во врска со новинарките.

Зголемувањето на знаењето е основно за да се разберат најдобрите начини за справување со онлајн малтретирање и злоупотреба на новинарки. Во нивната истражувачка улога, образовните институции за новинарство можат да го зголемат академското истражување во оваа област, како и да организираат академски конференции и настани.

Соработка и партнерство меѓу академската заедница и практичарите е исто така клучно за да се збогати истражувањето, како што е

нагласено на состанокот од 2017 година за Планот за акција на ОН за безбедност на новинарите, и за прашањето на неказнивост.[30]

## Примери

**Интегрирање на безбедноста на новинарите во наставниот план и програма:** УНЕСКО, Меѓународната федерација на новинари и Генералниот директорат за високо образование во Либан објавија Модел курс за безбедност на новинари.[31] УНЕСКО, исто така, објави Модел наставна програма за новинарско образование - Зборник на нови наставни програми.[32] Факултетот за новинарство во рамките на Државниот универзитет на Баку во Азербејџан создаде програма за родова еднаквост и слобода на медиуми.[33]

**Организирање специфична обука:** Knight центарот за новинарство на Универзитетот во Тексас во Соединетите Американски Држави организира онлајн обука за прашања поврзани со безбедноста на новинарите.[34]

**Организирање академски конференции за безбедноста на новинарите:** Постојат две глобални академски конференции посветени на безбедноста на новинарите. УНЕСКО организира една годишно паралелно со Конференцијата посветена на денот на слободата на печатот.[35] Меѓународниот центар за новинарство и медиуми во рамките на универзитетот Метрополитен во Осло, Норвешка ја организира другата конференција, секој ноември.[36] Изводоци можат да се најдат на нивната веб-страница.[37] Покрај тоа, годишната конференција на Меѓународната асоцијација на медиуми и комуникациски истражувања вклучува панел за безбедноста

на новинарите во рамките на работната група за новинарско истражување и едукација.[38]

**Унапредување на академски истражувања за безбедност на новинарите:** Во последниве години, се повеќе се зголемува бројот на академски истражувања во врска со прашања кои се однесуваат на безбедноста на новинарите и конкретно на онлајн малтретирање и злоупотреба. На пример, во 2017 година, како резултат на првата Академска конференција на УНЕСКО за безбедност на новинарите, беше објавена книгата Напад на новинарството: Градење знаење за заштита на слободата на изразување за да се состави избор од поднесени трудови.[39] УНЕСКО објави Истражувачка агенда за безбедност на новинари за промовирање на академски истражувања во оваа област. Списанието „Медиуми и комуникација" објави тематски број насловен Преиспитување на безбедноста на новинарите, во кој се содржани два написи за насилството врз новинарките во Норвешка и Непал.[40]

**Зголемување на соработката во истражувањето:** Центарот за слобода на медиумите (CFOM) на Универзитетот Шефилд во Обединетото Кралство го промовираше создавањето на Истражувачка мрежа за безбедност на новинари за унапредување на соработката и размената помеѓу академици кои работат во областа на безбедност на новинарите.[41] Мрежата има затворена страница на Фејсбук за да ги поврзе своите членови.

**Создавање простори за проучување на безбедноста на новинарите:** Во 2018 година, на Центарот за слобода на медиумите беше оформена првата катедра на УНЕСКО за слобода на медиумите, безбедност на новинари и прашањето на неказнивост.[42] Катедрата на УНЕСКО за слобода на изразување на Универзитетот

во Гетеборг во Шведска, и Катедрата на УНЕСКО за комуникација на Универзитетот во Малага во Шпанија, исто така, се ангажираа за прашањето за безбедност на новинарите.[43] Школата за комуникација Аненберг на Универзитетот во Пенсилванија во Соединетите Држави на Америка го создаде Центарот за медиумски ризици за истражување и зголемување на знаењето за новинарите на ризик.[44] Иницијативата за глобална слобода на изразување на Универзитетот Колумбија создаде судска база на податоци која содржи случаи на напади врз новинари.[45]

## Фусноти на крај на поглавјето

**1** Michelle Ferrier, "Attacks and Harassment: The Impact on Female Journalists and Their Reporting", International Women's Media Foundation, TrollBusters, 2018, https://www.iwmf.org/wp-content/uploads/2018/09/Attacks-and-Harassment.pdf.
**2** "1370 Journalists Killed between 1992 and 2020 / Motive Confirmed", Committee to Protect Journalists (CPJ), https://cpj.org/data/killed/?status=Killed&motiveConfirmed%5B%5D=Con- firmed&type%5B%5D=Journalist&start_year=1992&end_year=2020&group_by=year.
**3** Lucy Westcott, "'The threats follow us home': Survey details risks for female journalists in U.S., Canada", CPJ news item, 4 September 2019, https://cpj.org/2019/09/canada-usa-female-journalist-safety-online-harassment-survey/.
**4** "La PDLI lanza el 'Observatorio contra el acoso online a mujeres periodistas'", Plataforma en Defensa de la Libertad de Información news item, 2 June 2018, http://libertadinformacion.cc/la-pdli-lanza-el-observatorio-contra-el-acoso-online-a-mujeres-periodistas.
**5** Op. cit. endnote 1.
**6** Valeria Costa-Kostritsky, "Targeting the messenger - Journalists face an onslaught of online harassment", Mapping Media Freedom, 2019, https://www.indexoncensorship.org/wp-content/uploads/2019/01/index-report-online-harassment-webv3.pdf.
**7** "Don't read the comments: Enhancing Online Safety for Women Working in the Media", Media Entertainment and Arts Alliance, Gender Equity Victoria, 2019, https://www.genvic.org.au/wp-content/uploads/2019/10/GV_MEAA_PolicyDoc_V5_WEB.pdf.
**8** Julie Posetti and Hannah Storm, "Violence Against Women Journalists - Online and Offline", GAMAG, 2019, https://gamag.net/wp-content/uploads/2019/09/Chapter-7.pdf.
**9** European Journalism Observatory, "Where are the women journalists in Europe's media", 2018, https://en.ejo.ch/research/where-are-all-the-women-journalists-in-europes-media
**10** Fojo Media Institute, "Gender aspects of employment and career in the media sector of Armenia, Georgia, Moldova, Russia and Ukraine", 2020, https://fojo.se/wp-content/uploads/2020/08/Gender-report-2020-ENG.pdf
**11** "Media Pluralism Monitor", Centre for Media Pluralism and Media Freedom, https://cmpf.eui.eu/mpm2020-results.
**12** Advancing Gender Equality in Media Industries (AGEMI), "A Resources Bank of good prac- tices", https://www.agemi-eu.org/mod/page/view.php?id=519.
**13** Reporters Without Borders, "Online Harassment of Journalists – Attack of the Trolls", 2018, https://rsf.org/sites/default/files/rsf_report_on_online_harassment.pdf.
**14** UN Human Rights, "Integrating Gender into Human Rights Monitoring", https://www.ohchr.org/Documents/Publications/Chapter15-20pp.pdf.
**15** Cynthia Rothschild, "Gendering Documentation: A Manual For and About Women Human Rights Defenders", Women Human Rights Defenders International Coalition, 2015, http://www.ishr.ch/sites/default/files/documents/whrd_ic_gendering_documentation_manual_1_1.pdf.
**16** The informal network can be reached via the address sojcoalition@lists.riseup.net.
**17** Media Freedom Rapid Response, https://www.mfrr.eu.
**18** Ending impunity: Guide to acting on UN standards on the safety of journalists, ARTICLE 19 news item, 2 November 2019, https://www.article19.org/resources/ending-impunity-guide-to-acting-on-un-standards-on-safety-of-journalists/.
**19** IFEX 5-minute Explainers, https://ifex.org/resources/5-minute-explainers/.
**20** International Media Support (IMS), "The safety of women journalists: Breaking the cycle of silence and violence", IMS Defending Journalism book series, October 2019, https://www.mediasupport.org/publication/the-safety-of-women-journalists/.

**21** "Tutorials", Ontheline Newsrooms, https://newsrooms-ontheline.ipi.media/tutorials/.
**22** "Online Harassment Field Manual", PEN America, https://onlineharassmentfieldmanual.pen.org.
**23** Ginger Gorman, "Five Ways to Protect Yourself Against Cyberhate and Trolls", Dart Center for Journalism and Trauma news item, 26 June 2017, https://dartcenter.org/resources/five- ways-protect-yourself-against-cyberhate-and-trolls.
**24** Totem project, https://totem-project.org/
**25** Gendersec, https://gendersec.tacticaltech.org
**26** Orkhan Dzhemal Media Safety Academy, https://jfj.academy
**27** "Safety and Security", Global Investigative Journalism Network, https://gijn.org/safety-and-security-organizations/
**28** Heart Mobinitiative, "Hollaback!", https://www.ihollaback.org/
**29** Online Pest Control for Journalists, "What to Do? Where to Go? Infographic", TrollBusters, https://yoursosteam.wordpress.com/what-to-do-infographic/.
**30** UNESCO, "Strengthening the Implementation of the UN Plan of Action on the Safety of Journalists and the Issue of Impunity", 2017, https://www.ohchr.org/Documents/Issues/Journalists/OutcomeDocument.pdf
**31** Michael Foley, Clare Arthurs, Magda Abu-Fadil, "Model course on safety of journalists: a guide for journalism teachers in the Arab States", 2017, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000248297
**32** UNESCO, "Model Curricula for Journalism Education – a Compendium of New Syllabi", 2013, https://bit.ly/3hJMUU3
**33** "Baku State University Journalism Faculty approves curriculum on gender equality and media", Council of Europe, 1 April 2019, https://bit.ly/2ZXMtiJ.
**34** Knight Center for Journalism at the University of Texas, https://knightcenter.utexas.edu/.
**35** "World Press Freedom Day Conference 2020" website, UNESCO, https://en.unesco.org/ commemorations/worldpressfreedomday.
**36** Journalism and Media International Center, Oslo Metropolitan University, https://uni.oslomet.no/jmic/
**37** "Book of Abstracts 2019", MEKK, Oslo Metropolitan University, https://blogg.hioa.no/mekk/ conferences/safety-of-journalists-digital-safety-2019/book-of-abstracts-2019-conference/.
**38** International Association of Media and Communication Research, IAMCR, https://iamcr.org/.
**39** Ulla Carlsson and Reeta Pöyhtäri, "The Assault on Journalism: Building knowledge to pro- tect freedom of expression", Nordicom, 2017, https://www.nordicom.gu.se/en/publikationer/assault-journalism.
**40** Kristin Skare Orgeret and William Tayeebwa, "Rethinking Safety of Journalists, In Media and Communication", Open Access Journal, Volume 8, Issue 1 (2020), https://www.cogitatiopress.com/mediaandcommunication/issue/viewIssue/161/PDF161
**41** "Journalism Safety Research Network", Centre for Freedom of the Media - University of Sheffield, http://www.cfom.org.uk/our-networks/journalism-safety-research-network/
**42** "UNESCO Chair on Media Freedom, Journalism Safety and the Issue of Impunity", CFOM, University of Sheffield, http://www.cfom.org.uk/about/unesco-chair-on-media-freedom-journalism-safety-and-the-issue-of-impunity/.
**43** For example, the UNESCO Chair on Freedom of Expression at the University of Gothen- burg organized, in co-operation with UNESCO, a conference on the safety of journalists in 2016: https://jmg.gu.se/english/current/news/Nyhet_detalj//safety-of-journalists--internation- al-research-conference-paved-the-way-for-academic-research-cooperation.cid1373726.
**44** Center for Media @Risk, Annenberg School for Communication, University of Pennsylvania, https://www.ascmediarisk.org/.
**45** Global Freedom of Expression Case Law Database, Columbia University, https://globalfreedomofexpression.columbia.edu/




# Новинари и медиумски работници

# Предложени дејствија

1. Следење и проценка на ризикот за новинарките;

2. Практикување холистички пристап кон безбедноста и сигурноста, вклучувајќи и физичка, правна, психосоцијална и дигитална безбедност;

3. Документирање и пријавување закани и напади;

4. Поддршка на колегите кои се соочуваат со онлајн злоупотреба и малтретирање, и оние кои се изложени на поголем ризик да доживеат такви напади;

5. Информирање за достапните форми на поддршка, вклучувајќи ги и правните механизми.

# 10. Новинари и медиумски работници
## Утврдување на приоритети за самозаштита и колегијална поддршка

Работата на новинарите доаѓа со многу ризици. Новинарките, сепак, се соочуваат со дополнителен слој на ризик само затоа што се жени. Онлајн вознемирувањето и злоупотребата се јасен пример за напад кој посериозно ги напаѓа жените отколку мажите.[1] Новинарките кои имаат искусено онлајн напади се клучни во дефинирање и спроведување сеопфатни решенија. Овој пристап се рефлектира во Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 3/18 за безбедноста на новинарите. Во оваа одлука, земјите учеснички на ОБСЕ признаваат дека концептот на безбедност не значи само отсуство на физичка штета, но, исто така, бара соодветни работни услови, и психолошка, правна и дигитална безбедност.[2] Додека државните и недржавните чинители немаат свои обврски во врска со безбедноста на новинарките, како што беше претставено во претходните поглавја, новинарките практикуваат холистичка самозаштита за да ги спречат, ублажат и реагираат на нападите. Покрај тоа, сите новинари можат да им дадат поддршка на своите колеги во спречување, ублажување или реагирање на онлајн злоупотребата.

**Во Одлуката на министерскиот совет на ОБСЕ бр. 3/18, 57-те земји учеснички на ОБСЕ „признаваат дека работата на новинарите може да ги стави нив и членовите на нивните семејства на ризик од насилство, како и заплашување и малтретирање, вклучително и преку дигитални технологии, кои можат да ги одвратат новинарите да продолжат со својата работа или да доведат до „самоцензура“. Дополнително, земјите учеснички „се загрижени од различните ризици со кои се соочуваат новинарките во однос на нивната работа, вклучително и преку дигиталните технологии, и ја нагласуваат важноста да се обезбеди нивна најголема можна безбедност, и дека искуствата и грижите на новинарките се третираат делотворно“.**

## › Следење и проценка на ризикот за новинарките

Проценката на ризикот стана добро позната како добра практика во областа на безбедноста на новинарите. За да се обезбеди холистичка заштита, медиумите мораат, заедно со новинарките, да спроведуваат редовни проценки на ризик кои вклучуваат ризици што се материјализираат како резултат на професијата, како и ризици поврзани со тоа да се биде жена, и други форми на нивниот идентитет.

Пред почетокот на задача, новинарите треба да ги пополнат шаблоните за проценка на ризикот овозможени од страна на медиумите, со цел заеднички да се утврди кои сè мерки на претпазливост и заштитни мерки се потребни за безбедно завршување на задачата. Ваквите проценки на ризик треба да се прилагодат и ажурираат според секоја задача.

Пошироко, новинарите можат да бидат во тек со истражувањето за онлајн малтретирање и злоупотреба. Новинарите кои се помалку изложени на ризик од овие видови на напади треба да развијат начини да станат сојузници со оние кои се изложени на поголем ризик, на пример со ангажирање во истражување и следење. Овој пристап поддржува негување на работна култура, каде што нападите врз новинарките, како што се онлајн малтретирање и злоупотреба, се сфаќаат како напади врз новинарството. Ова може да им овозможи на новинарките подобро да го проценат ризикот, да ги идентификуваат заканите и да ги пријавуваат нападите, наместо да ја нормализираат злоупотребата.

### › Практикување холистички пристап кон безбедноста и сигурноста, вклучувајќи и физичка, правна, психосоцијална и дигитална безбедност;

Холистички поглед на безбедноста на новинарите опфаќа физичка безбедност, дигитална сигурност, и психосоцијална грижа, како и како обука за запознавање со нивните права. За новинарките, ова особено треба да содржи информации и професионален развој за тоа како да се биде безбеден при изложување на родово онлајн малтретирање и злоупотреба.

Новинарките се охрабруваат да учествуваат во курсеви за обука за безбедност, особено на теми како што се забележување манифестации на онлајн малтретирање и злоупотреба, користење на алатки за дигитална безбедност, и безбедна навигација на Интернет. Како подготвителен чекор, се препорачува новинарките да добијат добро разбирање на опциите за пријавување на насилство достапни на платформите за социјални медиуми што ги користат.

Онлајн вознемирувањето и злоупотребата честопати имаат ескалаторна природа, понекогаш започнуваат со микро-агресии - посуптилни омаловажувања и навреди - и брзо се интензивираат во сериозни закани. Индивидуалните микро-агресии, иако навидум не се заканувачки, можат да се акумулираат за да создадат сериозни психолошки последици за новинарките, или тие можат да бидат предвесници на посериозни напади. Важно е новинарките да и дадат приоритет на психосоцијалната благосостојба со де-нормализирање на микро-агресиите, да научат да идентификуваат трауми и да добијат моќ за да практикуваат грижа за самите себе.

Други начини на кои новинарите можат да придонесат за холистичката безбедност на новинарките е со тоа што ќе останат информирани за упатствата за онлајн безбедност на медиумската организација, кои можат периодично да се менуваат, и да инсистираат на донесување политики и протоколи за решавање на онлајн малтретирање и злоупотреба, доколку истите сè уште не постојат. Тие, исто така, можат да работат со новинарки за да спроведат проценки на ризик и да воспостават безбедносни планови кои ќе се однесуваат на родово-засновано онлајн малтретирање и злоупотреба.

## › Документирање и пријавување закани и напади

Кога доживуваат напади, новинарките треба да се обидат да ги документираат ситуациите штом истите се случат, доколку тие се чувствуваат удобно правејќи го тоа, и ако е можно, да ги споделат овие информации со соодветните пунктови за поддршка во рамките на медиумот. Колегите можат да помогнат со правење на двете работи,

ако новинарката не се чувствува удобно да го направи тоа самата. Пријавувањето на инциденти, исто така, може да биде формално поднесено до работодавачите, платформите за социјални медиуми и агенциите за спроведување на законот, во зависност од природата на агресијата.

Во некои околности, новинарките можат да изберат вербално да се спротивстават на нападот, или на широко да зборуваат за нападот, или да му се обратат директно на напаѓачот. Тоа може да биде моќен начин за запирање на онлајн малтретирањето и злоупотребата, но во некои случаи, тоа може да доведе до повеќе напади. Затоа, таквата тактика треба да се спроведе заедно со проценка на ризикот. Консултирање со колегијалните мрежи за поддршка, уредници и/или советници за безбедност исто така, може да помогне во одредувањето на тоа дали ова е најдобриот начин на дејствување.

### › Поддршка на колегите кои се соочуваат со онлајн злоупотреба и малтретирање, и оние кои се изложени на поголем ризик да доживеат такви напади

Како колеги, индивидуалните новинари можат да бидат сојузници во борбата против родово-заснованото малтретирање и злоупотреба. Новинарите и медиумските работници можат да помогнат во обликувањето на сеопфатна организациска култура (видете исто така Поглавје Седум) за да можат да пружат поголема поддршка и да ги охрабрат оние лица кои што може да доживеат напади, или оние кои припаѓаат на група со повисок ризик врз основа на нивниот идентитет или работа.

Мрежите во заедницата можат да обезбедат непосредна поддршка за новинарите кои се соочуваат со родово-засновано малтретирање и злоупотреба. Новинарките можат да формираат мрежи за поддршка од колеги, составени од доверливи лица, како што се други колеги, семејство и пријатели. Мрежата може да биде место каде што лицата можат да добијат поддршка доколку се случи напад. Новинарите се охрабруваат да споделуваат искуства и совети, да работат заедно за да создадат водичи за безбедност за колегите новинари, и да создадат сојузи со нивната онлајн публика.

## › Информирање за достапните форми на поддршка, вклучувајќи ги и правните механизми

Природата на онлајн малтретирањето и злоупотребата е комплексна и повеќе-димензионална. Повредува неколку области на човекови права, заштитени на различни начини преку национално законодавство, регионални тела и меѓународни стандарди за човекови права. Новинарките можат да станат агилни во навигацијата на онлајн теренот и слоевитоста на ризиците со тоа што ќе останат информирани за нивните права во рамите на национални и меѓународни рамки околу родовата еднаквост, безбедноста на новинарите, слободата на изразување, дигитални комуникации, како и други релевантни области. На овој начин, новинарките можат да ги идентификуваат различните механизми за да добијат поддршка кога се соочуваат со онлајн малтретирање и злоупотреба.

Покрај заштитата што потенцијално ја нудат државите и меѓувладините тела, новинарките можат да имаат корист од запознавање со условите

и упатствата на заедницата на онлајн платформите што ги користат, како и со соодветните политики на нивните работодавачи за онлајн ангажман.

Во некои случаи, новинарките можат да размислат за приклучување кон организации и мрежи за правна поддршка.

## Извори

- TrollBusters создаде инфографик, Дали сте се малтретирани онлајн?, кој во детали ги објаснува дејствијата што можат да ги преземат новинарките во зависност од природата на онлајн нападите против нив.[3]

- Теренскиот прирачник за онлајн вознемирување за писатели и новинари, на Американскиот PEN, обезбедува серија практични препораки и совети, исто така фокусирани на жените.[4]

- Видео упатствата припремени од страна на Меѓународниот институт за печат ги упатуваат новинарките како да се справат со онлајн малтретирањето од правна и психосоцијална перспектива.[5]

- Hollaback! обезбедува обука и има објавено неколку ресурси со практични алатки со кои жените можат да интервенираат кога се малтретирани.[6] Исто така, им олеснува на заедниците за поддршка, преку својот проект HeartMob.

- Free Press Unlimited ја создаде онлајн платформата Totem со материјали за обука за дигитална безбедност.[7] Истата содржи и вебинар Запознај ги твоите тролови, развиен од страна на Меѓународната фондација за женски медиуми.

- Tactical Tech го создаде XYZ, простор за споделување практични алатки за навигација во дигиталната безбедност за жени.[8] Исто така, ја создаде Јас и мојата сенка - Центар за апликации, збирка алатки, апликации и услуги со отворен изворен код за подобра приватност и управување со дигитални траги.[9]

- Глобалната волонтерска мрежа за решавање на родовото насилство, CHAYN, го создаде CHAYNDIY, водич за онлајн безбедност за жени.[10]

- Совети и алатки за побезбедна онлајн комуникација можат да се најдат на веб-страницата Surveillance Self-Defense на организацијата Electric Frontier Foundation.[11]

- Дигиталниот комплет за прва помош создаден од страна на Digital Defenders Partnership дава совети за тоа како да се решаваат највообичаените видови на дигитални закани.[12]

- Некои организации обезбедуваат итна и правна поддршка, како стипендии за нападнати новинарки, како што се членови на IFEX и групи кои учествуваат во Мрежи на новинари во неволја.[13] Други организации вклучуваат Фонд за дигитална слобода, Пристапи сега и Европскиот центар за печат и слобода на медиуми.

- Во Обединетото Кралство, Втор извор беше создаден како професионална мрежа за новинарки за справување со вознемирување во медиумите и промовирање на свест за правата.[14]

- **OnlineSOS** им дава моќ на луѓето што се соочуваат со онлајн малтретирање, обезбедувајќи алатки и споделување на експертиза и добри практики.[15]

# Фусноти на крај на поглавјето

**1** Mozilla Foundation, "Women journalists feel the brunt of online harassment", April 2019, https://internethealthreport.org/2019/women-journalists-feel-the-brunt-of-online-harassment/.
**2** OSCE, Ministerial Council Decision No. 3/18, "Safety of Journalists", 7 December 2018, https://www.osce.org/chairmanship/406538?download=true.
**3** "What to Do? Where to Go? Infographic", TrollBusters, https://yoursosteam.wordpress.com/what-to-do-infographic/.
**4** "Online Harassment Field Manual", PEN America, https://onlineharassmentfieldmanual.pen.org/.
**5** "Tutorials", On the Line Newsrooms, https://newsrooms-ontheline.ipi.media/tutorials/.
**6** Hollaback!, https://www.ihollaback.org/.
**7** Totem Project, https://totem-project.org/.
**8** XYZ, https://xyz.informationactivism.org/.
**9** "Alternative App Centre", Me and My Shadow, https://myshadow.org/resources.
**10** "Do it yourself online safety", https://chayn.co/safety/.
**11** "Tips, Tools and How-tos for Safer Online Communications", Surveillance Self-Defense, https://ssd.eff.org/.
**12** "Digital First Aid Kit", Digital Defenders Partnership, https://www.digitaldefenders.org/digitalfirstaid/.
**13** Committee to Protect Journalists, Journalists in Distress (JID) Network, https://cpj.org/emergency-response/journalists-in-distress-network.php.
**14** The Second Source, http://www.thesecondsource.co.uk.
**15** Online SOS, https://onlinesos.org/

# За авторките

**Д-р Силвија Чокаро** е новинарка и борец за слободата на изразување. Таа е раководител на одделението за заштита во организацијата ARTICLE 19. Таа е член на Советот на IFEX и е член на специјализирани тела во рамките на Универзитетот во Шефилд и Централно-европскиот универзитет. Во последните 20 години, таа има работено за медиуми, граѓански групи и меѓувладини организации, како што е УНЕСКО, каде што има работено на развој на Планот за акција на ОН за безбедност на новинарите, и на прашањето за неказнување. Таа е автор на неколку публикации за родот и медиумите. @silviachocarro

**Сара Кларк** е раководител на тимот на организацијата ARTICLE 19 во Европа и Централна Азија. Таа е експерт во Columbia Free Expression и е член на комитетот за правни работи на Европскиот центар за печат и слобода на медиуми. Шест години, таа управуваше со меѓународната политиката на PEN и се бавеше со застапничка работа, го надгледуваше ангажманот со ОН и регионалните механизми за човекови права. Сара има работено како консултант за OHCHR, UNHCR, ОБСЕ, и универзитетите Оксфорд и Харвард за прашања поврзани со слободата на изразување, азил и миграција. @sarah_m_clarke

**Паулина Гутиерез** е адвокатка за меѓународните човекови права, борец за слободата на изразување и родова еднаквост. Таа ги води портфолијата за граѓанските простори и заштита во рамките на Програмата за закон и политика на организацијата ARTICLE 19, вклучувајќи говор на омраза, род, протести и заштита на новинарски прашања. Пред тоа, таа ја водеше стратегијата за дигитални права во Регионалната канцеларија на ARTICLE 19 во Мексико. Нејзиното искуство вклучува 12 години работа на истражувањето за политиката на човековите права, и советодавни услуги во врска со кршење на човековите права во Латинска Америка. @paulinagtzr

**Џуди Таинг** е раководител на одделението за род и сексуалност во рамките на ARTICLE 19. Таа ја разви и ја спроведува меѓу-секторската родова стратегија, Методот Мх. Таа, исто така, е член на Советодавниот одбор за онлајн вознемирување во рамките на Меѓународната фондација за медиумски жени. Пред да се придружи на ARTICLE 19, таа работеше во Канцеларијата на истражни судии во рамките на програмата на Обединетите нации за помош на судењата Khmer Rouge во Камбоџа. @judytaing

# Прилог

## Одлука на Министерскиот Совет на ОБСЕ бр.3/18 за Безбедност на новинари[1]

Министерскиот совет,

Потврдувајќи ги сите релевантни заложби на ОБСЕ за правото на слобода на изразување, слобода на медиумите и проток на информации, вклучувајќи го и Хелсиншкиот завршен документ од 1975 година, и Копенхагенскиот документ од 1990 година, каде што земјите учеснички потврдија дека правото на слобода на изразување вклучува слобода на свое мислење како и примање и пренесување на информации и идеи без вмешување од страна на јавните власти и без оглед на границите,

Имајќи предвид дека секој има право на слобода на мислење и изразување, во согласност со Универзалната декларација за човекови права, особено член 19, и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (ICCPR), особено член 19, и дека истиот претставува една од суштинските основи на едно демократско општество и еден од основните услови за негов напредок и развој,

Исто така, имајќи предвид дека сите ограничувања на правото на слобода на изразување можат да бидат ограничени само со закон и се неопходни врз основа на ставовите наведени во став 3 од член 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права,

Потврдувајќи дека независните медиуми се од суштинско значење за слободно и отворено општество и одговорни системи на владеење, и се од особено значење за заштитата на човековите права и основните слободи, како што е наведено во Документот од 1991 година усвоен на состанокот на Конференцијата на

човековата димензија на ОБСЕ, одржан во Москва.

Признавајќи дека новинарството и технологијата се во постојан развој и дека тоа придонесува за јавна дебата, и тоа исто така може да го прошири опсегот на ризици кои ја потиснуваат безбедноста на новинарите,

Имајќи ја предвид важноста од промовирање и заштита на безбедноста на новинарите за имплементација на релевантните цели за одржлив развој и целите на агендата за одржлив развој на Обединетите нации до 2030 година,

Признавајќи дека работата на новинарите може да ги стави нив и членовите на нивните семејства под ризик од насилство, како и заплашување и малтретирање, вклучително и преку дигитални технологии, што може да ги одврати новинарите да ја продолжат својата работа или да доведе до самоцензура,

Забележувајќи со загриженост, дека употребата на непотребни рестриктивни мерки против новинарите може да влијае на нивната безбедност и да ги спречи да даваат информации за јавноста, а тоа негативно влијае врз остварувањето на правото на слобода на изразување,

Потврдувајќи дека медиумите, на својата територија, треба да имаат неограничен пристап до странските вести и информативни услуги, со кои јавноста ќе ужива во слична слобода на примање и споделување информации и идеи, без вмешување на јавната власт, без оглед на границите, вклучително и преку странски публикации и странски радио станици, и дека секое ограничување во поглед на остварувањето на ова право ќе биде пропишано

со закон и во согласност со меѓународните стандарди, како што е наведено во Документот од 1991 година усвоен на состанокот на Конференцијата за човековата димензија на CSCE, одржан во Москва,

Загрижени дека повредите и злоупотребите на правото на заштитеност од произволно или незаконско вмешување во приватноста може да влијае на безбедноста на новинарите,

Длабоко загрижени од сите повреди и злоупотреби на човекови права во однос на безбедноста на новинарите, вклучувајќи ги и оние кои вклучуваат убиства, мачење, присилно исчезнување, произволно апсење, произволно притворање и произволно протерување, заплашување, малтретирање и закани во сите форми, како што се физички, правни, политички, технолошки или економски, наменети за да се потисне нивната работа,

Загрижени од карактеристичните ризици со кои се соочуваат новинарките во однос на нивната работа, вклучително и преку дигитални технологии, нагласувајќи ја важноста да се обезбеди нивна најголема можна безбедност и дека искуствата и проблемите на новинарките се делотворно решени,

Препознавајќи ја клучната улога на новинарите кои известуваат за изборите, особено во врска со информирањето на јавноста за кандидатите, нивните платформи и тековните дебати, и изразувајќи сериозна загриженост во врска со закани и насилнички напади со кои новинарите можат да се соочат во таа смисла,

Препознавајќи ја важноста на истражувачкото новинарство, и дека способноста на медиумите да истражуваат и да ги објават

резултатите од нивните истражувања, вклучително и на интернет, без страв од одмазда, може да игра важна улога во нашето општество, вклучувајќи и барање на одговорност од јавни институции и надлежни службени лица,

Вознемирени од сè поголемиот број на кампањи насочени кон потиснување на работата на новинарите, што ја потиснува довербата на јавноста во веродостојноста на новинарството, и признавајќи дека ова може да го зголеми ризикот од закани и насилство врз новинарите,

Исто така вознемирени од случаите во кои политички лидери, носители на јавни функции и/или органи заплашуваат, се закануваат, осудуваат или не успеваат да го осудат насилството врз новинарите,

Изразувајќи длабока загриженост во врска со растечката закана за безбедноста на новинарите од страна на, меѓу другото, терористички групи и криминални организации,

Нагласувајќи, исто така, одредени ризици во однос на безбедноста на новинарите во дигиталната ера, вклучувајќи ја особено ранливоста на новинарите да станат цел на хакирање, или незаконски или произволен надзор, или следење на комуникациите, потиснување на уживањето на нивното право на слобода на изразување, и нивното право да бидат ослободени од произволно или незаконско вмешување во приватноста,

Потврдувајќи дека земјите учеснички ги осудуваат сите напади и малтретирања на новинари и ќе настојуваат оние кои се директно одговорни за такви напади и малтретирање да одговараат за своите

постапки, како што е наведено на Самитот на Конференцијата за европска безбедност и соработка, одржан во Будимпешта во 1994 година, а исто така, признавајќи дека одговорноста за кривични дела против новинарите е клучен елемент во спречување на идни напади,

Потенцирајќи ја важноста за одбележување на 2 ноември, Меѓународниот ден на борба против неказнувањето на злосторства против новинари (IDEI), прогласен од страна на Генералното собрание на Обединетите нации,

Нагласувајќи ја, со загриженост, културата на неказнување која преовладува кога насилните напади извршени против новинарите остануваат неказнети, и признавањето на улогата на владите, законодавната и судската власт во овозможување на безбедна работна средина и обезбедување на безбедност на новинарите со, меѓу другото, јавно осудување и доведувајќи ги пред правдата сите оние кои се одговорни за злосторства против новинари,

Потсетувајќи на резолуциите на Советот за безбедност на Обединетите нации 1738 (2006) и 2222 (2015), со кои се осудуваат сите сторени прекршувања и злоупотреби против новинари, медиумски професионалци и поврзан персонал во ситуации на вооружен конфликт, а во кои се наведува дека новинарите, медиумските професионалци и поврзаниот персонал кој учествува во опасни професионални мисии во области на вооружен конфликт, треба да се сметаат за цивили и ќе бидат заштитени како такви, под услов да не преземаат дејства кои неповолно ќе влијаат на нивниот статус како цивили,

Ги повикува земјите учеснички:

1. Целосно да ги спроведат сите заложби на ОБСЕ и на своите меѓународни обврски во врска со слободата на изразување и слободата на медиумите, вклучително и почитување, промовирање и заштита на слободата за барање, примање и давање информации без оглед на границите;

2. Целосно да ги усогласат нивните закони, политики и практики, кои се однесуваат на слободата на медиумите, со нивните меѓународни обврски и задолженија, и да ги прегледаат, каде што е потребно, да ги укинат или изменат, така што тие нема да ја ограничуваат способноста на новинарите да ја извршуваат својата работа независно и без непотребно вмешување;

3. Јавно и недвосмислено да ги осудат сите напади и насилства врз новинарите, како што се убиства, мачење, присилно исчезнување, произволно апсење, произволно притворање и произволно протерување, заплашувања, малтретирање, и закани во сите форми, како што се физички, правни, политички, технолошки или економски, што се користат за да се потисне нивната работа и/или непримерно присилување за затворање на нивните канцеларии, вклучително во конфликтни ситуации;

4. Исто така, јавно и недвосмислено да ги осудат нападите врз новинарите во врска со нивната работа, како што се сексуално вознемирување, злоупотреба, заплашување, закани и насилство, вклучително и преку дигитални технологии;

5. Побараат итно и безусловно ослободување на сите новинари кои биле произволно уапсени или притворени, земени како заложници или кои станале жртви на присилно исчезнување;

6. Преземат ефикасни мерки за ставање крај на неказнувањето за злосторства извршени врз новинари, со осигурување на одговорност како клучен елемент во спречувањето на идни напади, вклучително и преку осигурување дека агенциите за спроведување на законот спроведуваат брза, ефикасна и непристрасна истрага за акти на насилство и закани против новинари, со цел сите оние што се одговорни да се донесат пред лицето на правдата, и да се осигураат дека жртвите имаат пристап до соодветни правни средства;

7. Апелираат до политичките лидери, носители на јавни функции и/или надлежните органи, да се воздржат од застрашување, заканување или одобрување - и недвосмислено да го осудат - насилството врз новинарите, со цел да се намалат ризиците или заканите со кои новинарите можат да се соочат, и да се избегне потиснувањето на довербата во кредибилитетот на новинарите, вклучително и почитување на важноста на независното новинарство;

8. Се воздржат од самоволно и незаконско вмешување во употребата на енкрипција од страна на новинарите и технологиите за анонимност, и да се воздржат од вработување незаконски или произволни техники за надзор, истакнувајќи дека таквите акти го повредуваат уживањето на човекови права

од страна на новинарите, и може да ги стави на потенцијален ризик од насилство и закани за нивната безбедност;

9. Ги охрабрат државните органи и агенциите за спроведување на законот да се вклучат во активности за подигање на свеста и обуки поврзани со потребата да се осигура безбедност на новинарите и да се промовира вклучување на граѓанското општество во такви активности, онаму каде што е соодветно;

10. Да воспоставaт или зајакнат, каде што е можно, национално прибирање податоци , анализа и известување за напади и насилство врз новинари;

11. Да се осигураат дека законите за клевета не пропишуваат прекумерни санкции или казни што можат да ја потиснат безбедноста на новинарите и/или ефективно да ги цензурираат новинарите и да се мешаат во нивната мисија за информирање на јавноста и, каде што е потребно, да ги ревидираат и укинат таквите закони, во согласност со обврските на земјите учеснички според меѓународното право за човекови права;

12. Поефикасно да ја спроведуваат применливата законска рамка за заштита на новинарите и сите релевантни задолженија на ОБСЕ;

13. Целосно да соработуваат со Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите, вклучително и за прашањето за безбедност на новинарите;

14. Го поттикнуваат постојаното застапување и промовирање на безбедноста на новинарите во сите земји учеснички на ОБСЕ од страна на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите и во сите земји учеснички на ОБСЕ, во согласност со неговиот/нејзиниот мандат.

Фусноти на крај на поглавјето

**1** The Ministerial Council of the Organization for Security and Co-operation in Europe, 7 December 2018, https://www.osce.org/files/f/documents/a/c/462187.pdf



Онлајн вознемирувањето и злоупотребата на новинарки стана голема опасност за професијата. Опасност која се заканува на способноста на новинарките да ја работат својата работа. Го повредува нивното право на слободно изразување бидејќи го отежнува слободниот и отворен пристап до информации за сите членови на општеството.

Овој #SOFJO Водич за ресурси формулира одговор на таа закана. Има за цел да им помогне на државите и на недржавните чинители во регионот на ОБСЕ за преземање на реални дејства за подобрување на онлајн безбедноста на новинарките. Практиките презентирани во овој водич се примери на начини на кои може да се остварат меѓународните стандарди и задолженија.

Овој #SOFJO Водич за ресурси им нуди краток избор на најрелевантни и остварливи чекори на сите клучни чинители. Земени заедно, овие чекори формираат меѓусебно поврзана структура во која новинарките можат да продолжат со нивната професија онлајн, на еден побезбеден начин.

За жал, не постои ништо виртуелно во врска со оваа форма на злоупотреба и насилство. Тоа е вистински проблем кој бара вистински решенија.

Време е делата да зборуваат.

OSCE
The Representative on
Freedom of the Media